**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 ноември 1998 година**

Седницата се одржа во просториите на Владата на Република Македонија, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа,

Најнапред едно извинување за ова 25-минутно задоцнување, но јас се надевам дека ќе имате разбирање за државничките обврски на претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров, а вообичаено е претседателот на Парламентот на вакви седници да влезе заедно со претседателот на државата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Втората седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници, почитувани гости

Дозволете ми од мое и од Ваше име да ги поздравам претседателот на Република Македонија, господин Киро Глгиоров; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; мандаторот и предложените кандидати за состав на Влада на Република Македонија; началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија; претседателот на Македонската академија на науките и уметностите; Ректорот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" Скопје; Поглаварот на Македонската православна црква архиепископот Охридски и Македонски господин господин Михаил; претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија; Бискупот на Скопско-Призренската бискупија; претседателот на Државната изборна комисија и шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и претставници на мегународни организации на Република Македонија.

Записникот од Првата седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешките на записникот?

(Нема)

Констатирам дека записникот од Првата седниа на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
3. Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија; и
4. Избор на Владата на Република Македонија.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Дали има неко против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Извештајот на Верификационата комисија ви е поделен.

Отворам претрес по извештајот на Верификационата комисија.

Има збор претседателот на Верификационата комисија, господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, по повод дополнителниот извештај на Републичката изборна комисија треба да се утврдат мандати уште на 7 избрани пратеници во изборните единици 2,4,14,34,41,47 и 61 .

Дополнителниот извештај за спроведување на избори за избор на 7 пратеници во Собранието на Република Македонија, ви е доставен.

Денес Верификационата комисија го разгледа овој извештај и утврди дека сите 7 кандидати ги исполнуваат условите со кои се сметаат за избрани пратеници.

Согласно на тоа предлагам, во изборна единица број 2 која ги опфаќа

Делчево и дел од Македонска Каменица е избран Мирко Иванов.

Во изборна единица 4 дел од Кочани е избран кандидатот Ванчо Ѓорѓиев.

Во изборна единица број 14 што ги опфаќа Чешиново дел од Облешево, дел од Пробиштип, Злетово и Карбинци е избран Чедо Петров .

Во изборна единица број 34 Битола, дел од Бистрица, дел Новаци и Бач, Старавина, Могила, Кукуречани и Добришани е избран Владо Сугаревски.

Во изборна единица 41 Македонски Брод, Пласница, Самоков, Србиново дел од Кичево, дел од Друговo и Вранешница е избран Љупче Ристевски.

Во изборна единица број 47 дел од Охрид е избран Митко Тилевски.

Во изборна единица број 61 дел од Тетово, Теарце, дел од Брвеница, дел од Јегуновци, дел од Вратница е избран Борче Сибиновски.

Од причините изнесени во писмениот извештај предлагам на овие колеги да им се верифицира мандатот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Верификационата комисија за извештајот.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање извештајот и предлогот на Верификационата комисија.

Кој е за извештајот и предлогот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според тоа констатирам дека предложените пратеници од страна на претседателот на Верификационата комисија се избрани за пратеници и им го честитам изборот.

Преминуваме на втората точка Предлог за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Согласно одредбите на Привремениот деловник на Собранието, бројот на потпрестедателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието.

Со оглед на надлежностите и задачите на Собранието предлагам Собранието да има два потпретседатели.

Предлогот го имате добиено во писмена форма.

Сега сакам да дадам едно објаснување во врска со овој предлог.

Како претседател на Собранието сметав дека дел е на парламентарната практика претставник на најголемата опозициона партија да добие едно потпретседателско место. Во два наврати со координаторите на парламентарните групи водев расправа, заложувајќи се и барајќи аргументи за таквиот предлог. Меѓутоа пратеничката група на СДСМ како најголема опозициона пратеничка група во Парламентот денес ме извести дека тие немаат предлог и не ни дадоа воопшто простор за друго размислување. Според тоа јас отидов на овој предлог за два потпретседатели. Тоа е повеќе како едно објаснување, како една желба моја, но ја почитувам и вољата ставот и мислењето на најголемата опозициона партија СДСМ и во таа смисла предложив двајца потпрестедатели.

Отворам претрес по овој предлог.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динто Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници,

Функцијата потпрестедател е уставна категорија и најлегитимно право и деловничко на претседателот на Собранието е да го предлага бројот на потпрестедателите. Во тој дел ништо не е спорно и пратеничката група на СДСМ ќе ја поддржи оваа одлука за потпретседатели на Собранието на РМ да бидат двајца.

Што се однесува на делот на образложението на претседателот на Собранието, точно е тоа дека во политичките договори и разговори се водеа разговори пратеничката група на СДСМ дали ќе даде свој кандидат за потпретседатели или не.

Пратеничката група на СДСМ тргнувајќи од досегашната парламентарна практика во РМ како во првиот парламентарен состав така и во вториот парламентарен состав, би сакал да напоменам дека во првиот парламентарен состав после изгласување на недоверба на експертската влада Партијата на ВМРО-ДПМНЕ го повлече својот потпретседател и Парламентот работеше без свој потпрестедател односно најголемата опозициона партија во тој период немаше свој потпретседател кој учествуваше во

работата на Парламентот.

Во вториот парламентарен состав, со повлекување на пратеничката група на ЛДП исто така како најголема опозициона партија и таа не учествуваше со свој потпрестедател.

Тргнувајќи од оваа парламентарна пракса во Република Македонија СДСМ одлучи и тој да не даде свој кандидат за потпретседател. Тоа во никој случај тоа не значи дека пратеничката група на СДСМ во овој парламент нема да ја води својата улога на конструктивна опозиција и ќе учествува во сите работни тела, особено во делот каде според составот на пратениците и припаѓа на оваа пратеничка група и да раководи со работни тела и се она што значи овој законодавен дом, давајќи свој придонес и конструктивен дел за расправата по сите законодавни акти, закони и други подзаконски акти. Тоа е делот на кој се одлучи пратеничката група во своет; делување, во овој Парламент да не учествува со свој претставник за потпретседател.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Гештаковски за објаснувањето.

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Колку за објаснување, бидејќи претсдателот на Собранието не најде за сходно да го спомне и барањето на нашата пратеничка група односно ставот на нашата пратеничка група изнесен во разговорите кај претседателот, дека ние оценивме, во овој случај при предлагањето на бројот на потпретседателите од одредени пратенички групи не е испочитуван бројот на пратениците кои што ги имаат оддел ни пратенички групи. Од тие принципиелни причини и ние побаравме, доколку веќе сите бидат вклучени со потпретседатели и на нашата пратеничка група да и се овозможи да дадеме потпретседател, а доколку не се испочитува овој принцип што ние го поврзавме со бројот на пратениците и ние не прифаќаме да дадеме потпретседател на Собранието. Во секој случај тоа колку да се знае за јавноста.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Таири за дообјаснувањето.

Сакам само да кажам дека на последниот состанок на координацијата на координаторите на пратеничките групи рековме дека доколку СДСМ не предложи кандидат односно не го прифати потпретседателското место, тогаш навистина е нелогично втората по бројност опозициона партија да биде застепена со потпрестедателско место а првата да не биде застапена. И тогаш беше донесена одлука ако СДСМ прифати, во тој случај ќе стане реално да прифатиме и четврт потпретседател а тоа да биде втората опозициона по број група. Затоа, сметав, кога го слушнав мислењето и ставот утринава на координаторот на Пратеничката група на СДСМ дека тие одлучиле да не го прифатат тоа место, сметав дека е веќе беспредметно, договорот беше да одат заедно, или не. Но, како и да е точно е тоа дека разговаравме, дека имаше предлог од страна на пратеничката група на ПДП за потпрестедателско место, но во оваа ситуација тоа одеше заедно, или двајца или четворица и јас се одлучив за тоа што се договоривме тогаш, а тоа е да бидат двајца потпретседатели.

Дали некој друг бара збор во врска со овој предлог на претседателот на Собранието ? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предло-гот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот да се изберат двајца потпретседатели на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака?

(104 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (четири)

Според тоа констатирам дека за предлогот да се изберат двајца потпрестедатели на Собранието гласаа 104 пратеници, против немаше, а до гласањето се воздржаа четири пратеници.

Констатирам дека Собранието утврди да има двајца потпретседатели.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да свика седница на која Комисијата треба да утврди кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во сала 219 на III кат.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашања на изборите и именувањата да одржи седница и да му

предложи на Собранието кандидати за потпрестедатели на Собранието на Република Македонија.

За продолжението на седницата ќе бидете претхдоно известени.

Во 11,40 часот претседателот ја прекина седницата и даде пауза.

По паузата седницата започна со работа во 12,25 часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Третата точка од дневниот ред беше Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на кандидатите за потпретседатели на Собранието на Република Македонија ви е поделен.

Отворам претрес по Предлогот на кандидатите за потпретседатетели на Собранието.

Му давам збор на претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да го образложи предлогот.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Чест ми е од името на Комисијата за прашања на изборите и именувњата на Собранието на Република Македонија за потпретседатели на Собранието на РМ, да ги предложам пратениците: Томислав Стојановски и Илјаз Халими.

Г-динот Томислав Стојановски вршејќи ја функцијата судија на Основниот суд, претседател на Основен суд, подоцна работеќи како адвокат, се афирмира како истакнат правник, од областа на правосудниот систем.

Г-динот Стојановски во партијата ВМРО-ДПМНЕ е од нејзиното основање. Во мандатниот период од 1991 година, до 1994 година е избран за пратеник во Собранието на Република Македонија.

Во овој мандатен период беше претседател на ЗПК на Собранието на РМ, со што се афирмира како добар познавач на правниот систем на Државата.

Г-динот Илјаз Халими дипломирал на Филозофскиот факултет група социологија, филозофија на Универзитетот во Приштина. Работи во Гимназијата во Тетотово, вршејки ја должноста заменик директор на Гимназијата. Политички е активен од 1990 година, од кога е претседател на Народната демократска партија. Сега е потпретседател на Демократската партија на Албанците. За овој предлог на Комисијата од присутните 11 члена, имено, не беа присутни двата члена од партијата ПДП, гласаа 8 пратеници, а тројцата пратеници од СДСМ беа против.

Дами и господа пратеници, уверени сме дека пратениците Томислав Стојановски и Илјаз Халими, успешно ќе ја обавуваат функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот за објаснувањеата на предлогот .

Молам, кој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Републиката, почитуван претседателе, гости, почитувани пратеници.

СДСМ сака генерално да најави дека од сега па во иднина, кога ќе има резерви за предлозите, кои произлегуваат активно од собраниските комисии, или од Владата во иднина, дека својот став ќе го образлага.

Во тој дух сакам да кажам дека пратеничката група на СДСМ нема да гласа за избор на потпретседателите на Собранието на РМ и со тоа ќе биде доследен и со претходното гласање за претседателот на Република Македонија. Ова го образложуваме од причини што двајцата кандидати кои се утврдени од Комисијата за потпретседатели се личности кои досега биле активни на политичката сцена во РМ, тоа се личности со чии ставови и политичко делување и досега во изминатите 8 години СДСМ најчесто имал доста спротивставени политички гледишта.

Со оглед на тавката политичка ориентација на кандидатите и со оглед на политичката ориентација на СДСМ, ние не сме во можност да го поддржиме изборот на потпретседателите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседателе, ценети гости, дами и господа пратеници,

По однос на овој предлог, сакам да потсетам дека г-динот Томислав Стојановски беше тој, на чиј предлог Собранието во 1991 го-дина, двапати со акламација донесе две битни одлуки. Тие мислам на политички план имаат своја енормна тежина.

Првата беше за Декларацијата за сувереност, Втората беше за

распишувањето на Референдумот.

Ако СДСМ има тешкотија со политичкиот чин, или со политичките чекори на нашиот кандидат, тоа нека остане кај нив. Мое беше да потсетам за тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани, ставот на СДСМ беше изнесен. И јас не би сакал околу тоа посебно нешто да кажам.

Со оглед на парламентарното мнозинство и предлогот на Комисијата за избори и именувања, што е во овој момент пред нас, конкретно тоа што треба да се изберат двајца луѓе на висока функција овде, во овој Парлементарен Дом, за едниот кандидат има еден податок во биографијата дека е роден 1954 година, а дипломирал на Филозофскиот факултет во Приштина во 1970 година. Значи од раѓањето до годините на дипломирањето има 16 години. Јас се надевам дека е техничка грешка и би сакал тоа да се исправи доколку е така, за да не се намипулира, со оглед на некој факти дека на тој Факултет се добиваат дипломи по други околности.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веројатно се работи за техничка грешка, тоа ќе се исправи и благодарам на укажувањето.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија Собранието избира потпретседатели со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето за избор на потпретседатели на Собранието се врши одделно за секој од предложените кандидати.

Јас ве молам да преминеме на гласање.

Кој е за Предлогот Томислав Стојановски да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака? (78 пратеници)

Дали има некој против ? (26)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Според тоа, констатирам за предлогот на пратеникот Томислав Стојановски да биде избран за потпретседател на Собранието на РМ гасаа 78 пратеници,против гласаа 26, а од гласањето се воздржаа 5 пратеници.

Констатирам дека пратеникот Томислав Стојановски е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот Илјат Халими да биде избран за потпретседател на Собранието на РМ, молам да крене рака? (72 пратеници)

Дали има некој против? (28)

Дали некој се воздржува од гласање? (8)

Според тоа, за предлогот пратеникот Илјаз Халими да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија гласаа 72 пратеници, против гласаа 28 пратеници, а од гласањето се воздржаа 8 пратеници.

Констатирам дека пратеникот Илјаз Халими е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Ги молам потпретседателите на Собранието да дадат свечана изјава.

Ве молам да станете.

Текстот на Свечената изјава гласи:

"Изјаувам дека функцијата Потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и заковите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија!

Ги молам потретседателите на Собранието да го потпишат текстот на Свечената изјава.

На потпретседателите им го честитам изборот и им посакувам успешна работа во вршењето на нивната функција (аплауз).

Со ова ја исцрпивме третата точка од дневниот ред.

Поминуваме на 4-та точка од дневниот ред.

Избор на Влада на Република Македонија. Предлогот за состав на Влада ви е доставен.

Експозе по повод изборот на Владата и за основните елементи на Програмата на Владата, ќе поднесе Мандатарот господин Љубчо Георгиевски.

Има збор г-динот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

(прилог)**(Ембаргодо читањето)**

**Експозе на Мандатарот Љубчо ГЕОРГИЕВСКИ,** поднесено при изборот на Владата, во Собранието на Република Македонија, на 30 ноември 1998 год.

Уважени пратеници, дозволете ми најнапред да ги поздравам Г-динот Претседател на Републиката, претседателот на Собранието на Република Македонија, присутните гости, претставници на верските заедници на Република Македонија. Пред десетина дена го конституиравме Третиот повеќепартиски парламент на Република Македонија, а денеска, еве ја имам пријатната должност да ви го предложам составот на новата влада и пред вас и пред целата јавност да го изложам концептот на новата владина програма. Но, пред да преминам на поднесување на експозето, дозволете ми да искажам нужен респект кон работата на досегашната влада.

Новата Влада на Република Македонија е пред Вас, носена од силниот демократски изблик и од барањата на граѓаните кои на изборите најясно се артикулираа со зборот - ПРОМЕНИ.

Новата Влада на Република Македонија ќе биде составена од три политички партии ВМРО-ДПМНЕ, Демократската алтернатива и Демократската партија на Албанците. Токму заради тоа, дозволете ми да кажам неколку збора за мотивите за формирањето на новата владина коалиција.

Коалицијата меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Демократската алтернатива беше создадена пред изборите и се покажа дека во коректна соработка беше постигната основната цел: победа на изборите, меѓутоа, во оваа пригода сакам да се задржам на политичката димензија и на политичката сила на таа коалиција, како јас лично ја доживувам како досегашен лидер на опозицијата и како иден премиер.

Имено, не е тајна дека оваа коалиција собра на едно место две партии две структури на луѓе кои, во не толку далечно време, беа со различни, честопати спротивставени, идеологии и размислувања. Токму затоа му верувам на моето чувство дека оваа коалиција е еден вид национално помирување и можност за поголема флексибилност на политичките разлики внатре во македонскиот национален корпус. Верувам дека такво чувство со мене ќе споделат и многу граѓани, а тоа ќе помогне за вистинска стабилизација и демократизација на иднината на нашата држава.

Приклучувањето на Демократската партија на Албанците при создавањето на новата владина коалиција, сакам тоа особено да го истакнам: го сторивме како дефинитивен чекор откако изборната коалиција помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и Демократската алтернатива имаше обезбедено 62 пратеника, што беше доволно сами да формираме Влада.

Кон Коалицијата ја приклучивме и Демократската партија на Албанците од две причини:

Прво, да покажеме пред Меѓународната заедница дека Република Македонија е цврсто решена да излезе од балканските стандарди и да бидеме креатори на стабилноста во регионот и пошироко, а со тоа да престанеме да бидеме предмет на грижа на Меѓународната заедница. Сигурно, во таа насока голем придонес има и досегашната Владина соработка на СДСМ и ПДП.

И второ, што според мене е позначајно, во коалиција со ДПА да ја обезбедиме комплетната внатрешна стабилност и безбедност на нашата држава и да го намалиме стравот на секој граѓанин од каква било помисла дека политичарите со своите постапки можат да го нарушат внатрешниот мир на земјата. Верувам дека таквата владина коалиција, со самиот начин на кој е формирана, еднаш за секогаш ќе го стави настрана етикетирањето со квалификативите „национални предавници" на големи политички структури или на цели етнички колективитети, само заради тоа што размислуваат поинаку. Едноставно, оваа коалиција, новата влада во себе носи јасна порака дека сите сме Македонија и дека во иднина во Македонија ќе престанат политичко идеолошките етикетирања, а ќе се расправаме за нашите програми, идеи, способности или неспособности, и на тој начин ќе победуваме или ќе губиме на изборите.

Едноставно, новата влада на Република Македонија е пред Вас. Таа е составена од три значајни политички субјекта, ВМРО-ДПМНЕ, Демократската алтернатива и Демократската партија на Албанците. Тоа е Влада што ќе ја води Македонија во наредните четири години, Влада која ќе ја внесе Македонија во XXI век и, конечно: Влада која ќе победи или ќе изгуби на изборите 2002 год. само согласно со принципот дали ќе ја оствари својата програма или не.

Кои се основните цели и програмски определби на нашата Влада?

## НАДВОРЕШНО-ПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ

Во сферата на надворешната политика, Владата, на Република Македонија ќе и

осигури поволни меѓународни услови за приклучување кон земјите со развиена демократија и пазарна економија, при што јасно го прифаќаме постулатот дека надворешната политика и политиката на национална сигурност се нераздвојно поврзани со внатрешната политика, како и со спроведувањето на економските и политичките реформи во државата. Нашите главни активности ќе бидат во следните насоки:

1.Конкретни постапки и активности за зачленување во Европската Унија;

2.Продолжување на пријателските односи и соработката со Соединетите Американски држави.

3. Забрзана подготовка за членството во НАТО;

4. Блиски и пријателски односи со соседите;

5.Проширување на односите со сите земји во Европа, Руската Федерација и другите воневропски земји што ќе го поттикнат нивниот економски, односно инвестиционен интерес кон нашата држава;

6.Проширување на односите со партнерите од Блискиот, Средниот и Далечниот Исток, Латинска Америка, Африка и Австралија, што ќе го поттикне и нивниот економски интерес кон Македонија;

7.Интензивирање на дипломатската активност за укинување на визите за македонските граѓани со што е можно поголем број држави во светот, а со тоа и укинување на сегашниот понижувачки статус на македонскиот граѓанин во поголем дел од светот.

Зачленувањето во ЕУ и НАТО е наша стратешка цел, и тоа го разбираме како суверен и категорички избор што се темели врз нашите политички и програмски определби. Тој подразбира и наше ефикасно учество во меѓународните организации, ООН, ОБСЕ, Советот на Европа и слично со цел да ја засили својата улога во решавањето на проблемите од меѓународен карактер и утврдување на националниот интерес на меѓународен план.

Неопходно е забрзување на подготовките за членство во ЕУ, а тоа подразбира изработка и реализација на Национална програма, т.е, стратегија за преговори, како и преземања на конкретни дејствија, како што се:

- утврдување на највисоките европски стандарди за развој на демократските процеси кај нас;

- забрзување на процесот на приближување (хармонизација) на нашето законодавство со европското право и создавање на соодветни административни структури за негово спроведување;

- усогласување на трговската политика на Република Македонија со политиката на ЕУ;

- подготовка на економијата на Република Македонија за пресретнување со предизвиците на европскиот пазар;

- развивање на односите во рамките на Централно европската зона за слободна трговска размена, зачленување на нашата држава во Организацијата за европска соработка и развој, како и во Светската организација за трговија;

Владата ќе ја изработи Националната стратегија и ќе ги определи основните цели на преговорите за членство, како и организациско-координациските механизми за нивно спроведување.

За да се реализираат успешно подготовките за членство во ЕУ, ќе ги преземеме следните мерки:

1. Потполно исполнување на задолженијата, согласно со Европскиот договор за асоцирање и извршување на неговите потенцијални можности, како што се:

- искористувањето на новата ориентација на програмата ФАРЕ, насочена кон активностите за институционална изградба и инвестиционо финансирање и

- учеството во нови програми на ЕУ, внимавајќи на нивната поврзаност со научните испитувања и технолошкиот развој, како и обуката на кадри.

2. Владата ќе работи на засилување на интеграцијата во северoатланската структура, што Република Македонија ќе ја одведе до полноправно членство во НАТО. Конкретни задачи на тој план се:

- ефективното учество и интензивирањето на дијалогот со НАТО, по прашања на проширувањето, како и во рамките на новосоздадениот Северноатлански Совет за партнерство и Партнерството за мир;

- забрзаното прилагодување кон стандардите на НАТО;

- предлагање мерки за подобрување на оперативната готовност, т.е. опременост на Вооружените сили на Република Македонија, согласно со мерките на НАТО и постигнување способност за ефективно оперативно дејствување во рамките на повеќенационални операции под команда

на НАТО;

- учеството во запазувањето на уставно воспоставените институции и системи, заедно со државите членки на НАТО и од државите признати за водечки кандидати за членство во операции за запазување (поддржување) на мирот, со мандатот на ООН, ОБСЕ, ЗЕУ, и по потреба во соработка со ЕУ;

- склучувањето на двострани спогодби за воена, военотехничка и воено индустриска соработка, како и соработка со државите членки на Северноатланскиот сојуз, како и други држави признаени за водечки кандидати за членство во НАТО;

- изработката и објавувањето на државната стратегија за популаризација на нашата кандидатура за членство во НАТО.

Кога сум кај безбедносните системи, сакам да нагласам дека Владата на Република Македонија ќе ги превземе неопходните мерки за оспособување на националниот одбранбен систем, пред се, на Армијата, за успешно реализирање на уставните функции. Сигурната заштита на државната граница е првиот приоритет на кој ќе му се посветиме. При тоа, ќе ги вложиме сите сили за забрзано вооружување и опремување на Армијата и рестартирање на наменското производство за достигнување на стандардите на Северноатлантската алијанса.

Владата е свесна дека зачленување на Македонија во ЕУ и НАТО е многу тежок и долг процес кој бара оптимална мобилизација на усилбата на целото општество на надворешно политички план. , Владата ќе води балансирана регионална политика. Централно место во надворешната политика на нашата држава ќе има пријателскиот однос и блиската соработка со четирите соседи: Албанија, Бугарија, Грција и Југославија. Контактите со овие држави и решавањето на отворените прашања, за Владата се приоритети во македонската надворешна политика од кои ќе зависи стабилноста и економскиот развој на Република Македонија. Зближувањето со соседите го гледаме врз рамноправни односи и со меѓусебно уважување.

Владата ќе предложи подготовка и реализирање на билатерални и мултилатерални регионални иницијативи и акции за изградба на заеднички мерки за меѓусебна доверба и сигурност на Балканските земји.

Владата ќе иницира конституирање на регионално тело за комуникациска и енергетска инфраструктура.

Владата ќе иницира основање на Конференција за балканска безбедност и соработка, како мост за регионално поврзување и зближување на балканските држави.

## ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ НА ВЛАДАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА ЗА ВНАТРЕШНО-ПОЛИТИЧКИОТ И ДЕМОКРАТСКИ ЖИВОТ

Уважени дами и господа пратеници,

Владата на Република Македонија во духот на европската демократија доследно ќе го практикува системот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска Граѓанското општество во Македонија ќе го градиме врз основа на следните темелни определби:

1. Независноста на судството;
2. Слободата на здружувањето,
3. Негувањето и развојот на меѓуетничките односи;
4. Слободата на говорот и печатот;
5. Неприкосновеноста на сопственоста;
6. Слободата на вероисповедувањето;
7. Рамноправноста на половите

## ПРАВНАТА ДРЖАВА, ПРАВНИОТ СИСТЕМ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ

Владата затекнува состојби на крајно незадоволително остварување на уставно прокламираниот концепт на правната и социјална држава. Функционирањето на државата и правниот систем, потпрено врз инерцијата на политичката и партиската држава, инструментализираното право и неговата селективна примена, главно врз партиски основи, продуцира нови внатрешни противречности, појавувајќи се како објективна кочница на економскиот и социјалниот развиток. Стариот и тром државен апарат, со застарени методи на управување, со функции во економската и другите сфери, само формално прилагодени на новото време, хипертофираниот и несинхронизирано менуван и дополнуван правен систем, ни оддалеку не го исполнуваат клучното барање за дисконтинуитет со стариот социјалистички еднопартиски систем и за остварување на основните постулати на модерна демократска и правна држава.

Речиси не постои подрачје во кое таквиот деформиран развиток не продуцира и не генерира негативни последици: од општата состојба на слабеење на начелата на уставност и законитост, што

се граничи со аномија, односно сеопшто безаконие, до висок степен на политичка арбитрарност и самоволие, корупција и енормен пораст на сите облици на криминал.

Најчувствителната точка, на која се прекршуваат сите аномалии, несомнено се човековите права и слободи, и тоа, како индивидуалните, така и националните, етничките и другите колективни права. Нивото на нивно остварување денеска ни оддалеку не може да се спореди со европските стандарди. Тоа останува на рамништето на формална уставна прокламација, што е во огромен расчекор со економските, социјалните, културните и другите услови за нејзиното остварување. Да го земеме како пример само прокламираното право на работа, како основна материјална претпоставка за остварување и на другите човекови права!

Тоа значи дека Владата и државата се исправени пред потребата од залочнување и спроведување синхронизиран процес на етаблирање нов систем на вредности, на развивање и на заживување на инструментите на правната држава.

Реформата на државата, во правец на изградба на модерна правна држава, ќе биде насочена кон следниве клучни пунктови:

- развиток на демократијата и цивилното општество, и

- востановување односи на заемна контрола и одговорност на носителите на власта. Притоа, изборната регулатива, како основна нормативна претпоставка за легитимна власт, ќе претрпи темелно преиспитување.

Значаен приоритет на Владата е реформата на Управата и нејзиното претворање во сервис на граѓаните и стопанските субјекти. Заедно со антикорупциското законодавство, што треба да ги постави нормативните рамки на спречувањето на злоупотребата на власта, Владата набргу ќе предложи и пакет закони со кои ќе се регулира новата позиција на реформираната Управа.

Темелното начело на поделба и заемна контрола на власта подразбира самостојност и ефикасност на извршната власт во примената на правото и остварувањето на државните функции. Ова начело Владата ќе го остварува со значително поголем степен на сопствена одговорност, како и зајакната секојдневна контрола врз Управата и јавните служби како јавен сервис за граѓаните, стопанските субјекти и другите правни лица.

Особено внимание Владата ќе посвети на контролата во вршењето на јавните набавки и трошењето на средствата од Буџетот, за што ќе предложи и нова законска регулатива. Заради ефикасност во извршувањето на законите од страна на инспекциските служби, Полицијата, Финансиската полиција, Царината и другите органи на Управата, Владата ќе ги реорганизира инспекциските служби и службите на внатрешната контрола и ќе ја зајакне позицијата на јавното обвинителство, на полицијата и на другите органи за откривање и гонење на незаконските дела.

Владата ќе предложи институционализирање на „Независен обвинител" со основна функција: спречување и откривање на злоупотребите на власта.

За остварување на самостојноста и независноста на судството, Владата во текот на својот мандат ќе делува според следните приоритети:

- создавање услови за негово стабилно финансирање, независно од извршната власт и нејзините моментални политички ориентации, што ќе се оствари со самостоен судски буџет;

- изградба на кохерентен правен систем и ефикасни процедурални прописи, што ќе ја забрзаат работата на судовите; предлагање на јасни и усогласени финансиски и други прописи, со кои е регулирано работењето на стопанските субјекти, што содржат вонсудски инструменти и гаранции за брзината на економските текови и на деловните и други односи, како и преферирање на арбитражното решавање на споровите;

- елиминирање на партиските влијанија при изборот и разрешувањето на судиите.

Владата ќе предложи стратешка за изградба на македонскиот правен систем, што ќе ги дефинира фазите и постапките на донесување и усогласување на законските решенија, доведувајќи ги секогаш во релација со европските интеграции.

Основните точки на таа стратегија се:

- комплексно регулирање на приватната сопственост и сопственичките односи со донесување граѓански законик;

- регулирање на праведен начин на прашањата на денационализацијата и експропријацијата;

- довршување на лроцесот на лриватизација и регулирање на

положбата на странците и странските вложувања;

- регулирање на занаетчиството и малото стопанство;

- развивање на пазарните институции, гаранции за слободата на пазарот и претприемништвото и сузбивање на монополите и нелојалната конкуренција;

- преиспитување на извршната и стечајната постапка, како и на средствата за обезбедување на побарувањата;

- реформа на даночниот систем;

- реформа на банкарскиот систем, кредитното и финансиското работење;

- реформа на системот на образование;

- реформа на системот на пензиско, здравствено и социјално осигурување и воспоставување законска регулатива за располагањето со државниот капитал и реформа на системот на казненото право.

Владата, порај тоа, ќе инсистира на:

- целосна имплементација на меѓународниот корпус за човекови слободи и права и инструментите за нивна меѓународна заштита;

- надминување на националните, верските, политичките и слични тензии меѓу граѓаните;

- развиено и ефикасно јавно мислење и институции на цивилното општество;

- ефикасно функционирање на независните институции на уставна контрола, каква што е уставното судство;

- јакнење на позицијата на Народниот правобранител.

Основна идеја водилка за Владата ќе биде определбата дека поимот „граѓанин" има смисла само доколку неговото величество Граѓанинот, има максимална заштита и гарантирање на човековите права и слободи.

**НЕГУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ**

Владата на Република Македонија со посебен интерес ќе го следи развојот на меѓуетничките односи во нашата држава. Националностите ги сметаме за важна составка на реалноста на Република Македонија. Како такви, тие можат благотворно или неповолно да влијаат врз политичката и сите други сфери на македонското општество.

Имаме длабока почит кон етничкиот идентитет на секој граѓанин, како и разбирање за разликите врз таа основа. Владата енергично ќе се спротивстави на сите изрази на нетолеранција, шовинизам или сегрегација врз етничкаоснова.

Самите етнички ентитети ги гледаме како цивилизациски вредности, чие респектирање претставува константна определба на Македонската држава. Непримерена е секаква дневнополитичка инструментализација на етничките прашања.

Националностите ги уживаат сите права и ги имаат сите одговорности како граѓани на Република Македонија.

Стратешката перспектива, кога станува збор за правата на националностите, претставува балансирањето на оваа двојна цел: заштита на нивниот етнички и културен идентитет и обезбедување услови за негово натамошно опстојување и развој, од една страна, и: заштита на интегритетот на државата, од друга страна. Таа перслектива може да се движи во рамките на Уставот и законите на Република Македонија и на меѓународните конвенции и декларации што ја регулираат таа област.

**БЕЗБЕДНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ**

На крајот од делот за внатрешно политичкиот и демократски живот на нашата татковина, не можам, а да не се задржам на безбедноста на граѓаните.

Криминалот, дрогата, шверцот, митото и корупцијата, а посебно организираниот криминал и малолетничката деликвенција, достигнаа загрижувачки размери. Рекетот и новите форми на криминал го загрозуваат секојдневниот живот на обичниот граѓанин и на оние кои чесно се занимаваат со стопанска дејност. Корупцијата е се поголема. Таа ги има опфатена речиси сите органи, кои се овластени да се борат со неа. Во исто време, судството делува многу бавно и неефикасно. Органите за прогон не преземаат мерки. Делата во судовите се одлагаат со години.

Воспоставувањето ред и сигурност во нашата држава е една од основните приоритети на Владата. Затоа:

1. Ќе ги довршиме реформите во судскиот систем;

2. Решително ќе ја подобриме работата на сите органи за безбедност и контрола и ќе поведеме решителна акција за сузбивање на сите видови криминал, а особено против организираниот криминал и корупцијата;

3. Ќе создадеме нов казнен систем кој ќе обезбеди ефикасно санкционирање на извршителите.

Нужна е забрзана и платена приватизација на државната и

општествената сопственост. Затоа Владата ќе обезбеди ефикасна и транспарентна контрола на приватизацијата.

Неопходно е поедноставување на административните режими за вршење на определена дејност. Владата ќе ги упрости многубројните административни процедури и ќе го намали административниот апарат.

Ќе ги зголемиме казните за неплаќање на даноците, придонесите, царините и другите давачки.

**ЕКОНОМИЈА**

Уважени дами и господа пратеници

Во сферата на економијата, Република Македонија се наоѓа во длабока економска и социјална криза. Последиците од кризата се: блокирање на пазарните процеси, заостанување во економскиот развој, разграбување на националното богатство, нагло социјално раслојување и масовно осиромашување на македонските граѓани.

За димензиите на неповолните економски состојби во државата, во текот на наредниот месец, Владата ќе подготви посебен биланс кој ќе го достави на расправа во Собранието, а со тоа и до јавноста.

Токму заради тоа, макроекономската политика што ќе ја води Владата е во функција на обезбедување на забрзан и одржлив економски раст и намалување на сиромаштијата.

Макроекономска рамка за постигнување на горните цели е:

-просечен реален пораст на производството од 8 проценти годишно;

-пораст на извозот за 8-10 проценти годишно;

-просечна стапка на инвестирање до 20% од БДП;

-контролирана ниска стапка на инфлација што ќе биде во функција на развојот на стопанството;

-реален и стабилен курс на денарот во функција на зголемување на домашното производство и извозот;

-монетарно-кредитна политика во функција на зголемување на производството и извозот;

-намалување на каматните стапки;

-сведување на јавната потрошувачка во рамките на расположивите средства;

-структурни реформи;

-насочување на дел од социјалните давачки за отварање на нови работни места.

Сите други компоненти на макроекономската политика ќе бидат насочени кон остварување на економскиот и социјален развој.

Таквата рамка ќе предизвика:

1. Зголемување на понудата на домашните производи;

2. Реален пад на цените на домашните производи посебно на производите од земјоделието, прехрамбената индустрија, производите за широка потрошувачка;

3. Намалување на увозот;

4. Зголемување на производството и понудата;

5. Зголемување на вработеноста.

**ПРИВАТИЗАЦИЈА**

Владата ќе ги следи и анализира многубројните проблеми што се појавија при спроведувањето на Законот за приватизација. Со јасна свест за динамичноста и нереверзибилноста на тој процес, Владата ги предвидува следните чекори кои што треба да обезбедат ефикасност во работењето на стопанските субјекти и создавање претпоставки за нивно преструктуирање, согласно пазарната логика:

1. Ќе се изврши контрола на приватизацијата и таму каде што ќе се констатираат неправилности, незаконитости и малверзации ќе се превземат мерки за отстранување;

2. Приватизираните претпријатија кои искажуваат загуби и кои не ги извршуваат редовно обврските спрема државата, работниците и Агенцијата, неплатените акции, ќе мора да ги понудат на берзата;

3. Ќе се создадат законски претпоставки за побрза циркулација и промет на издадените акции;

4. Ќе се обезбеди право на управување со неприватизираниот и со неплатениот приватизиран капитал во претпријатијата;

5. Ќе се изврши приватизација на јавните претпријатија од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, водостопанството и нестопанските услуги;

6. Ќе се преземат посебни мерки за продажба на претпријатијата за кои е заинтересиран странскиот капитал;

7. Владата ќе превземе и други мерки за забрзување и довршување на процесот на приватизација во нашата држава.

**НАМАЛУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТА**

Стопанството на Македонија се наоѓа во длабока економска криза, а

последица на таа криза е енормната невработеност која засега над 300 илјади работоспособни луѓе.

Опстанокот на македонското стопанство, Владата го гледа преку економскиот и социјален развој и зголемување на вработеноста.

Заживувањето на стопанството и зголемувањето на вработеноста се основните приоритети во програмата на Владата,а тоа ќе го постигне со:

- забрзување на постприватизираниот период;
- извесни корекции во моделот на приватизацијата;
- промени во макроекономската политика;
- промени во надворешната политика;
- промени во монетарно-кредитната политика;
- реформи во банкарството;
- реформи во даночната политика;
- промени во јавната потрошувачка;
- структурни реформи во стопанството, образованието, здравството, науката, социјалната политика и културата;

Бидејќи Македонија ги има сите претпоставки: капацитети и кадри за многу поголема вработеност, Владата презема обврска и одговорност стапката на невработеност од над 45 проценти денес во 2002 година да ја намали на 15 проценти.

Тие цели ќе ги постигнеме преку:

1. Зголемување на степенот на користење на постојните капацитети;
2. Намалување на буџетската потрошувачка за 17% до 2002 год. со што ќе се обезбедат средства за развој и вработувања;
3. Продажба на атрактивни претпријатија на заинтересирани странски инвеститори;
4. Зголемување на штедењето преку давање на даночни олеснувања и државни гаранции на штедачите;
5. Активирање на заработените девизни штедни влогови;
6. Отворање инвестиции во јавни работи;
7. Развој на земјоделието, сточарството и шумарството;
8. Социјална политика во функција на вработувањето.

## ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Владата знае дека инвестициите се најважниот и најдинамичниот момент на економијата. Без нив не е можно ниту да се зборува за развој на земјата.

Владата ќе превземе мерки и активности со кои ќе направи целосен пресврт на овој план.

Централно место во таа насока ќе има зголемувањето на националното штедење по сите основи, со цел да се обезбеди неопходниот квантум на расположиви, но и економски исплативи финансиски средства за инвестирање. Во таа насока ќе бидат мерките за враќање на довербата на граѓаните во финансиските институции на земјата, а со тоа и зголемување на нивните заштеди депонирани кај нас.

Поголемиот прилив на странски инвестици е стратешка цел на Владата. Обемот на странски инвестиции за секоја земја е индикатор за општиот економски амбиент во земјата.

Во изминатиот период Република Македонија беше на последно место во Европа според обемот на странските инвестиции.

Владата ќе ги афирмира компаративните предности на македонската економија во конкуренција со другите земји за привлекување на странски инвестиции преку следните мерки:

- подобра макроекономска клима за странски инвестиции;
- јасни и прецизни законски одредби за странски вложувања;
- забрзување и довршување на приватизацијата;
- намалување на даночниот товар;
- гарантирање на правото на сопственост и негова неповредливост;
- реформи во финансискиот систем и натамошни реформи во државниот апарат;
- поврзување на Република Македонија со европските интегративни системи;
- позитивни резултати во борба против корупцијата, митото, грабежот и другите видови криминал.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНОСТ НА ЗЕМЈАТА

Зголемениот девизен прилив, Владата ќе го искористи за позабрзано намалување на надворешната задолженост на земјата (1 милијарда и 100 милиони долари без пресметана камата). За остварување на таа цел, ќе се направат промени во обезбедувањето на средства од странство. Приоритет ќе им се даде на директните и индиректните странски инвестиции.

Притоа, средствата добиени врз кредитна основа се помалку ќе се користат за решавање на платнобилансните и социјалните проблеми во државата, а многу повеќе за

финансирање на стопански активности, и тоа, пред се, на оние кои ќе обезбедуваат девизен прилив и зголемување на вработеноста.

Своите активности за намалување на внатрешниот долг на земјата Владата ќе ги насочи главно во два правци:

1. намалување на долговите спрема штедачите чии влогови се „замрзнати" или, делумно или целосно изгубени со пропаѓањето на некои штедилници;

2. намалување на долговите и загубите на стопанството.

**РЕФОРМИ ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ**

Реформите на финансискиот систем на Република Македонија се најголем предизвик за успешно завршување на сопственичката трансформација. Додека во стопанството, приватизацијата се одвива забрзано, во финансискиот сектор воопшто, а одделно во банкарството, реформите не се ни отпочнати.

Владата има своја визија за реформите во банкарството, а основните премиси на тој проект се:

- ефикасна промена на пропишаните услови за работа;
- создавање на клима за развој на нови банки, кои исклучиво ќе бидат ориентирани кон поддршката на средните и малите претпријатија;
- создавање на услови за развој на небанкарските финансиски институции, со што индиректно ќе се поттикнува штедењето и ќе се поддржува претприемачката активност за мали бизниси;
- стимулирање на основањето странски банки во Република Македонија;
- модернизирање и зголемување на супервизорската контрола на работењето на банките, согласно меѓународните кодекси во светските финансиски организации.

**РЕФОРМИ ВО ДАНОЧНИОТ СИСТЕМ**

Даночниот систем што се применува кај нас е иманентен на времето на договорната и командна економија, па оттаму е анахрон со времето во кое пазарната економија има доминантно влијание.

Економската функција на даноците е свесно пренебрегната.

Директното влијание на власта во определувањето кој и колку данок ќе плати, придонесува за појавата на сивата економија, митото, корупцијата и даночната евазија.

Владата ќе настојува даночниот систем да се реформира во насока на:

- темелни реформи на постојаниот даночен систем;
- намалување на огромниот даночен товар на стопанството и населението преку:

1. проширување на обемот на даночните обврзници;

2. намалување на даночните стапки;

3. ослободување од одделни даноци при нови инвестиции, нови вработувања и реемиграција во руралните подрачја на државата;

4. ефикасна наплата на даноците;

5. едукација на даночната администрација за нејзина поголема ефикасност.

Ќе го воведеме данокот на додадена вредност, но за да ги избегнеме негативните последици што може да ги донесе тој, претходно ќе извршиме реформи на другите видови даноци.

**ЗЕМЈОДЕЛИЕ, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Земјоделието е еден од основните приоритети на Владата за економскиот и социјалниот развој.

Поради лошата земјоделска политика, земјоделието е во длабока криза, што се гледа преку намалување на земјоделското производство, пропаѓањето на земјоделските стопанства, земјоделските задруги и домаќинствата што се занимаваат со земјоделие.

Во програмските определби на Владата, земјоделството ќе има значително место во формирањето на општествениот производ преку:

1. Подобрувањето на квалитетот и асортиманот на производите;

2. Зголемувањето на стандардот на земјоделските производи преку развој на инфраструктура базирана врз нова инвестициона политика во земјоделието;

3. Стабилизација на пазарот на земјоделски производи и ставање во функција на Агроберзата преку организирање на државни интервентни откупи со директна исплата на земјоделските производители;

4. Заштита на потрошувачите од неконтролиран увоз на земјоделски производи и преработки преку инвестирање во пониска финализација на земјоделското производство, организирање во мали и ефикасни преработувачки капацитети, што ќе ја намали зависноста од увоз и ќе ја

зголеми понудата на квалитетниземјоделски производи од домашно потекло;

5. Промени во начинот на финансирање на земјоделието и во неговата даночна политика.

Општите насоки во развојот на сточарството се содржани во остварување на следните цели:

- креирање и спроведување на успешни одгледувачки програми во сточарскиот комплекс;

- дооформување и прилагодување на законската рамка во областа на сточарството и

- поддршка на развојот на фармерството.

Со оглед на сегашната неповолна состојба во шумарството, Владата ќе се залага за правно регулирање на сегашното хаотично работење, односно заштита на шумите, со главен акцент на следните цели:

- максимални мерки на превентивна заштита и чување на шумите и нивно рационално користење;

- зголемување на шумскиот фонд преку пошумување на голините и ерозивните терени;

- враќање на одземените шуми на поранешните сопственици.

**ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Уважени пратеници,

Владата здравството ќе го трансформира во нов национален здравствен систем кој ќе обезбедува високо квалитетна здравствена заштита. Тоа ќе биде модерен флексибилен систем, кој ќе работи, не само на лекување, туку и на подобрување на здравјето на граѓаните во државата.

Здравствениот систем за кој ќе се залага Владата ќе се темели врз два основни принципа:

1. Секој граѓанин на Република Македонија има право на највисок степен на здравствена заштита, како и должност да се грижи за своето здравје;

2.Никој и со ништо не смее да го загрозува здравјето на другите.

3.дравството ќе претставува интегрален здравствен систем, заснован врз партнерство и квалитет, со што основната здравствена заштита ќе се доближи до пациентот. При градењето на новиот национален здравствен систем ќе се води сметка за географската положба, богатствата на државата, традициите и навиките на населението, а пред се превентивното дејствување на здравствениот систем.

**СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ**

Македонија се наоѓа во исклучително тешка, економска, финансиска и социјална криза која доведе до драстично зголемување на невработеноста и пад на реалните примања на населението невработените, пензионерите, вработените и сиромашните домаќинства.

Во 1998 година, бројот на невработените ја надминува бројката од 300.000, над 73.000 вработени не примиле плата повеќе од 4 месеци, над 70.000 семејства примаат минимална социјална помош, а бројот на вработените чии претпријатија се пред стечај е над 70.000.

Владата е свесна за тежината на таквите проблеми, но ја презема одговорноста за нивно решавање.

Владата ќе спроведе длабоки реформи во социјалната политика.

Социјалната политика на Владата ќе биде насочена кон зголемување на вработеноста, а не кон создавање и финансирање на армија на невработени.

Средствата кои ќе бидат обезбедени и насочени во оваа сфера ќе се делат по следниот принцип: напуштање на поделбата на поединечно мал износ на средства за социјална помош на широки слоеви од населението, и преминување на принципот на поделба на средствата во поголем поединечен износ на оној дел од населението кое навистина е социјално загрозено.

Со тој модел на реформи ќе се осигура:

- соодветна заштита на загрозените групи на населението со соодветен износ;

- среднорочно и долгорочно буџетско обезбедување и финансиска стабилност на реформираниот систем преку создавање нови социјални фондови.

**ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Отсуството на речиси какви било промени во областа на пензиското осигурување во изминатиот период, резултираше со постојани финансиски проблеми со кои се соочува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Тоа предизвика често доцнење во исплатата на пензиите.

Тргнувајќи од таквата состојба во оваа сфера, Владата ќе започне со интензивно реформирање на пензискиот систем, што ќе биде насочено во следните правци:

1. Анализа и преоценка на постојните закони со кои се регулирани односите во пензиската сфера;

2. Интензивирање на основањето на приватни пензиски фондови и нивно енергично настапување на пазарите на пари и капитап со цел прибраните средства да се оплодуваат;

3. Продажба на делот (15 проценти) од акциите кои од секое приватизирано претпријатие му се доделени на пензискиот фонд. Акциите ќе им се продадат на домашни и странски инвеститори за средства во готово;

4. Овозможување на секој поединец да се осигура во некој пензиски фонд, без огледна тоа дали тој некаде е вработен или нема можност или потреба да работи;

5. Елиминирање на можноста за исплаќање од средствата на пензиските фондови за одредени погодности, било од политичката, било од социјалната сфера и нивно исплаќање од буџетските средства;

6. Засилување на финансиската дисциплина и елиминирање на можноста некои претпријатија да не ги плаќаат придонесите за пензиско осигурување.

**ПОПУЛАЦИОНА И ДЕМОГРАФСКА ПОЛИТИКА**

Владата ќе води популациона политика која ќе биде усогласена со економскиот развој на државата. Националната стратегија на Македонија како современа европска држава налага соодветана популациона политика што ќе воспостави и ќе оддржува баланс меѓу биологијата и културата, како услов за економската и политичката стабилност.

Во тој контекст, Владата како приоритетна задача ја поставува реафирмацијата на семејството и негова заштита.

Сметаме дека младите се основниот потенцијап на државата. Свој дом, семејство и работа, се основните претпоставки за здравјето на младите личности и нивните заедници, кои Владата ќе настојува да им ги овозможи.

**ОБРАЗОВАНИЕ**

Реформите во сите области на политичката и економската сфера, ги наметнуваат и реформите во системот на образованието. Владата, успешното функционирање на системот на општото образование го става како програмски приоритет и ќе се залага образованието во сите негови сегменти и степени предучилишно, основно, средно и високо, да биде ослободено од сите идеолошки основи, со цел: градење хумана личност со критичка свест и стекнување знаења за вршење на професионални занимања.

Владата ќе се залага за образование во кое ќе се развиваат и негуваат креативноста, самоиницијативноста, педагошките слободи, образование кое ќе ги врати одамна изгубеното достоинство на ученикот, студентот и наставникот.

Ќе ги стандардизираме на наставните планови и програми и ќе извршиме нивна дезидеологизација

Владата ќе ги подготви универзитетите за влегување во третиот милениум со донесување на Законот за високо образование и со создавање на законски предуслови за оживотворување на уставно загарантираната автономија на универзитетите и немешање во нивната внатрешна уреденост и одлучување. Ќе го стимулираме усогласувањето на наставните планови и програми со наставните планови и програми на другите факултети и високи школи од ист профил во високо развиените земји. Така ќе обезбедиме вертикална и хоризонтапна проодност во студиите, а и признавање на дипломите стекнати на нашите универзитети во странство. Ќе создадеме услови за отворање странски факултети без учество и финансирање од страна на државата, на начин како што тоа се прави во високо развиените земји.

**НАУКА**

Во областа на нуката, според Владата, нужно е ревидирање на досегашниот однос на државата кон науката. Ќе ги уважуваме мислењата на научните по сите значајни прашања и ќе ја укинеме досегашната практика, од научни трудови многу често да се дава оправдување на политички ставови, незасновани на научни сознанија, честопати и спротивни на нив.

**КУЛТУРА**

Културата и уметноста. Владата ќе ги третира како своевиден моќен производ со кој имаме големи шанси бргу да се вклучиме во европскиот простор. Националната културна програма во иднина ќе негува комуникација меѓу творците кои досега беа затворени зад параваните на етнички, верски или сталешки колективитети.

Република Македонија ќе ја отвориме за соработка во областа на културата и уметноста со соседните и другите балкански држави, со Европа и со светот.

Културата и уметноста мора да се ослободат од идеолошките и политичките авторитети кои долго време беа врховни критериуми за вреднување со примарен респект кон авторот. Реформите во културата ќе ги започнеме со донесување

на целосно изградени законски претпоставки:

- во согласност во светските тенденции, најважен приоритет ќе биде изработката на стратегија за современа, национална и културна идентификација, како и афирмација и негување на творечките и културните специфики на националностите што се составен дел на националната културна политика.

**СПОРТ**

Владата има јасна визија и нуди сеопфатно, системско и трајно ситуирање на спортот во Република Македонија во сите негови сегменти: училишниот, рекреативниот и натпреварувачкиот спорт.

Ќе изградиме стабилен систем за финансирање на оние екипи и поединци кои со своите спортски резултати достојно ќе го афирмираат името на нашата држава на меѓународен план.

Уважени дами и господа Пратеници,

Македонија е можна според редот и Законите што важат за секоја држава одделно и за системот на светот воопштокако правна држава и како рамноправна членка на Меѓународната Заедница.

Македонија е самостојна, демократска и социјална држава. Во неа сите сме поврзани со мрежа од демократски институции во која се испреплетуваат и одмеруваат нашите права и нашите одговорности.

Строго ќе водиме сметка за границите на државната регулација и за автономното поле на цивилното општетство. Соработката и меѓузависноста на политичката и на граѓанската сфера е услов и гарант на демократијата.

Високите автономни стандарди на општеството, на науката, на уметноста, образованието... за нашата Влада ќе бидат пат по кој ќе одиме и на кој ја повикуваме да ни се придружи целата нација.

Ветуваме многу љубов и работа, а бараме Божја помош и благослов Македонија во XXI век да влезе како демократска и слободна држава, како држава на среќни луѓе, луѓе со достоинствен живот.

Ви благодарам на вниманието. (Експозето беше пропратено со аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници се заблагодарувам за експозето по изборот на Владата и за основните елементи на Програмата на Владата што ги поднесе мандаторот г-динот Љубчо Георгиевски.

Пред да пристапиме на избор на Владата, давам пауза за да се обават консултациите од пратеничките групи. Ве молам, таа пауза да не биде подолга од еден час, што значи сега е 11,30 најдоцна до 14,30 часот да можеме да се собереме овде, бидејќи е поделено неговото експозе и во 14,30 ќе продолжиме со работа.

(по интервенција на пратеникот Љубомир Поповски

г-динот претседател на Собранието Саво Климовски го пролонгира времето на паузата до 15,00 часот.)

(по паузата продолжуваме со работа)

Минуваме на точката 4 од дневниот ред.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Г-динот Раде Карангелевски бара збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Пратеничката група на Демократската алтернатива го разгледа предлогот за составот на Владата на Република Македонија доставен од г-динот Љубчо Георгиевски и истиот го поддржува.

Предложениот состав на Владата на Република Македонија ветува дека согласно својата улога во државата земајќи предвид систем на односи засновани на парламентарна демократија, пазарното стопанство, правната држава и човековите права и слободи, Владата ефикасно ќе ги остварува своите функции и ќе ги антиципира натамошните реформи.

Од овие причини пратеничката група на Демократската алтернатива ќе гласа за усвојување на Предлогот на г-динот Љубчо Георгиевски.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Пријавен е Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, г-дине мандатор, почитувани гости и колеги, пратеници .

Изборот на Владата на било која држава е прашање од исклучително значење, не само поради тоа што нејзина првенствена цел е да ги реализира изборните програмски определби на партијата или на партиите кои што победиле на изборите, туку во прв ред, поради фактот што таа во основа го

предодредува развојот на државата во определен мандатен период и на внатрешен и на надворешен план. Таквата положба на Владата не трпи импровизации во поглед на нејзините програмски определби, ниту во поглед на нејзиниот персонален состав.

Тргнувајќи од ова, на самиот почеток сакам да го изнесам ставот на Парламентарната група на СДСМ дека *ќе* гласа против предложените програмски основи за работа на новата Влада на Република Македонија. Дозволете да го образложам ваквиот став на Парламентарната група на СДСМ. Ставот на Парламентарната група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија да не го прифати предлогот за избор на Влада на Република Македонија се базира врз неколкуклучни точки. Тој е најмалку мотивиран од фактот дека СДСМ,парламентарна опозициона партија и по автоматизам би требало да биде против позицијата и нејзината Влада. Темелната причина поради која парламентарната група на СДСМ е против предложените програмски основи е во фактот што се работи за две спротивставени политички опции со кои позицијата и опозицијата настапија на изборите и кои добија најголема поддршка од граѓаните. Зад нас се само триесетина дена од завршувањето на изборната кампања и сеуште се свежи сеќавањата за она штого ветуваше денешниот мандатор за состав на Владата и неговите коалициони партнери, а тоа се, да ве потсетиме, Демократската алтернатива и Демократската партија на албанците. А,што тие ветуваат? Накусо ветуваат или се ветуваше економски препород на Македонија, вработување на 200.000 лица за една година, ефикасна, рационална и рационализирана државна управа. Една милијарда долари за развој на мали и средни претпријатија, дискунтинуитет со сето она што во изминатите години градеше СДСМ. Ветуваа преку ноќ разрешување на отворените прашања со некои од нашите соседи. Решавање на неуставните и незаконски образовни институции, во прв ред, на таканаречениот Малоречански универзитет во Тетово. Наспроти тоа, третиот коалиционен партнер ДПА преку неговите лидери не уверуваше дека не постои македонски народ, говореше дека сме славомакедонци, дека сме фантомски народ кој ја краде историјата на соседнит народи, првенствено на грчкиот и бугарскиот.

Сето ова ми дава за право да заклучам дека првенствена цел на оваа трипартитна коалиција олицотворена во ВМРО-ДПМНЕ, Демократската алтернатива и ДПА била по секоја цена да се дограби до власта, а со намера да се извлече од пајаковата мрежа на власта во која самата се заплетка, сега ни се нуди нешто сосема обратно од она што се пропагираше во неодамнешната изборна кампања, а и во годините пред тоа, односно по осамостојувањето на Република Македонија.

Да ве потсетам, денес најбројната позициона партија ВМРОДПМНЕ тогаш преку својот претседателски кандидат го убедуваше македонскиот народ дека на двоглавиот орел ќе му ги потсече канџите и крилјата за да не лета високо. Дека ќе ги протера албанците од своите огништа. Дека конгресите на партијата ќе ги држи во Солун. А, така наречените србокомунисти ги осуди на прогонство и да не набројувам повеќе. Наспроти ова, стои определбата и ставот на раководството на ДПА дека албанците во Македонија се поугнетени од оние на Косово и дека се додека тие во Македонија не станат народ овде нема да има мир.

Одтука, почитувани пратеници, се прашувам самиот себе, Ве прашувам и Вас, го прашувам и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и денешен мандатор кога беше искрен во своите говорења, тогаш или денес? Или едноставно речено дали тоа значи дека денеска сме сведоци на една голема измама на македонскиот народ, на граѓаните на Република Македонија. Но, во секој случај тоа е негов провлем и веројатно граѓаните на оваа држава многу бргу ќе побараат отчет за она што им го вети во овие избори и што од тоа се остварува. Тоа е таканеречениот политички аспект на прашањето, кое што денеска расправаме односно на она што ни се нуди како иднина за Македонија. А, тоа е Македонија да биде бинационална држава, нејзиниот суверенитет да го делат два народа, албанците и македонците, а во Македонија, да Ве потсетам, има и други националности, како на пример, турци, власи, роми, срби и други. Тоа значи Македонија од унитарна да прерасне во федеративна државна заедница. Тоа е она што ни се нуди со оваа владина коалиција.

Како што ви е познато, почитувани пратеници, а верувам тоа им е познато и на добар дел од граѓаните на Македонија, политичките и програмските определби на СДСМ се сосема спротивни од овие што ги посочив. Ние сме за унитарна македонска држава, за

толератнтни меѓуетнички односи, за права на националностите во согласност со меѓународните стандарди и норми, за еднакво добри односи со соседите за функционирање на правната држава, а не од политички причини односно поради интересите на поединци и групи за опстојување на власта. Да се измислуваат наводно политички затвореници и тоа за луѓе согласно Уставот и законите на оваа држава по легален пат се осудени за дела против Уставот и законот. Претпоставувате станува збор за пресудите на градоначалниците на Гостивар и Тетово осудени поради спротивставување на спроведувањето на одлуката на Уставниот суд.

И на крајот ние сме за искреност и доследност во реализирањето на ветувањата за време на изборните кампањи.

Како што можевме да слушнеме од експозето на мандаторот денеска се прави обид да се заборави сето она што во минатото се говорело и работело, да се извлече некоја дијагонала од дијаметрално спротивставените, па и исклучиви програмски определби на трипартитната владина коалиција што денеска ке се конституира. Тоа за мене е уште еден обид да се фрли нова мамка за граќаните и тие да се преведат жедни преку вода. Згора на тоа и персоналниот состав што се нуди за новата Влада не дава доволна гаранција, со чес на исклучоци, дека и она што на прв поглед може да биде прифатливо, барем за обичниот човек ќе биде успешно и реализирано.

Дозволете ми да наведам и некои конкретни причини поради што парламентарната група на СДСМ ке гласа против изборот на Владата. СДСМ; а колку што имам увид на програмските определби на идните коалициони партнери во Владата се залага за мала и ефикасна државна, односно владина администрација. Наспротив тоа, денска ни се нуди нов проект под маската за реорганизација на Владата, заради поголема ефикасност, за зголемување на бројот на владините ресори и се предлага шест нови министерства, дури и за области кои веќе се покриени *со* соодветни државни и друг вид на институдции и организации и кои успешно функционираат. Што тоа ќе значи, нека проценат граѓаните, а јас само би додал дека мандаторот имал сериозни тешкотии да задоволи нечии апетити и во својата партија и кај своите коалициони партии.

Наспроти ова, не одамна мандаторот вети дека ќе ги отпушти сите оние што се вработени во државната администрација. Во последно време ваквите ставови на мандаторот, најблаго речено, го збунуваат обичниот граѓанинот, а сигурно добар дел и од нас кој што сме во Парламентот. И, она што посебно збунува е фактот дека г-динот мандатор во своето експозе воопшто не го спомна македонскиот народ, ниту пак постоешето на неговата држава station наназад, половина век, неговите историски корени и придонесот на генерациите кои што се вградија во темелите на денешната самостојна и независна Македонска држава. Едноставно како да се почнува од денес од оваа Влада.

Ете, почитувани пратеници, тоа е само дел од клучните причини поради кои парламентарната група на СДСМ не Може да го поддржи изборот на Владата односно ќе гласа против нејзиниот избор.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Дика бара збор.

**ДИКА ЗАМИР:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници, Со не мали дилеми Демократската партија на албанците се осмели да ја прифати понудата на коалицијата за промени да биде трет коалиционен партнер кој би требало да го даде својот придонес за оздравување на крајно заострените состојби во интеретничката релација за забрзување на процесот на што по праведна транзиција за искоренување на корупцијата, за спречување на устоличување на било каква политичка, финансиска, економски моќна олигархија која би била голема препрека за воспоставување на демократски вредности во општеството, за подобрување на односите на Република Македонија со соседите и нејзиното вклучување во западно европските политички и војни структури и конечно да го даде својот незаменлив придонес за подобрување на севкупната клима на односите во државата за искоренување на стравот, на стресот од непрестанато исчекување на тоа болно чувство на темпоралност. Зошто толку дилеми? Пред се,затоа што ДПА својот углед кај албанскиот електорат го стекна нудејќи надеж, можност во еден незаменлив историски контекст за зачувување на наследените национални права и стекнуваше на оние права што ги

овозможува новиот демократски контекст.

Како што е веќе добро познато на сите во изминатиот период албанците ги изгубија некои битни наследени права и не ги стекнаа правата што ги овозможува новиот демократски контекст. ДПА никако не ќе дозволи тоа копие на надежта да се фрли во трње, затоа што таа надеж не е само за албанците, туку и за самата Македонија. ДПА во оваа коалиција го внесува својот углед, својата заложба за надеж и за албанците и за самата Македонија, затоа што таа е уверена дека првата не ја исклучува другата, затоа што во едно цивилизирано општество е можна хармонична продуктивна кохабитација на различностите.

Албанците, не само од Македонија, очекуваат со нетрпение од ДПА да ги деблокира некои односи во општеството кои произведуваат етничка нееднаквост во сферата на образованието, културата, невработеноста итн. Тоа очекување, тоа нетрпение внесува додатни дилеми затоа што овие односи, овој менталитет наследен во периодот на комунизмот и додатно оптоварен за време на сомнителната демократска транзиција створија толку голем бауч, така што изгледа дека е невозможно да се ослободиме од него.

Ние не знаме колкава ќе биде снагата на ВМРО-ДПМНЕ и Демократската алтернатива што покрај другите големи проблеми и отворени прашања да и се спротивстави и на овој бауч, на овој крајно погрешен опасен пристап под барањата на албанците, кој неодговорно се прикажуваат како закана за Македонија. Додатната сатанизација на ова прашање би имало несогледливи последици за безбедноста на земјата. Затоа, ова прашање толку битни за безбедноста на Македонија никако не треба да е заложба и товар само на коалиционите партнери, туку и на сите политички партии, институции и креатори на јавното мнение. Без итно одрешување на овој јазол, без еден либерален креативен, стратешки цивилизиран однос кон албанското прашање во Македонија, сметаме дека државата пак ќе се судрува, пак ќе се заплетка во новата уште поопасна мрежа на етнички тензии. На Македонија и треба внатрешен мир за да има надворешна стабилност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господин Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани други присутни на оваа седница,

Дозволете ми накратко да се осврнам на темата што е на дневен ред, а тоа е Предлогот за состав на новата Влада на Република Македонија, Експозето на мандаторот на новата Влада и да го изнесам ставот на пратеничката група на Партијата за демократски просперитет како ќе се изјасни по однос на предложеното.

Како што е веќе познато, Партијата за демократски просперитет и Партијата ДПА всушност Демократската партија на албанциге во Македонија пред одржувашето на  изборите, трети по ред, парламентарни во Република Македонија, со цел за поуспешен настап и создавање појака позиција на албанците во Република Македонија, а пред се во Парламентот односно Собранието на Република Македонија склучија Спогодба за заеднички настап на третите парламентарни избори, Спогодба што значеше поделба на позициите на изборите и составување на заедничка спогодба што содржи стремежи кон кои двете програми на политичките партии, ПДП и ДПА се стремат. А, тоа значеше остварување на позиции што значат унапредување на односите во Република Македонија, нејзина демократизација и соодветно на тоа, подобра позиција на албанците за нивен порамноправен статус во сите димензии.

Согласно на таа Спогодба во која, меѓу другото, стои дека партиите се обврзуваат дека и во иднина ќе соработуваат меѓу себе за да ги остваруваат овие цели, ние, по завршувањето на парламентарните избори понудивме на Демократската партија на албанците еден текст на платформа врз основа на која ќе можеме заеднички да ги водиме преговорите за заедничко учество во Влада. Содржината на таа платформа ја имам пред себе, а истата имавме можност сега да ја компарираме со Експозето на мандатарот за состав на Владата, за што не најдовме ниту една заедничка нишка. Не најдовме ништо заедничко со определбите од Спогодбата што заеднички ја составивме и за која бевме уверени дека искрено, нашите колеги од ДПА ќе се залагаат.

А, еве што од прилика содржи таа платформа:

Согласно Спогодбата за

заеднички настап на третите парламентарни избори одржани на 18.X. и 1.XI.1998 година Партијата за демократски просперитет и Демократската партија на албанците на мандатарот за состав на Влада на Република Македонија му ја поднесуваа оваа предлог платформа:

Програмата за работа на Владата во идниот мандатен период што мандатарот ќе ја предложи за прифаќање на Собранието на Република Македонија, односно денешното експозе, покрај другото треба да ги содржи и следните залагања на Партијата за демократски просперитет и Демократската партија на албанците:

Во политичките определби да се обезбеди рамноправен статус на албанците. Оваа определба да се остварува преку политичко дејствување, чекор по чекор унапредувајќи ја положбата во сите области согласно нејзиниот карактер на државата, односно составот на населението.

За оваа цел Владата и нејзините институции ќе подготвуваат програми во кои што непосредно ќе се вградуваат интересите на албанците во политичките, економските, општествените дејности. Согласно оваа определба, одлуките на органите и институциите на државата во случаите во кои се уредуваат спечифични интереси на албанците, при донесување на одлуки, ќе ги почитуваат и ставовите и мислењата на политичките партии на албанците во власта.

Владата на Република Македонија, анализирајќи ја досегашната практика на функционирањето на локалната самоуправа ќе ги идентификува слабостите и, согласно определбата за проширување на надлежностите на локалната самоуправа, ќе предлага адекватни измени во Законот за локална самоуправа.

За поефикасно функционирање на централната и локалната власт Владата ќе ја разгледа и можноста за востановување на двостепена локална самоуправа. Оваа определба ќе се остварува најдоцна до наредните локални избори.

Сите државни органи, институции, јавни установи, претпријатија треба да имаат пропорционална односно адекватна застапеност на албанците. За таа цел сите назначувања и вработувања по изборот на новата Влада ќе се вршат во согласност со националната структура на населението, се разбира во органите на државната управа, во јавните претпријатија и другите установи што се финансираат од Буџетот на државата.

Во областа на економијата во измените и дополнувањата на економскиот систем ќе се вградат определбите на политичките субјекти на албанците, а кои ќе се однесуваат на економско уредување и на економска рамноправност.Владата, на рамноправен начин ќе ја оствари материјално финансиската поддршка на економските субјекти кои имаат допирни точки и со интересите на албанците во Република Македонија.

Владата во своето работење ќе спроведува праведна политика што пропорционално ќе ги распредели финансиските средства од фондовите ,албанците и буџетот на државата.

Во областа на општествените дејности, во прв ред ќе се направи проширување на употребата на албанскиот јазик на државно и локално ниво. За остварување на оваа определба Владата ќе предлага закон за ратификација на европската карта за регионалните и малцинските јазици на Советот на Европа, прифаќајќи ги највисоките нејзини стандарди и истовремено во рок од една година Собранието ќе усвои закон за нејзина имплементација.

Собранието, во рок од шест месеци ќе донесе деловник за работа на Собранието на Република Македонија во кој работата на Собранието, во работата на Собранието ќе се овозможи и употреба на албанскиот јазик и неговото писмо.

Во областа на образованието, имајќи ги предвид јазичните, културните, историските особености на образованието на албански јазик во Република Македонија, Владата при Министерството за образование и физичка култура ќе формира посебни сектори што ќе се грижат за побрз развој и унапредување на квалитетото на образованието на албански јазик.

Имајќи ја предвид потребата од високо образование на албанците и неодложната потреба за разрешување на статусот на тетовскиот универзитет, во рок од една година Владата ќе предложи а Собранието ќе усвои закон за високо образование со што ќе се регулира ова прашање.

Во областа на културата, имајќи ги предвид особеностите на албанската култура во Република Македонија, Владата при Министерството ќе формира посебен сектор што ќе се позанимава со поинтензивен развој на

оваа област. Министерството за култура со финансиски средства соодветно ќе ги поддржи институциите што ја негуваат албанскcата култура во Македонија.

Во обалста на информирањето, Владата на Република Македонија и понатаму ќе ги финансира: најмалку еден дневник на албански јазик, а во МРТВ треба да продолжи трендот на проширување на програмата на албански јазик, нивно доекипирање и продукциско и програмско осамостојување.

Во рамките на другите определби ПДП и ДПА од коалиционите партнери, односно мандатарот за состав на идната Влада ќе бараат заложби за што побрзо ослободување од натамошно издржување на казна затвор на градоначалниците и претседавачите на советите на општините Тетово и Гостивар.

На крајот, поделба на функциите во Собранието и Владата на Република Македонија ќе се врши според резултатите од изборите, односно бројот на пратениците како коалиции ВМРОДПМНЕ, ДА, односно ПДП-ДПА или поединечно како партии.

Што од оваа Платформа има во експозето на мадаторот, прашувам? Од што се раководеше Партијата ДПА кога прифати ваква понуда за учество во власта?

Ние и денеска тврдиме, што перманентно сме тврделе и во минатото, дека учеството во Владата не е никакво предавство и колаборационизам. Напротив, од интерес, витален и животен за сите граѓани на Република Македонија и за Македонија како држава е и учеството на албанците во сите нивоа и во сите институции на власта. Но, не со позиции вакви, за какви што имаме можност сега.Ништо подобар не е ниту составот, односно поделбата на ресорите помеѓу коалиционите партнери. Се прашувам од каде правото, или само фактот на претходно коалицирање што Демократската алтернатива има претседател на Собранието, има осум министри, министер ресори, од кои најклучните, а ДПА со скоро ист број на пратеници има тоа што има. Всушност, има Министерство за труд и социјална политика и Министерство за наука. Зошто од министерствата што допрва треба да се формираат, без да се обезбедуваат потребни гласови за тоа, на ДПА му се оставени најжешките, односно несоздадените.

Оваа позиција што е деградирана, од причини што ПДП во минатата Влада со ист број на пратеници, со иста позиција имаше дури 25% од министерските места и ресори во минатата Влада, т.е. од 20 члена на Владата пет беа од Партијата за демократски просперитет. Да не зборувам за ресорите што сме ги имале и сега ќе ги има, во овој случај зборувам за албанците.

Јас и мојата пратеничка група имаме многу забелешки и во самиот текст на експозето што е едноставно ги разобличува намерите и тактиката на партијата на ВМРО-ДПМНЕ и ДА, но вчудоневидени сме како нашите партнери при изборите, т.е. ДПА не беа свесни во моментот што прифаќаат.

Меѓу другото, во експозето се вели:

"Приклучувањето на Демократската партија на албанците, при создавањето на новата владина коалиција, сакам тоа особено да го истакнам, го сторивме како дефинитивен чекор откако изборната коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Демократската алтернатива имаше обезбедено веќе 62 пратеници".

Тоа ми е сосема јасна: од позицијата од која зборува мандатарот. Но, не ми е јасно која е позицијата на ДПА во случајов.

Не можеме а да го прифатиме ставот дека ќе докажеме пред Меѓународната заедница дека Република Македонија е цврсто решена да излезе од балканските стандарди и да бидеме креатори на стабилноста, а истовремено нудејќи го тоа што се нуди.

Па, се поставува прашањето Дали всушност сега ДПА ќе ја одигра улогата што ни се припишуваше, на декор на власта за нив на легитимација пред меѓународните инстанци?

На овие прашања ДПА сигурно еден ден ќе биде ставен во ситуација да дава одговор. Но, и сега мандатарот треба да даде одговор на следното прашање кога вели дека Владата енергично ќе се спротивстави на сите изрази на нетолеранција и се набројува понатаму.

Јас се прашувам дали покренувањето на иницијативата за укинување на Законот за знамињата е толеранција?

Дали покренувањето на иницијативата за оспорување на уставноста и законитоста на Законот за кривична постапка е толеранција?

Дали покренувањето на иницијативата за укинување на одредбите на Законот за локална самоуправа, каде

што се регулира позицијата на албанскиот јазик во општините со адекватна застапеност е толеранција?

Дали покренувањето на иницијативата и укинувањето на законите за основно и средно образование со кои се регулира педагошката евиденција и документација е толеранција?

Тоа се прашања што ги иницира или во име на партијата или членови на партијата чиј состав денеска ќе го избереме.

Сигурно дека тоа не се изрази на толеранција. Тоа не се изрази на градење на добри меѓуетнички односи, како што не се ниту замижувањата пред проблемите што се исто така присутни. А, во целото експозе, во сите области, поготово за тие каде имаме специфични интереси како албанци, како што е образованието, како што е културата, Како што е информирањето и многу други сегменти, ништо во експозето нема.

Од овие, како и од други причини Партијата за демократски просперитет нема да го поддржи изборот на новата Влада на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Насер Зибери.

Кој бара з бор?

Има збор господинот Биљал Љутвиу.

**БИЉАЛ ЉУТВИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, бидејќи потполно се согласувам со дискусијата на координаторот на Пратеничката група на Демократската партија на албанците, јас се повлекувам од дискусијата. Но, сакам да додадам и не мора вас да ве убеди дека албанскиот електорат а и други веќе имаат чисти сметки, знаат некои работи. А, на претходниот дискутант да му укажам на тоа дека немаше потреба да не мачи овде да ја чита таа платформа, бидејќи таа не е платформа на Партијата за демократски просперитет туку е платформа на Демократската партија на албанците,

А, што се однесува до тие укажувања, односно до бројките колку министри треба ние да имаме, и тоа добро го знаат албанскиот електорат за што ние сме определени, за министри или пак за решавање на некои прашања што се суштински, значајни и битни за албанскиот народ во Македонија.

Толку благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љутвиу.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Поповски Никола бара збор, па потоа Мевљан Таири.

Има збор господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, гости, почитувани кандидати за членови на Владата,

Го слушнавме експозето, што во суштина претставува програма за работа на Владата во сите четири години. Веднаш, на почетокот ми се постави едно прилично лично прашање по однос на експозето и програмата што очекувавме и што слушнавме и што се понуди дефакто со експозето, односно со платформата за работа на Владата во идните четири години.

Се надевам дека нема да звучи премногу остро ако кажам дека мојот првичен впечаток од експозето и од програмата за работа на Владата е дека тоа е прилично стереотипна програма, дури ќе помиоспам од време на време, имајќи ги предвид деловите на експозето дека е доста анатхрона, дека пристапот на проблемите е сегментиран, дека се гледа на развојот на државата во една меѓузависност на сите фактори, на сите проблеми, на сите сектори, а општеството всушност е такво, тоа е меѓузависно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Мислам дека експозето и самата програма, ќе ми дозволите да кажам дека пред се се заснова на еден начин на промовирање на програма што

традиционално ја правата партиските резулуции и дека на крајот на краиштата и се нема доволно храброст, ниту пак радикалност на која можеби досега бевме навикнати од идниот премиер, а која очигледно досега беше само вербална. Како што се наведува најголем дел од програмата се заснова во цитирам: "верување во чувства, а помалку на факти" дури се навлегува во некои свери кои мислам дека ниту се доволно рационално елаборирани, ниту доволно рационално поставени како што се национално во мирување. Се разбира се поставува прашањето со кого кој се помирува кои се тие со кои сега се поминува еден и друг во новата влада. Се поаѓа од претпоставката дека соработката со албанскиот фактор во Македонија е добра и дека одсега откако "се освои демократијата" веќе нема да има проблем во соработката со албанскиот фактор, а веќе видовме дека при самата расправа дефакто тие проблеми остануваат, дефакто проблемите со меѓунационалните односи не се така лесно решливи во едно експозе. Се зачудивме за тоа на сверите на кои најмногу досегашната политика беше критикувана меѓунационалните односи и надворешната полилтика, дека всушност нема нова програма, дека всушност нема идеја за размислување за излегување од оние свери во кои сеуште постојат проблеми, дека нема нови цели, дека надворешната политика има чуден редослед, чудни приоритети, дури мислам дека и драматично соопштување на начинот на кој по приоритет ќе се разрешуваат проблемите. Дури цитирајќи што ќе бидат новите вредности на Владата најчесто се цитираше редоследот од Уставот на Република Македонија за да едновремено се констатира дека во Македонија треба да се воспостави нов систем на вредности. Ние се прашуваме кој е тој нов систем на вредности кој: се најавува,а не се елаборира. Малку сме скептични заради фактот дека на мала врата се најавува дека во Македонија треба да се воспостави нов систем на вредности кој по наше убедување е воспоставен во Уставот на Република Македонија.

Пред да преминам на делот за економијата за кој повеќе сакав колку што дозволува времето од говорницата да поразговарам, дури ќе кажам дека малку чудно звучи изговореното од тука дека ќе се зајакне позицијта на обвинителот и полицијата во Република Македонија и во продолжување во борбата против криминалот и инсистира на ставање ред. Мислам дека тоа е една терминологија која внесува многу забуни и која јас би ја трансформирал повеќе почитувања на законите, спроведувагое на законите, односно ставање на ред, или зајакнвување на позиција на органите кои се бават со таа професија итн. Мислам дека инсистирањето на зајакнување на органите на прогонот и ставањето на ред земени во контекс можат да звучат стравично изговорени во таков контекс. Меѓутоа она што на почетокот го кажавме што ние очекувавме? Очекувавме да видиме една консистентна економска програма, една консистентна идеа како да се развие македонската економија во идните четири години за што впрочем нели и сите партии на неодамнешните избори се залагаа имајќи предвид дека и немаше во Парламентот политичка партија која на прво место не ги истакна проблемите со економсијата. Мислам дека од ова експозе произлегува сознанието дека ние дефакто влегуваме во една прилично недефинирана ситуација во Република Македонија од аспект на тоа како ќе се развиваат економските односи каде ќе се движи економски Македонија. Зошто тоа го кажувам. Затоа што во програмата не видовме јасни и децидни укажувања за она за што Владата и Парламентот можат да го направат. Владата и Парламентот неможат со закон, ниту со декрет, неможат ниту со одлука да воведат просечна стапка на раст од 8%, неможат ниту извозот да го зголемат за 8 до 10%, неможат ни инвестициите во ЦДП да ги зголемат на нивото од .

2 0%. Меѓутоа можат да донесат одлука монетарна за тоа колку ќе биде инфлацијата во наредната година, колку ќе расте паричната маса, колку ќе се намалува јавната потрошувачка во проценти, колку ќе се намалат или зголемат даноците. Меѓутоа, ние токму на овој сектор не ги видовме мерките на Владата. И затоа сметам дека навлегуваме во една мошне неизвесна фаза. Дури јавната потрошувачка свера е која многу влијае на економската политика на економската состојба која е една од клучните мерки за поттикнување на развојот. Се вели дека ќе биде во рамки на расположивите средства. Расположивите средства ќе бидат толку колку што ќе соберат данок. Меѓутоа она што го очекуваме е за да дадеме, или не поддршка на Владата е да знаеме колку ќе се собираат даноци, дали јавната потрошувачка и понатаму ќе се намалува во Македонија. Ние ако направиме, еве јас имав прилика во претходниот мандат да

учествувам со многу колеги овде, ако ние тргнавме со јавна потрошувачка која учествуваше некаде 43%, 44% за ЦДП на Македднија. Ако денеска сме на нивото од 40%, кое е предвидувањето на Владата за натамошното движеше на јавната потрошувачка во Македонија.Во рамки на расположивите средства јас го толкувам во рамки на постојните 40%. Мислам дека тоа не е начинот на кој може да се потикнува македонското стопанство.

Натаму, се изнесоа некои мерки со кои мислам дека Социјал демократскиот сојуз има радикално спротивставени ставови по однос на приватизацијата. На пример се кажа дека ќе се изврши приватизација на јавните претпријатија во сверата на енергетиката, во сверата на сообраќајот, водостопанството итн. Веднаш да кажеме дека веројатно тие закони ќе дојдат на дневен ред, ќе ги ставиме сериозно под лупа и нема да се согласиме тукутака; во Македонија да се приватизираат клучни сектори кои влијаат на стандардот на населението и на социјаллната положба на населението, меѓутоа и на развојот на државата во целина. Мислиме дека не е возможно во Македонија да се размислува за приватизација на енергетскиот систем, затоа што интензивните вложувања во него во последните 50 години се огромни, профитите од него се распостелуваат во целото општество, никој нема директна корис од тие инвестиции и приватизацијата во него би било превземање на ризик за еден од клучните крвотоци на економијата, исто и со сообраќа јот и со друго. Исто така, се прашуваме како е можно Владата да инсистира.да ги приватизира тие брзо, а исто така да смета декаво идните четири години ќе отвори сопствен циклус на инвестиции во јавниот сектор. Мислам дека тоа е една конфликтна цел на Владата. Да бидам искре очекувавме на сверата на која најмногу и се посветуваше внимание, на невработеноста, да чуеме кои се тие волшебни мерки со кои понатаму ќе се движиме. Морам да кажам веднаш дека во Македонија се на сила и тие за 12; месеци ќе истечат законите кои директно го стимулираат вработувањето кои ги донесе претходниот Парламент и претходната Влада тие овозможија до денеска да имаме 55.000 вработувања за 10, до 11 месеци. Тие мерки се половично успех на тој закон, половично на претходните закони. Меѓутоа, ако премиерот не најавува дека во идните четири години овие мерки ќе продолжат, можам да констатирам дека проблемот со невработеноста и понатаму ќе се радикализира. И тој единствено ќе биде решлив со игра на зборови. Така сега бевме сведоци на фактот дека мандаторот кој е уставна категорија на Република Македонија располага со податоци над 300.000 неврабскгени и стапка на невработеност од 45%. Се разбира, се надевам дека ова не е алиби бројки кои веднаш после преземањето на мандатот и гласањето на довербата која очигледно ќе се случи ќе се сведат во реалните 260.000 невработенис и 30% на невработеност. И оваа игра на бројки ќе се прешише како успех на Владата. Веднаш да кажеме дека инсистирањето на брзо радикално решавање на невработеноста кај нас создава впечаток дека всушност таа нема да се реши, затоа што се бара да се реши радикално во рок од неколку години да се сведе според податоците на премиерот од 45% на 15%, значи да се намали за повеќе од половина, знаејќи дека невработеноста во Македонија е долгорочна и структурна мислиме дека таквиот пристап го оневозможува решавањето на проблемот. Напротив тој треба да се бара на долг рок со структурни промени. Се разбира дека неможеме да се согласиме и со децидно изнесениот факт во експозето дека во иднина компаративната предност на Македонија ќе бидат промените што ќе се направат во сверата на економијата односно Владата дека ќе биде нашата компаративна предност со своите реформи.

Она што заслужува внимание и на што сакам да дадам поддршкг во експозето е ориентацијата за намалувањето на екстерната задолженос на Република Македонија и тоа заслужува внимание затоа што сме сведоци дека економската политика на Македонија и економијата на Македониј и во минатите години а и во иднина доколку не се ослободи од баластоп на надворешната задолженост многу често ако не и секогаш ќе биде под некакво ограничување на оние кои не кредитираат. За да можеме да водиме релативно самостојна политиак ние ќе мораме на долг рок да ја намалуваме задолженоста. Но исто така, сметам дека изнесените идеи за тоа како

ќе се надмине задолженоста се исто така конфузни и конфликтни една со друга. И тие се разбира не зависат само од волјата на премиерот, или на новата Влада. Исто така, неможам да се согласам со идеите и со програмата која вели дека даночниот систем кој патем кажано во сите негови фати од досегашната реформа, а тоа е стигнато скоро до крајот е усогласен со меѓународните финансиски институции дека тој и понатаму ќе се реформира констатирајќи дека даночниот ситем во Македонија во овој момент е анахрон, односно несовремен.

Се разбира ние се согласуваме дека еден дел од даночниот систем е анахрон, а тоа е данокот на промет. Меѓутоа да се каже дека само тој дел кој и ние го оценуваме дека е анахрон, данокот за додадена вредност кој не е донесен во Македонија уште меѓутоа кој е донесен до последната фаза во овој Парламент. Парламентот го помина во две фази и чека да се донесе до Нова Година. Одеднаш да се соочиме со фактот дека единствениот анахрон елемент во даночниот систем на Македонија ќе се одложи на неодредено време од донесувањето, односно се додека се извршат радикални промени во сите останати даночни закони. И тоа ќе се згсклеми обемот на опфат на обврзниците, а едновремено ќе се извршат многу ослободувања во даночниот систем, исто така една многу спротивставена цел. Едноставно неможете поголем опфат на обврзници ако имате поголеми ослободувања, или ќе немате ослободувања и ќе иматс поголем опфат, или ќе имате помал опфат и поголеми ослободувања. А вербалното изјаснување дека ќе се намалат стапките ќе го дискутираме во тој момент кога ќе дојдат законите со кои навистина ќе видиме како ќе се намалат стапките, имајќи предвид дека јавната потрошувачка ќе остане во рамките на расположивите средства.

Исто така сметам дека е на некој начин чепкање по маката на оние луѓе кои за жал во овој момент живеат од социалните издршки во Република Македонија. Мислам дека она на што мораме да инсистираме и она што на некој начин ја зачува социјалната, економската па и политичката стабилност на Македонија во изминатите години беше токму социјалната политика која одвојуваше скоро четвртина од буџетот на Република Македонија за социјални цели. Ако се оди со идејата дека таа ќе почне да се прераспределува на се помал број на корисници кои ќе добиваат се поголеми износи а едновремено се констатира од страна на мандаторот дека во Македонија постои огромна сиромаштигјау тоа значи дека едновремено Владата свесно оди со филозофија дека огромната сиромаштија ќе учествува се помалку во прераспределбата на социјалниот колач кој ќе оди кон помал број со поголеми износи на социјални трансфери од страна на државата. И во таа насока исто така сакаме да кажеме, или сакам да кажам дека СДСМ не се сложува со концепцијата Фондот за пензиско инвалидско осигурување на Македонија да ги продаде своите акции кои беа децидно кажани од страна на премиерот и оттука наместо и понатаму да се капитилизира Фондот со што на долг рок успешно ќе ги решава проблемите со пензиите на пензионерита во Македонија, тој дефакто декапитализира и да се претвори во тековен фонд каков што го затекнавме пред неколку години. Тоа е нешто со што ние неможеме да се согласиме имајќи предвид дека во оваа држава сокоро секој десети граѓанин е пензионер и чии приходи зависат од овој фонд. И тој сметаме дека и понатаму треба да се капитализира. Продавањето на неговите акции ќе го претвори во тековен фонд каде што заработувачките ќе бидат директно врзани само со приливот од придонесите на тековните генерации на вработеност. Сакам да кажам со наведување на неколку примери дека дефакто ние не добивме одговор токму на оние сектори на кои инсистираме да добиеме одговор. Како ќе ги решаваме отворените прашања во Република Македонија? Ние се разбира дека ќе донесеме закон веројатно и за високото образование. Меѓутоа она што го чувме од концептот на Законот е предмет на консензус веќе подолг период на време во Македонија. Никој во Македонија не спори со Законот за високо образование, дали тој ќе биде насочен кон независен, отворен Универзитет, како тој ќе се финансира, како ќе се утврдуваат наставните програми и планови, како ќе се врши трансформација на образованието во високото образование.Меѓутоа, Законот за високо обра-зование има некои други отворени прашања кои го спречија неговото доне сување во изминатиот мандат.

Тие отворени прашања нема да ги потенцира ги потенцираа некоклу претходни гоеорници. Тоа се прашањата на кои идниот премиер треба да даде одговор, отворените прашања кои постојат во Република Македонија.

Слушнавме програма која е

многу воопштена во која нема рокови ниту има сто дена, ниту има шест месеци, ниту има 12 месеци , програма по која се се почнува од почеток, меѓутоа исто така мислам дека не би требало да заборавиме дека не се почнува исто така се од почеток. Јас само за илустрација во сверата за која зборував ќе наведам неколку примери. Ние тргнавме со стапка на инфлација некаде од 2000, зборувам како држава. Сега сме на, нивото од 3 доо4% годишна инфлација. Тоа е придобивка која неможеме да ја заборавиме и придобивка која не сакаме да ја напупшгиме, со цел на краток рок да обзебедиме малку развој, а на долг рок да го уништиме и тоа. Или како замислуваме тоа со каматните стапки да се намалуваат ако се напушти рестриктивнатг мрнетарна политика навистина ќе биде предмет на дискусија.

Ние постигнавме буџетскиоет дефицит на Македонија кој изнесуваше 15% да се веде на 1 до 1,5%, значи десет пати е намален. Само еден процент е процент со кој многу земји во Европската унија се гордеат. Тоаписто така е придобивка која не смее да се напушти, која треба новата влада интензивно да се бори да се зачува таквата предност. На крајот на краиштата влегувањето во Унијата , во монетарната унија не е возможно ако се напуштат овие цели на макроекономската политика.

Фазата на интензивна приватизација во Македонија. е веќе завршена со сите проблеми за кои вие господине мандатор говоревте. Со постојните проблеми, меѓутоа тие не доведоа во позиција да ние веќе 3/4 од ЏДП го имаме од приватниот сектор. Ние немаме потреба од натамошна брза приватизација. Тоа е процес на доприватизација на останастата една четвртина. Исто така, треба да кажеме дека внатрешниот долг на Македонија е намален номинално до 700.000 милиони герман ски марки, а нето за 410.000 милиони германски марки итн. Надворешниот долг кој кај платно билансната поддршка повеќе сме вратиле во изминатите четири години отколку што сме се задолжиле, само спрема ММФ и Светската банка и тоа за 147 милиони долари. Тоа се придобивки за кои што јас би инсистирам да не се напуштатат и да не се оди на филозофијата дека сега се ќе почне со тоа експозе.

Исто така, сакам при крајот да се изјаснам по повод на предлогот на господинот мандатор Георгиевски за бројот на министрите на новата влада. Мислам дека е преамбициозен проектот со толку голем број на министри во Република Македонија, особено што покрај министер ствата ќе се шират очигледно спored на јавните другите органи, ќе се формираат нови органи таканаречни дирекции и други. И дека денеска Собранието не само ние во опозицијата кои ќе гласаме против Владата, туку и позицијата е исправена пред еден сериозен проблем да мора да гласа за исто толку министри, или з.а близу толку министри без ресор колку што се со ресор, 11 министри без ресор мислам дека е повеќе од што оваа држава заслужува. Имајќи предвид од досегашните искажувања дека подршката на Законот за измена на Законот за државна управа можеби нема да го добие потребниот број на гласови за да тој влезе во сила. И тогаш се поставува прашањето дали колективно сме исправени пред една хипертрофирана влада.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

На крајот сакам да кажам дека ние не добивме бројни одговори на бројни прашања кои се отворени во Република Македонија. Напротив најчесто добивавме елаборации и одговор на прашањата кои во голем дел веќе ги имаме надминато како држава, во оние свери за кои чувме. Меѓутоа не чувме многу битни одредници за да се изјасниме за судбината на идната Влада.

Какви односи со соседите? Не е доволно да се каже дека тие ќе бидат добри, затоа што тие дефакто се оптоварени со некои отворени проблеми. Не чувме, иако нас најмногу ни беше забележувано во минатите години, од 1993 до денес, за тоа од кои услуги влеговме во Обединетите нации. Ние денес не ни чувме за проблемот дека Македонија има отворен проблем со своето име со Грција и со меѓународните организации. Ако го занемариме тој проблем, тој не престанува да постои, тоа е проблем за кој цениме дека мандаторот на идната Влада треба да каже во кои насоки ќе се одвива.

Спомнавме за образованието, за Универзитетот во Тетово, за парауниверзитетот или така наречениот универзитет. проблемите со безбедноста и опстанокот на РМ, за кои дури мислам дека г-динот Дика од коалиционата структура во Парламентот почесно го

отвори овој проблем. Не чувме како реално ќе се решаваат проблемите во меѓуанционалните односи , не чувме кои се мерките со кои ќе го прилагодиме законодав ството кон Европската унија. На кој начин, со која динамика? Не чувме за реалните проблеми кои постојат во РМ во врска со она што остана од извршување на обврските према некои организации во кои сме се зачлениле (ОБСЕ, Советот на Европа и т.н.) кои не чекаат и со кои Владата сакала или не веднаш ќе се соочи со некои од тие отворени прашања.

Не чувме каква е платформата , која е многу клучна и битна за натамошна соработка со меѓународните финансиски институции за да може да се расправа воопшто за сите овие економски проблеми, за кои г-динот мандатор со право расправаше, се разбира според мене на недоволно соодветен начин.

Имајки предвид дека најголем дел од овие отворени прашања не се дадени сериозни одговори , ние нема да бидеме во можност да се изјасниме за доверба на мандаторот и на почитуваните кандидати за министри.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Има збор правникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници најпрво да кажам дека на идната Влада и пожелувам многу среќа, бидејќи таа ќе и биде преку потребна со оглед на ветувањата и објективните можности за остварувања на тие ветувања, но времето ќе покаже дали среќата воопшто и колку ќе помогне.

Внимавајќи до крај да бидам одговорен на ова што го кажувам, внамавајќи до крај да бидам објективен, до крај реален и најмалку тенденциозен, пристрасен и субјективен јас ќе се обидам да кажам неколку збора во однос на идната коалиција, практично сегашната коалиција или Влада.

Уште на почетокот да кажам дека јас ќе гласам против Владата не затоа што ПДП е опозиција во оваа владина структура, не затоа што ВМРО-ДПМНЕ; ДА и ДПА се позиција во оваа структура, не заради излагањето на премиерот, иако можам лично да кажам дека уочи дрстични коализии во однос на ветувањата и тоа што се нуди, туку едноставно поради следниве причини.

Прво, убеден сум дека коалицијата драстично се коси со основните правила на демократските односи однесувајќи се непринципиелно према оснвоните демократски правила убеден сум дека сегашната коали-ција не заслужува да ја има синтагмата демократска. Имено се појасно е дека мандатот за формирање на Влада добила коалицијата ВМРО-ДА од проста причина, од нормална причина, затоа што тие преставуваат мно-зинство односно тие добиле легитимитет од мнозинството граѓани на РМ или поконкретно македонци. Ке беше многу природно тоа мнозинство да коалицира или пак да почне преговори со другата коалиција која исто така има легитимитет и има мнозинство пред другата популација. Дали ќе успееше тоа е друго прашање, меѓутоа јас зборувам за процедурата и постапката како се преговараат за формирање на коалициона Влада.

Се поставува прашање зошто СДСМ не доби мандат за формирање на Влада. Тоа е многу јасно, бидејки не успеале да добијат кредибилитет или легитимитет од народот и нормално тоа својство го немаат за разлика од ДПА кои имаат вештачки кредибилитет. Нажалост таа колаицијата наместо да се прави мнозинство со мнозинство се прави мнозинство со малцинство. Значи се коалицира тајно, полутајно со една албанска партија која не преставува мнозинство кај албанците и практично игнорирајки 70% од гласачите албанци, сума или процент кој одговара на тоа што албанците гласаа за пропорционалната заедничка листа.

Значи, за тука според мене, а и според секого кој е објективен Владата нема легитимитет, а со тоа нема и кредибилитет. Најголем број од избирачите албанци практично со оваа коалиција се прогласуваат неподобни, или се прогласуваат нелојални. Тоа не е вина на мандаторот, не е вина на ВМРО-ДПМНЕ, ни ДА, туку едноставно вина на демократската партија на албанците и секоја чест на ВМРО-ДПМНЕ и ДА што тие сепак меѓусебно до крај се испочитуваа и ја испочитуваа коалицијата за разлика од другата албанска партија која до крај неприципиелно се пушта на непринципиелни преговори.

Со ова мислам дека е направено огромна штета на албанците и тоа не само во однос на позициите, туку и во однос на целите што требаше да се постигнат, кои добро ги наброи тука координаторот на пратеничката група на

ПДП. Да се почитуваше Спогодбата на секој е јасно дека коалицијата со 25 пратеника фактички ќе имаше поинакви, многу посилни позиции и најмалку ќе имаше деветмина министри. Практич но тука имаме и еден апсурт. Еден апсурт е таа реалност што Демократската алтернатива наспроти состојбата со бројот на пратениците има 8 министерства, најјаки министерства. ДПА се согласила со 5 министерства кои според мене дури не се министерства и тоа е толку понижувачка позиција што за мене не е јасно воопшто како е прифатена ваквата позиција. Впуштајки се сами во преговори и разговори со мандаторот, тие му овозможиле на мандаторот да им ја снижи политичката сцена и тоа не само во однос на квалитетот на минситерствата, туку и во однос на квантитетот, бројот на министерствата. Додека ПДП во минатата Влада од 17 министри имаше 5-мина, сега фактички од 27 министри, со премиерот, претседателот на Владата ДПА ќе има само 5. Или искажано во проценти тоа значи од 33% албанци од минатата Влада на 18% од сегашната Влада. Мислам дкеа процентите зборуваат сами по себе.

Додека ПДП успешно раководеше со јаки министерства, како што беа Министерството за финансии, Министерството за развој, Министерство за економија, сообраќај и врски и т.н. ДПА се согласи со флуидни или фантомски министерства кои воопшто незнам дали ќе се формираат, а ако се формираат дури и тие незнаат што воопшто ке работат. Замислете, едноставно јас жалам што нашите колеги се согласија да раководат со министерски места без никаква структура. Да го образложам ова што го кажувам.

Додека министерството за сообраќај и врски со целокупната своја структура, ПТТ, Авиосообраќајот, патишта и т.н. во својата структура брои околу 20 илјади вработени, тоа е огромна структура, другата партија односно третиот коалиционен партнер се согласува да раководи со еден министер односно со едно министерство кое бе има само еден министер и една секретарка, а шоферот е перманентно.

Додека Министерството за урбанизам брои преку 2 илјаду луѓе, Министерството за развој преку илјада луѓе, исто така и Министерството за финансии, Министерството за надворешна политика со целокупната дипломатска и конзуларна структура во државните и меѓународни организации преку илајда луѓе ДПА практично ќе раководи со Министерстовто за информации што во демократските зеји воопшто не постои и сега ќе се покрие со секретаријатот за информирање кој број некаде 12 или 13 луѓе. И воопшто не се знае за што ќе се одлучува и што ќе работи.

Некои тука тврдеа односно во средствата за јавно информирање дека за нас не е битно со што министерства ќе раководиме, туку многу е битно што закони ќе донесеме. Ве молам, или се работи за политичка незрелост, односно тотална политичка незрелост, или пак се работи со цел да се замагли една реална состојба која драстично е примена кај гласачите албанци. Ако некој те игнорира на ниво на приодните работи, ако некој не попушта ни на ниво во најосновните работи, ако некој те кани на свадба само за да носиш вода јас мислам дека тоа ќе треба да заврши само со тоа. Со такви позиции мислам дека следи само општа дискрибилитација. За секој паметен е јасно дека ако не се попушта за најосновните односно најбитните работи, смешно е да се очекува дека некој ќе попушта и нема теорија да попушта за најкрупните, за најчувствителните работи. Меѓутоа некој на тоа верува и нека верува понатаму, нека верува и во тоа што главната партија односно главниот коалиционен партнер покрена постапка за да се скине знамето, последиците од тоа ги знаеме, мислам дека не заслужува понатаму коментар. Значи ДПА драстично ја спушти цената плашејки се дека мандаторот ќе им нуди нешто друго на ПДП, што ќе беше невозможно, а за тоа тие самите сносат вина.

Дефинитивно паднаа во вода неколку годишните заложби на ПДП, учеството на власта да го дефинира како етничко учество. Самата реалност што ние како партија, како ПДП имавме во минатата структура толку пратеници колку и Социјалистичката партија, тие имаа само еден министер а ние 5 министри. Значи лансираа еден многу, многу опасен преседант, преседант кој претпоставува дека понатаму албанците можат да се вклучат само како партијци во структурата на власта, а никако како етничка заедница. Секако се отвара пат утре некоја партија која ќе има само двајца или тројца пратеници да коалицира со некоја партија со пониска цена плашајки се да не оди некоај друга партија со поголем број пратеници и практично за тоа некој мора да одговара.

Второ, тука е присутна една невидена хипокризија. Со години бевме обвинети од една партија дека ние

учествуваме во коалиционата Влада без договор и дека е потребен историски договор, сега за чудо не постои никаков договор, не постојат ни правни ветувања. Со години ни сугерираа дека ние не сакаме да условуваме, а сега зборовите "без условување" се главен слоган на третиот коалиционен партнер.

Трето прашање кое исто така тангира во нашите односи односно спогодба меѓу двете партии, ПДП и ДПА и мандаторот тука многу јасно и убаво кажа дека сите права на националностите ќе се развијат во рамките на постојниот Устав, назначувам во рамките на постојниот Устав, постојните закони и меѓународни договори и секоја им чест мислам дека политички многу убаво ја изигра оваа игра и веројатно од нивниот електорат ќе бидат наградени за тоа од причина што суштински нема никакви промени од програмските определби на ВМРО-ДПМНЕ од 1991 годин досега.

Главната точка, осетлива или чувствителна е тетовскиот универзитет. Посредно мислам дека тука бевме сите сведоци, ниеден збор и се кажа за тоа иако е реалност, посредно се кажа дека ќе се оснива некој странски универзитет без финансирање од Република Македонија, тоа постојниот Устав го гарантира и Предлог законот што не го прифативме ние, ја предвидуваше таа можност, меѓутоа изгледа некој со тоа се согласи. Тоа е еден длабок анафронизам. Замислите ние кажуваме дека граѓаните се потполно рамноправни, а од друга страна некои граѓани од самиот факт што неприпаѓаат на една националност дупло ќе плаќаат, иако учествуваат во сите давачки према државата. Прво да се финансираат државните универзитети, второ треба да одвои 3 до 5 илјади германски марки годишно за да го школува своето дете. Тоа значи 20 до 30 илјади германски марки годишно албанец треба да плати за да го школува своето дете. Мислам дека тука исто така коментар не е потребен. Приватен универзитет тој е и сега и сега како таков се финансира.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Мерсел Биљали.

За збор се јави г-динот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ.**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван г-дин мандатор и кандидати за министри.

Неколку пати досега, барем јас лично, а можеби и целата јавност во РМ има слушнато дека коалицијата за промени ќе внесе во Собранието еден нов дух на работа. Па затоа моето прашање е до претседавачот, до г-динот претседател на Собранието дали јас можам сега да се обратам на пратениците и на целокупната јавност во Македонија на албански јазик.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веднаш ќе Ви одговорам дека според Уставот, според Деловникот Вие тоа не можете во овој момент.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Добро, јас мислам дека го знам тоа, меѓутоа сакав од Вас да го чујам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам овде станува збор за експозето на премиерот и држете се за тоа.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ.**

Добро, прашање не може да ми се ограничи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе има прашања, ќе има седница за прашања, ќе можете да поставувате на секого, и на мене.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ.**

Прв пат излегувам на оваа говорница па си реков дека е можно

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам овде станува збор за експозето на премиерот и задржете се на тоа.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Тоа е прашање и не може да ми се ограничи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ке има седница за прашања и ќе имате можност да го поставите.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Добро, првпат излегувам на оваа говорница, па реков можни се секакви нови работи. Добро, јас сепак одобрувам без никакви проблеми. Тоа беше само едно мое прашање.

На оваа денешна седница втора во овој состав на која ќе се расправа и се расправа за една многу важна точка од дневниот ред, а тоа е конституирањето на новата влада на Република Македонија за која не само пратениците, не само ние тука, туку целокупната јавност со право е заинтересирана во вистинска смисла на тоа дали е тоа извршна власт во која

коалицираат три партии, веќе е познато кои ќе одат во вистинскиот курс на реформите, или ќе прави отстапки односно ќе тргне по недефинирани правци за нас.

Со внимание го ислушавме експозето на господинот мандатор, го прочитавме бидејќи пратеничката група имаше состанок и дојдовме до следните констатации:

Поаѓајќи од фактот дека во предизборната кампања партиите на владината коалиција ветуваа доста работи, дел од тие ги имаше и во експозето па оттука се очекуваат многу промени. Јас барем пред да го ислушам експозето очекував дека ќе има големи промени, впрочем и нивнито мото беше за промени. Меѓутоа, ќе треба да се има предвид дека состојбите какви што се внатре и надвор од земјата, ветувањата не може да се реализираат така лесно како што се предвидува, ниту политички ниту од економски аспект, ако не се релаксираат или подобрат меѓуетничките односи, со една заедничка формула за разрешувањето на проблемите на овој план. Јас тука само би спомнал односно би и кажал само неколку примери. Незнам како ќе се подобруваат меѓунационалните односи во Република Македонија или крајно да се релаксираат кога по иницијатива на една политичка партија која веќе е на власт, денес веќе избираме нова власт имаше иницијатива во Уставниот суд за укинување на Законот за употреба на знамињата. Господа помина една година и ние го употребивме нашето знаме. Сега на 28 ноември Албанците сите беа исплашени да го употребат односно да го истакнат тоа знаме каде било, да не дојде полицијата и да ги затвори или прекршочно да ги гони.

Кога го донесовме овој закон сите релевантни меѓународни фактори значи сите земји кои имаат една тежина па и САД рекоа дека ова е еден добар компромис помеѓу партиите на власт. Некој ќе рече дека уште не сме на власт, ја укинаа таа одлука судиите кои сте ги избрале вие или СДСМ и ПДП кои учествуваа во таа власт. Да. Меѓутоа, тоа е удварање на судиите кон новата власт. Или пак да го спомнам законот за кривична постапка кој во тие делови каде во одлуките кои ќе ги донесе Кривичниот совет итн. да бидат на јазиците на националнностите, значи на која националност и припага да видиме што ке стане и со таа работа.

Меѓутоа уште на почетокот сакам да потенцирам дека нема некои посериозни забелешки за предложените кандидати за министри. Впрочем, тие со нивната работа ќе докажат дали го заслужуваат тоа. Но, не би можел да избегнам некои принципиелни забелешки што се наметнуваат со самото конституирање на новата власт. Партијата на мнозинството што доаѓа на власт се знае каква политичка палтформа има и како делуваше до сега, но сепак јас лично сум убеден или барем мислам дека е крајно време позитивно да еволуира за доброто на сите граѓани во Република Македонија за да не дојде и да го изгуби кредибилитетот кај народот кој очекува многу работи да тргнат на добро. Меѓутоа јас мислам дека до тоа може да се дојде ако се има добра желба. Но, од друга страна пак сум скептичен, дали ќе сака некој да дојде до тоа.

Познато е дека коалицијата за промени во последните избори освои доволен број на пратеници, токму 62 за да може и самата да ја конституира Владата, но вклучувајќи ја само ДПА како нелегитимни претставници на Албанците, затоа што го нема мнозинското гласачко тело од Албанците. Мнозинското гласачко тело од Албанците го има ПДП. Но, всушност се сака да се постигне ефектот на декор во владината структура, со јасно одредени цели во собирањето на поени од меѓународните структури.

За што се залагаше Партијата за демократски просперитет? ПДП се залагаше ниту еден блок од партиите во изборот да не добие огромно мнозинство, за да ги зацврстиме нашите позиции како албанци во РМ. Но, за несреќа, можеби на албанците во Македонија, па и во целина на сите граѓани во Македонија токму тоа се стори, па имаме коалиција која освии мнозинство на пратеници и можеше самата да ја состави Владата.

Познато и е на целата јавност дека политичките партии на албанците во Македонија, барем најголемите ПДП и ДПА на изборите излегоа со една заедничка платформа, пишана платформа, избори кои дадоа 10 пратеници за ПДП и 7 пратеници за ДПА само во мнозинскиот систем. Според тоа интересот на партијата на ПДП и ДПА беше после изборите да продолжи таа соработка меѓу овие партии се дотогаш додека ќе се понудеше влегување во владина коалиција да се седне и да се разговара и да се дојде до еден заеднички договор меѓу две партии на Албанците и со заедничка платформа да се пристапи во разговори со другиот блок од

коалицијата за промени. Меѓутоа, се случи спротивното. Партијата која ја нема таа легитимност кај албанците значи на мнозинството кај албанците се одлучи сама да влезе во Владата, таа да ја зачува стабилноста во Македонија. Јас би кажал нешто друго.

И во експозето на господинот мандатар стоеше дека ДПА е вклучена во Владата да ја зачуваме внатрешната стабилност, да немаме меѓуетнички конфликти во РМ. Јас би рекол дека меѓуетничките односи во Македонија ќе се подобруваат само ако Албанците се третираат рамноправни во оваа држава, а не верувам дека сте го разрешиле ова прашање само со вклучувањето на ДПА во власта. Не е само ДПА албанска партија. Уште еднаш ви кажувам дека ПДП го има легитимитетот, она го има мнозинството од гласачкото тело.

Ќе има добри меѓуетнички односи во РМ само ако се прифатат тие точки од платформата што заеднички влеговме со нив во изборот. Тоа треба да ни биде јасно, а тоа многу добро, кратко и јасно го кажа и координаторот на пратеничката група. Тие се круцијалните барања на Албанците во Македонија. Па на крајот на краиштата тоа не се ни барања, тоа се легитимни права на Албанците во Македонија иако треба уште еднаш да кажам дека оваа држава заеднички ја изградивме, за оваа опција бевме од 1990 година, бевме за овој пат, сите прашања да се разрешуваат чекор по чекор во институциите на системот. Ќе имаше стабилност во Македонија ако таа платформа што беше потпишана пред изборите меѓу двете најголеми албански политички партии, денес беше дел на владината програма. Меѓутоа, за жал, од таа платформа во експозето на г-динот мандатор на претседател немаше ништо. Сигурно јас нема да му се лутам на мандаторот и на партиите од македонскиот блок бидејќи тие ја чуваат својата позиција. Креаторите на новата влада за сето време игнорираа во своите консултативни разговори една легална парламентарна и впрочем најголема партија на албанците, со крајна цел да се одбегне соочувањето со проблемите кои би му се доставиле за разрешување со однапред определни рокови. Познато е дека ПДП знае да ги артикулира интересите на граѓаните во Македонија, се подразбира и интересите на албанците и знае да ги промовира и заштитува тие интереси. Ние тука ви ветуваме дека како политичка партија ќе ги поддржиме сите проекти кои ќе бидат во прилог на изградувањето на демократските институции во РМ, но ќе бидеме лути противници ако се работи спротивно на овие интереси.

Јас знам дека мандаторот свесно ги одбегна разговорите со ПДП зошто во тој случај ако во Владата влезеше и оваа партија тогаш албанците ќе имаа претставници во силата на 25 пратеници. Впрочем ПДП имаше некои разговори со коалицијата за промени, но, за жал, тие беа неформални. Но, коалицијата за промени успеа да ја вклучи помалата партија на Албанците во Владата, што јас тука би кажал дека тука е оваа голема способност на мандаторот и тоа е за секаква почит и треба да го почитуваме. Тоа е способност. Еден голем успех на самиот мандатор кој успеа да го наметне своето мислење, својата идеја кај една албанска политичка партија.

Јас треба тука да објаснам дека ПДП не зема учество, по една изјава на мандаторот, дека ПДП не учествува во Владата поради технички причини. Јас би рекол дека ПДП не учествува во Владата не поради технички причини како што се изјасни мандаторот, туку заради политички причини, затоа што ПДП е сериозна партија со модерни визии и со стекнат меѓународен реитинг. Без заедничка меѓупартиска платформа која ќе беше вградена во владината програма и платформа со определени рокови и определби на извршување, ПДП не можеше да замисли влез во извршната власт. Ова е одговорот од страна на ПДП. Меѓутоа, една друга способност на коалицијата за промени е што успеа уште еднаш да ги дели албанците. Тоа не е кривица на коалицијата. Тоа е кривица на нашиот партнер. Според тоа ПДП од Владата во идниот мандатен период очекува да обезбеди рамноправен статус на албанците во Македонија, што би можело да се оствари преку политичкото дејствување, чекор по чекор, унапредувајќи ја положбата на албанците во сите области, значи во сите државни органи, институции, јавни установи, претпријатија, треба да има пропорционална зафатеност на албанците. Да се залага за проширувањето на употребата на албанскиот јазик на државно и локално ниво, како и образование на албански јазик на сите нивоа.

Имајќи ја предвид потребата за високо образование на албански јазик се наметнува неодложното решавање на статутот на Тетовскиот универзитет, со

усвојување на законот за високо образование, а ние денес во експозето на господинот мандатор не видовме никаде за високото обрзование на албански јазик. Еве на пример јас тука ќе спомнам дека ПДП во изминатиот период кога се работеше за високото образование на албанците оствари една поволна клима во Македонија односно во јавноста дека образованието на сите нивоа е една голема и универзална потреба на сите граѓани. Остана таа определба само да се финализира. Покрај тоа во изминатиот период ПДП оствари во државната администрација процентот на вработувањето на албанците од 2% порасне некаде на 8%, па со право очекуваме идната Влада или третиот партнер во оваа коалиција овој процент да го удвостручи во својот четиригодишен мандат.

Сосема на крај сакам да истакнам и некои забелешки околу составот на Владата.

Факт е дека нивото на претставување на албанците во оваа извршна власт е намален. Се назначуват министри албанци во министерствата кои уште не се создадени, па на крајот на краиштата не им се знаат ни надлежностите кои ќе бидат, министерства кои немаат инфраструктура. Јас не сакам да се повторувам со г-динот Мерсел Биљали па да ги набројувам по бројки, па може да се рече овие министерства се и беззначајни.

Јас уште еднаш би спомнал дека ПДП во изминатиот мандат ги имаше ресорите за финансии, стопанство, култура, сообраќај и врски итн. да не ги набројувам, што не е случај со определените министерства за претставниците на ДПА. Во минатиот состав што сега помина ПДП имаше 5 министри и 5 ресори од вкупно 20. Ако се оди процентуално тоа е некаде 25%, колку што сме со службената статистика во Македонија, или можеби и повеќе од 25%. Денеска ДПА има навистина денес има 5 министри, но од вкупно 27 ресори и министерства, што опфаќа процентуално само 18%.

Не е вистина тоа што произлегува до некои изјави дека бројот на министерствата не е толку битен. Напротив тоа е битен фактор со кој успешно можат да се остварат зацртаните проекти кои се интерес на народот кој го претставуваме. Очигледно можеби има тука и некои други интереси, лични групни, партиски. Сега веќе е јасно една политичка партија на албанците не го почитуваше договорот со ПДП и се одлучи да учествува во Владата, зборавајќи ги најважните прашања во тој домен. Тоа се најважни прашаша за нас албанците во Македонија. И покрај тоа ние како ПДП не сме склон ова учество да го оцениме како нивно предавство. Напротив ние секогаш сме веселе дека е добро да се учествува но не да се учествува со една непишана платформа потпишана од страна на мандаторот или партиите кои учествуваат во тоа. Не на жими мајка. Поминаа веќе тие времиња.

Би имал уште многу што да кажам но ќе се повторувам со моите колеги и затоа толку за денеска.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот АбдуладиВејселиВејсели.

Сега му давам збор на Замир Дика, сега во својство на пратеник, а не координатор на пратеничката група, а потоа има збор Нано Ружин и потоа Петар Гошев.

Има збор г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Ова не значи дека ќе бидам долг. Мудроста е во кратките но содржајни говори. Чудно ми е што многу бргу се анализираше експозето, експресно, речено. Дури се оди до тоа експертно и експертски предвидува се што ќе се случи.

Изгледа тоа од практиката наследно нешто. Овие направени краткодолги анализи, се дел, колку што јас ја сваќам демократијата, на една предизборна кампања. Мислам дека имавме време за тоа. Да ве потсетам дека изборите поминаа и довербата веќе се изгласа.

Што се однесува до мојот одговор за поставените прашања од господата од ПДП *ќе* го насочам вашето внимание кон една бајата дестимулација. Се зборува за искажувањеата на новиот уште неизбран премеир, а господата забораат на изјавите на поранешниот премиер после гостиварските настани, после проблемите со Универзитетот во Тетово. Тоа го зборуваат оние што го изгласаа Уставот. Тие кои успееја ни Педагошкиот факултет да го зачуваат. тие што го излгасаа фамозниот закон за знамињата. Само да ве потсетам дека иницијативата произлезе од двајца советници на СДСМ од Гостивар и други вакви решенија. Секој паметен дека го гледа тоа. Сега чудно од ДПА бараат за

еден ден да ги решат сите тие работи. Ова мисламдека е некоректно.

Што се однесува до легитимитетот за тоа веќе нема да коментирам. Оваа платформа што фамозно се два три пати можеби ја напишале на некоја писачка машина и течно ја читаат, но многу јасно се гледа каде лежи духот на таа платформа и коегзистентноста. Се повторуваат истите работи, истите гурливи меѓунационални проблеми кој беа присутни пред 8 години и истите сега ги изнесуваме. Кој беше на власт 8 години? Како го заборавааат тоа. Не е време денеска да ги заклучиме нашите ставови, туку да и дадеме време на Владата барем од демократски причини да се докаже и во прагмата. Мислам дека тоа е во интерес на луѓето што се од надвор и што од нас очекуваат. За да ги залечам сомнежите на ПДП, да ги кажам дека ДПА ни на свадба не оди без платформа. Па на крајот на мандатарот му сугерирам нека ги земе нив во Влада, па нека не остави брате мили (аплауз).

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе на државата, почитуван претседателе на Собранието, почитуван г-дине мандаторе, дами и господа пратеници и гости.

Јас мислам дека се кажаа доста работи за настапот на идниот мандатор, јас ке се обидам да не ги повторувам некои што веќе кажаа особено мојот колега Никола Поповски. Имам две забелешки. Од доменот на надворешно политички односи и до доменот на социланата политика. Ме збунува хеарархијата на целите одовдека. Конкретни постапки и активности за зачленуваше во Европската Унија до скоро имаше односи и соработка со САД и на трето место од НАТО. Секаде се потенцира НАТО и ЕУ. Меѓутоа, нашите американски пријатели нема да бидат навредени ако барем во воведниот дел се кажеше дека ние сепак остануваме доследни на тие принципи на соработка. Додека исто така сметам дека ќе направите една разлика меѓу тоа какво ни е членството во НАТО, какво во ЕУ ние практично не асоцираме членство во НАТО, практично се надеваме дека тоа ќе го добиеме.

Втората забелешка ме асоцира на некој неврзани времиња прошируваше на односите со партнерите од Блискиот , Среднот и Далечниот исток, Латинска Америка, Африка и Австралија да додадеме огнена земја и петагонија бидејки ќе го обиколиме целиот Свет. Навистина една земја од 2 милиони жители ќе биде малку необично да има толку голема амбиција да биде присутна на секаде.

Сега што се однесува до социјалната политика, еден од главните влогови на сите политички односи, на сите политички утакмици е социјалната политика. Дури али со цел вели оној што владее мора и да храни. А од Втората светска војна наваму една од најафирмираните елементи на тоа што хранат е Државата, односно социјалната држава која се занимава со социјална политика.

За жал, во ова експозе, само на едно место и тоа под некоја фуснота број 8 на страница 11 се зборува за некоја социјална политика и тоа во доменот на намалување на невработеноста. Инаку мислам дека заслужуваше социјалната политика да има посебен наслов во ова експозе. Од друга страна изразот намалување на невработеност е малку нелогичен затоа што вие невработеноста можете да ја намалите по пат на миграција, по пат на војна и по пат на висока стапка на морталитет. Што ке рече се определувате за една политика која што има еден многу пасивен однос кон проблемот на невработеноста. Денеска во светот се зборува за политика на вработување, а не за политика за намалување на невработеноста. Значи треба да се апострофира активниот елемент на политикат на вработување.

Од друга страна, во овој дел особено се зборува за проблемот околу невработеноста, односно сите елементи кои што ќе бидат употребени. Денеска знаеме Балканот наместо да е простор за еден релаксивен живот, сите зборуваат за еден социјален Балкан. Каков е одговорот на идната Влада во однос на овој социјален проблем број 1, а тоа е невработеноста. Мислам дека одговорот пред се, е многу паушален и сегментиран. Нема една коегзистентна социјална политика во вашиот осврт, можеби имате други планови понатаму, меѓутоа, од ова што денеска го чувме не ни дава доверба да се надеваме дека ќе постојат подобри денови за Македонија во овој домен. Не е коректно да се повикувате на шифрите 45% невработени, кога знаеме дека според Заводот за статистика, поинаку е признаен од страна на Светската банка, таа стапка изнесува одколу 31%. Меѓутоа, ако сега имате некој други скриени намери, па да кажете 45%, или пак можете да кажете 65% и еден ден да дојдеме до 31%, практично се враќаме на тоа што денекса постои. Коректно ќе биде

да се повикуваме на институции кои што практично се авторитет во овој домен.

По однос на пензиското осигурување зборувате единствено за реформите на пензиското осигурување. Меѓутоа, пред оваа држава постојат огромни предизвици во доменот на социјалната заштита. Значи целиот систем на социјалната заштита. Инаку, социјалната политика е составен од 4 големи домени: за политика на плати, каде што ништо не кажавте, иако во вашата кампања се зборуваше доста за зголемување на животниот стандард, вториот домен е политиката на вработување, третиот домен е социјалната заштита и четвртиот домен политика на образование во функција на социјалната политика. Едно што особено ме збунува е насловот Социјална сигурност. Социјалната сигурност е психолошка состојба. Индивидуална состојба на секого. Ако се чувствуваш социјално сигурен, тоа значи индивидуално чисто на мене самиот. Дали во оваа Држава се чувствуаме социјално сигурни. Меѓутоа, социјално осигурување е друга работа. Мислам дека авторот тука прави мешање на појмовите. Затоа што социјалната сигурност како поим кога ја апострофираме на овој начин, вие давате само анализа на состојбите меѓутоа, не давате одговор на кој начин ќе ја подобриме социјалната сигурност на нашиот граѓанин. Всушност се зборуваше за оние 10.000 нови вработување на социјално најзагрозените. Јас навистина се прашувам еве политички маркетинг е, се сетиле меѓутоа, ако нешто постои во Светот тоа да се даде одговор на најсиромашниот слој на граѓаните. Како да се најде соодветен одговор кога вие во овој дел велите вака: применување на принципот на поделба на средствата во поголем поединечен износ на оној дел од населението кое навистина е социјално загрозено. Што значи тоа? Ние на факултетите што предаваме често го студираме Британскиот Лорд Девериќ, кој што е татко на современата социјална заштита. Еден од основните принципи што практично го покажувате вие дека нема дискриминација меѓу сиромаштијата, односно современа социјална заштита вели вака: покриеност на сите загрозени луѓе, мегутоа вие се повикувате дека помалку сиромашните не му овозможиле на помалку сиромашните, она што досега го добиваат за да им префрлиме средства на најсиромашните. Мислам дека можеби не сте мислеле така, можеби е грешка во толкувањето, но сепак мислам дека е нелогично ова што го кажавме денеска. Конечно една констатација која може да најде место и кај Пецко, а тоа е популациона и демографска политика. Се прашувам на кој начин ќе најдете баланс меѓу биологијата или ако кажам поедноставно нагонот на човекот неговото чувство на културна развиеност итн. Мислам не е говорницата место каде сега би образложил се, меѓутоа навистина е необично административно да им наметнувате на лугето ставка на наталитет, согласно нивната ставка на емнаципација итн. Наместо тоа ви предлагам да се тргне со една политика на индустријализација и урабанизација на просториите, каде што постои една загроженост, или една висока стапка на наталитет.

Колку го сваќам авторот мислам тоа сакаше да се каже. Се настојува да се најде еден баланс меѓу биологијата и културата. Инаку немавме доволно време целиот материјал детало да го анализираме сепак јас се надевам дека во однос на националните интереси ќе ги застапуваат интересите на целиот народ во оваа држава. Ние рековме онаму каде што ке покажете одредени национални решенија секогаш ке ги поддржеме, но секако ке застанеме отворено опозиционерски против сите онеи решенија кои што не се во полза, кои што ги загрозуваат нашите општи национални интереси. Во таа насока мојот однос кон создавање на нови министерства е сепак само решавање на вашите нови кадровски договарања и мислам дека нема смисла да се оптоварува државата и Буџетот со нови министерства па нови бироа, па нови коли итн.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани дами и господа, јас сакам да ја искористам приликата, чувствувам задоволство денеска да го поздравам јавно Претседателот на Новиот Парламент, јавно да му честитам, да го поздравам Претседателот на Републиката Г-динот Глигоров, на екс премиерот г-динот Црвенковски, досегашен премиер и сега шеф на Најголемата опозициона партија и на настапувачкиот мандатор, Новата Влада и се разбира на сите Вас да ви го честитаме изборот и да си посакаме подобра работа во овој Парламент од претходните Парлементи.

Морам да кажам дека ова за мене е празничен ден, иако има жестоки конфронтации уште на оваа седница кога треба да се избере Владата на Република Македонија, но за мене празничен ден е

затоа што ние всушнсост ја конституираме третата парламентарна власт, трет состав на Влада, после три парламентарни избори, за нашата Република многу важно, а тоа е можно затоа што сепак РМ не е држава само од 1991 година, туку била и пред тоа држава, иако имаме непрекидни искажувања, во жарот на политичката борба од повеќе учесници во политичкиот живот, РМ е држава по 1991 година и после 1998 година ќе биде држава и дека го фаќаме чекорот на работите кои што се практикува со децениии во развиенот свет. Затоа овој ден без оглед на такви конфонтации, јас го чувствувам празнично иако не победи Либерално демократската партија, затоа ја користам оваа прилика на сите учесници пред 1991 година и на сите по 1991 година во власта и во опозицијата, кои што помогнале да присуствуваме на чинот на Третото парламентарно формирање на Третата Македонска Влада, да ја искажам нашата благодарност, нашата почит и нашиот длабок поклон кон сите тие што учествувале во сите теи процеси.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Нема сомнение дека Република Македонија го започна процесот на европеизација, нема сомнение дека многу учесници во опозицијата и во власта придонесоа за тоа, но нема сомнение дека нашите стандард мерени според тој многу експлоатиран збор европеизација, а сеуште многу мислеа и дека судот за тоа дека стандардниот, безбедносниот или животниот стандарден аспект е мошне низок и дека тој суд токму заради тоа на сублимиран начин го искажаа многу во Република Македонија гласајќи за промена на власта. Либерално-демократската партија се залагаше за смена на власта со сите свои аргументи, но се разбира бараше поддршка за својата политичка програма. Граѓаните на Република Македонија во поголем број овој пат поверуваа повеќе на политичката понуда на коалицијата насловена со зборот "промени" и ние како пратеници од ЛДП таа волја на граѓаните максимално сме должни да ја почитуваме и ќе ја почитуваме. Поентата на тоа ми е всушност следната.

Мандаторот - јас сега нема да говорам за експозето на на мандаторот, имаме многу прилики да говориме за тие прашања, но мандаторот денес предлага Влада, Влада со проширен состав, зголемен во споредба со претходниот состав на Владата. Во нашата програма во програмата на ЛДП ние имаме запишано дека ќе извршиме намалуваше на бројот на министрите, намалена Влада. Ова би можело да биде прилика, ако сакаме, да се спротивставуваме на Владата на г-дин Георгиевски, меѓутоа, тоа не е доволно ние да се спротивставиме на коалицијата која ја манифестира волјата на мнозинскиот дел на избирачите на Република Македонија.

Затоа, едноставно денес ќе гласаме за Владата на г-динот Љубчо Георгиевски. Ќе гласаме затоа што како што реков ова е прилично важен ден за Република Македонија и заради тоа што, покрај другите принципи во Програмата на ЛДП ние многу се залагаме за принципот на сменливост на власта низ демократски средства и се залагаме за правото на шанса на секој граѓанин на Република Македонија, на секој политички субјект кој се јавува во политичкиот систем на Република Македонија. Во името на тоа право на шанса, а таа шанса им ја дадоа граѓаните на Република Македонија на Коалицијата за промени, изјавувам дека ние ќе гласаме за денешниот состав на Владата на г-дин Љубчо Георгиевски и веруваме дека денес таа Влада ќе биде избрана, бидејќи постои потребното парламентарно мнозинство. Еве, јас однапред им ги упатувам честитките на таа Влада и им посакувам успешна работа, а се разбира понатаму ние ќе проценуваме оваа Влада како работи и онака како што говори и во зависност од тоа што ќе биде како понуда, како практикување на власта, така ќе се однесуваме во секој од тие моменти.

Уште еднаш честитки до сите Вас и до Владата што ќе биде избрана.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-диног Петрар Гошев.

Има збор г-динот Хисни Шаќири.

Бидејќи г-динот Шаќири не е тука, збор има г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседател, по втор пат, почитувани идни претставници на Владата на Република Македонија, мандатар на Владата на РМ, колеги пратеници, се разбира дека и ние како пратеници мораме да го искажеме нашето мислење во однос на експозето на премиерот и нашите очекувања во однос на тоа што очекуваме од новата Влада. Мене лично ми е мило дека на некој начин во Македонскиот народ доаѓа на национално помирување, иако по се изгледа тоа нема да биде комплетно. Се

надевам дека истото помирување ќе дојде и на меѓуетнички план меѓу албанците и македонците во Република Македонија. На некој начин симболично тоа е претставено со коалицијата меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДА, кои се истакнуваа во изминатиот период со исклучителни спротивставености меѓу себе. Но во секој случај ние во улога надвор од владината коалиција сме принудени да обрнуваме внимание на некои работи кои ги очекува идната коалиција.

Во прв ред, ние се надеваме дека ова меѓу етнично померување меѓу албанците и македонците нема да биде само поради меѓупартиски причини од двете партии. Се разбира, тука не ја исклучувам и Демократската алтернатива која по се изгледа има многу вложено во ова. Во секој случај сакам да Ви обрнам внимание, доколку ова нема да успее, цената ќе биде многу висока. Секое големо исчекување раѓа и големо незадоволство и одговорноста што ја имате поради ваквиот чекор што го правите, иако јас ја поздравувам целата оваа работа која ја правите во една мирна атмосфера, сепак, треба да бидеме свесни за неколку работи.

Пред се, во овој случај не се работи само за една желба албанците и македонците да си ги надминат проблемите со кои се соочуваат. Реално меѓу албанците и македонците постои конфликт на интереси кој ќе треба полека да го решаваме.

Морам да Ви обрнам внимание дека од самиот почеток не сум многу задоволен од начинот на кој ја совладувате оваа прва пречка за задоволување на интересите и на албанците и на македонците, вклучително и на другите националности кои живеат во Република Македонија. Од друга страна, мислам дека обезбедувањето на внатрешнате стабилност и безбедност и обезбедувањето на внатрешниот мир нема да успее доколку се заобиколуваат проблемите, доколку отворените прашања кои постојат се оставаат за некое друго време, несакајќи да се соочите со истите. Мислам дека вие треба да бидете свесни за тоа дека ние нема да Ви дозволиме мирно да владеете, а да не се зафатите со овие проблеми. Ние ќе ги отвораме непрекинато, дури и со тоа што ќе ви предлагаме закони, за кои ќе ве натераме да се изјаснуваме. Ова ќе биде болно и за нас, и за вас, но мислам дека ќе биде многу потребно за сите, и за безбедноста и за сите овие цели што ги кажавте во оваа смисла.

Што се однесува до вашето експозе, кое внимателно го прочитав, Ви обрнувам внимание на неколку моменти со кои ќе се соочите во времето на Вашето владеење.

На надворешно политички план мислам дека експлицитно и едногласно изразената желба на сите граѓани, без оглед на нивната националност, етничка припадност, за зачленување во Европската унија, НАТО, за добри односи со земјите во кои владее демократија и просперитет ќе треба да се искористи, за тоа што сите ќе Ве поддржиме во ова. Но во оваа смисла тоа нема да биде само декларативно. Ќе треба многу сериозно да се зафатите со решавање на отворените прашања. Само за ваше информирање да кажам дека во Советот на Европа и од Советот на Европа постои мониторинг над Република Македонија, процес кој е многу важен за тоа како Македонија ќе се вреднува во натамошните чекори на приближување кон Европската унија па и кон НАТО. Мислам дека во овој поглед останаа многу работи незавршени од Владата во која ние учествувавме. Некои прашања кои се отворени од меѓуетнички карактер успеавме да ги држиме отворени, не ги затворивме ни така ни вака. Тоа Ви останува на вас. Можете и Вие Да ги држите отворени и да ги оставите на некој друг, но тогаш тоа ќе биде во спротивност од башата искажана готовност да се зафатите на решавање на овие тешки проблеми и ние непрекинато ќе ве потсетуваме.

Во овој случај, што е уште поважно? Тоа дека република Македонија во мониторингот кој се одвива кон Република Македонија 80% од тој извештај се однесува на положбата на албанците во Република Македонија , што значи дека доколку и понатаму овој проблем се заобиколува, Македонија само ќе се врти во круг и ќе биде многу далеку од овие желби за вклучување во НАТО и Европските институции.

Оценките што ќе се даваат за Република Македонија во однос на меѓуетничките односи ќе зависат многу и од имплементацијата на принципите определени во некои документи кои Парламентот на Република Македонија во минатионт состав ги ратификува, но се уште можам да тврдам дека не е отпочната нивната имплементација. Исто така, ќе се оценува и во однос на тоа дали Република Македонија кон овие институции. Од овој аспект да бидете свесни дека во голема мера од односот

кон овие прашања ќе се оценува и готовноста на Република Македонија да гради меѓуетничк хармонични односи, од кои ќе се вреднува готовноста на Република Македонија да се приклучи кон семејството на демократски заедници.

Едно од клучните прашања, кое и во Вашето експозе беше кажано а по кое сигурно ќе се оценува и вреднува успешноста на оваа Влада, ќе биде владеењето на правото и безусловното почитување на човековите права и слободи. Не ретко во општествата со повеке национална структура правниот поредок се става во функција на репресија на побројниот ентитет кон помалубројниот. Во тој поглед ќе биде во спротивност со декларираната готовност за градење на хармонични меѓуетнички односи, користењето на правото, правната држава и на правниот систем за оправдување на концепт на внатрешната организација на државата што генерира неправедност и нерамноправност по етнички основ. Доколку оваа Влада не направи сериозен напор националните права да се третираат како составен дел од елементарните човекови права, нема да може да даде придонес кон разрешување на отворените прашања од меѓунационалните односи.

Нашиот однос кон Владата и коалицијата во голема мерка ќе зависи од пристапот што ќе се има кон добро познатите барања изнесени од страна на легитимните претставници од албанците во Република Македонија и јас се надевам незаборавени од страна на Демократската партија на албанците. Тие имаат обврска, преземена кон албанскиот народ во Република Македонија, да ги почитуваат истите аи доколку постапат во спротивно со тие барања со таа заедничка платформа, да бидете свесни дека казната ќе биде многу сурова, политичката казна пред се, а и моралната, кон сите тие кои преземаат ваква одговорност.

За жал, морам тоа да го кажам, самиот почеток на оваа меѓупартиска соработка на оваа коалиција, според општите оценки, зборувам за албанскиот електорат, не ветува нагорна линија во однос на положбата на албанците во Република Македонија. Дозволувам ова да бидат само првични впечатоци, но ова го заклучувам имајќи го предвид бројот на министерствата што им се даваат на албанците и бројот на министерствата со кои ќе раководат албанците. Во овој поглед ценам дека е направен штетен одговор за учеството во владината коалиција, бидејќи, јас барем така мислам, можело да се направи и еден подобар пазар, доколку можеби не постоел стравот дека евентуално ние би можеле да се вклучиме во тоа, што јас ве уверувам, атоа може да го потврди и мандатарот дека во ниеден момент не станувало збор.

Овој договор, обрнувам внимание, дека може да се оправда само со тоа што ке видиме конкретна реализација на барањата на албанците содржани во политичката платформа. Доколку ние видиме дека има прогрес во овој поглед, тогаШ секоја чест, ќе ги повлечеме нашите сомнежи, односно нашите сомнежи можете да ги сметате и безпредметни.

Доколку во одредено време видам дека овие наши првични оценки биле погрешни, од оваа говорница ќе побарам јавно извинување ѕа ова што го кажав. Тоа сигурно ќе го направам и од оваа говорница изјавувам исто така дека и јас и нашата пратеничка група за сите позитивни чекори што ќе ги имате, што ќе ги направите ќе имате поддршк; но исто така, за се она што ќе оцениме дека оди во спротивност со интересите на албанците во Република Македонија ќе се спротивставиме и тоа жестоко. Исто така, ние ќе бидеме против задржувањето, тоа го кажав и на почетокот, но треба да се повтори пак, на статускво во кое се западнати односите меѓу албанците и македонците во Република Македонија и се разбира, ние очекуваме дека ова наше чувство дека е направен лош пазар да се компензира со други работи кои можеби еве се дововор меѓу коалицијата, за кои ние не знаеме. Ние оставаме отворена врата да видиме. Се разбира, уште е почеток, не се кажува се во политиката, но ние будно ќе бдееме и ќе гледаме што правите.

Исто така, ПДП ке биде брана за секој обид да се намали важноста на албанскиот фактор во Република Македонија и ќе имате полна поддршка за секој обид да се испочитува реалноста, која што и во вашето експозе ја кажавте.

Се разбира, да не излезе дека нас ништо друго не не интересира освен тоа што ќе биде со албанците. Мислам дека ветивте многу, очекувањата се многу големи, исто така и стравувањата дали сето тоа што го кажавте можите да го направите. Јас се надевам дека ќе ја имате и меѓународната поддршка и поддршката внатре од нас, доколку

правите добри чекори за доброте на граѓаните, но мислам дека сте свесни и самите дека жестоко ќе ве напаѓаме секогаш кога ќе почувствуваме дека одите во поглрешен правец.

За денес толку, да знаете дека будно ќе ве следиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-дином Мевљан Таири. Збор има г-динот Шакири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине Претседателе на Република Македонија, господине претседателе на Парламентот, ние денеска како пратеници и како претставници на народот имаме доста сложена задача кога станува збор за избор на нова Влада исто така и за многу други работи за кои се определија граѓаните на Република Македонија, тоа значи за промени и треба да ги очекуваме овие промени во наредниот период. Тоа може да се оствари само со избор на новата Влада, а исто така со поддршка на опозицијата, бидејќи самата Влада и самата позиција не може да ги реализира сите потребни работи во оваа држава без поддршка од страна на опозицијата. Каква ќе биде поддршката на опозицијата ние знаеме дека тоа може да биде со една конструктивна критика за многу работи, бидејќи за овие осум години знаеме како функционираше Парламентот, како функционираше позицијата и опозицијата и како стојат работиве во оваа држава.

Сега ние не можеме да кажеме дека сите работи се на највисоко ниво, бидејќи за ова знаат подобро граѓаните на Република Македонија со самиот чин што се определија за промени и очекуваат промени секако. Меѓутоа, беше кажано многу за функционирање на досегашната коалиција. Јас како пратеник од претходниот состав и од првиот состав на овој законодавен дом. Јас знам како пратеник, а знаат и граѓаните на Република Македонија. Знаеме дека Република Македонија за овие осум години имаше доста проблеми и од сферата на економијата и од политички аспект. Знаеме какви беа меѓунационалните односи. Кој е виновен за сите овие работи, поготово за меѓунационалните односи?

Господа, беше доста кажано за подобрување на меѓунационалните односи, а што се работи за оваа проблематика, ние знаеме. Ние имаме јасна слика како делувала власта до сега во Република Македонија. Имавме неколку немили настани кои беа многу лоша слика за Република Македонија. Зошто да не го кажеме и тоа. Претседателот на државата Република Македонија ја прогласи пред меѓународните фак-тори како оаза на мирот. Со што може да се оправда оазата на мирот, кога знаеме дека за една кутија цигари во 1992 година ги имавме битпазарските настани. Исто така во 1994 година на почетокот имавме интервенција на полицијата во Тетово, за тетовскиот универзитет. Власта интервенираше да го спречи високото образование на граѓаните на Република Македонија, бидејќи албанците се граѓани на Република Македонија, барем тоа е гарантирано со Уставот.

Имаше ред други демагошки настапи и на Владата и на целокупната коалиција. Бидејќи беше поставено прашање за поделба на министерски места, точно е дека ние во овој момент не сме застапени според тоа што го заслужуваме и по бројот на пратениците во овој Парламент и исто така по процентот на албанците во оваа држава.

Меѓутоа, ДПА, јас можам да кажам отворено и без да размислувам во врска со овој проблем ние можеме уште повеќе да го намалиме овој број само нека се решат отворените проблеми за албанците. Многу ќе биде интересно и за државата и за албанците да се решат овие отворени проблеми денеска отколку да бидеме застапени со 5-6-8 министерски места во Владата на Република Македонија. Ние знаеме каква е структурата на застапеноста на албанците во другите органи на државата почнувајќи од локалното ниво, ние сега треба да се гордееме со пет или шест, па нека бидат и седум министерска места. Таа структура е многу лоша. Некој треба да го поправи тоа, некој треба да преземе многу радикални измени во контекст на решавање на овој проблем.

Исто така беше поставено прашањето во врска со тоа што сме се договориле за некои отворени прашања.

Господа, јас исто така имам право да поставам прашање зошто не се донесе законот за високото образование, зошто не се донесе до сега? Само за да се чува коалицијата. Дали не беше така? Дајте да бидеме и самокритични. Зошто не беше донесен деловникот за работа на ова Собрание. Исто така постои прашање и од страна на граѓаните на Република Македонија и од страна на многу други заинтересирани луѓе во оваа држава.

Јас како пратеник од претходниот состав знам зошто не се доесени. Се избега, на некој начин, од решавањето на овие проблеми. Некој до сега не сакаше да го реши статусот на тетовскиот универзитет. Тоа е чиста работа. Зошто тоа некој не го сакаше. Ние разговаравме за ова прашање, ние како пратеници албанци зборувам за себе, ние прифативме да гласаме многу важни документи за оваа држава, но власта до сега не најде за сходно барем еден важен проблем за албанците да го реши во оваа држава. Ако и понатаму продолжи целокупната политика на оваа држава, јас сум убеден дека ќе биде штета за граѓаните на Република Македонија и затоа ние сега не треба тука демагошки да се однесуваме за многу други за сериозни проблеми, треба да бидеме многу посериозни и заеднички да ги решаваме проблемите кои се многу важни не само за албанците, туку и за перспективата и стабилноста на оваа држава.

Зошто Парламентот на оваа свечена седница, бидејќи имаме избор на новата Влада, ние да се бавиме со проблеми кои се многу ниски во другите демократски земји, а кај нас се поважни дури и од економијата. Бидејќи сум свесен дека и во економски аспект Република Македонија не може да има стабилност без решавање на овие проблеми.

Исто така реков дека се донесе Законот за лична карта,но тој Закон не

се применува до ден денеска. Зошто се блокира? Исто така и за овој проблем има одговор. Се знае што е и за многу други работи, затоа мислам дајте да им дадеме простор на новите луѓе, на новиот кабинет да видиме што ќе направи, бидејќи обврска е на сите нас, па и на сите граѓани на Република Македонија да им дадеме време на новата Влада.

Доколку господа и оваа Влада ќе продолжи да тактизира со албанското прашање како што тактизираше досегашната Влада, мислам дека ќе биде голема грешка за оваа држава. Можеби досегашната Влада мисли дека направила нешто позитивно за граѓаните на Република Македонија со ова што го одложи прашањето на албанците поготово ста тусот или легализирање на тетовскиот универзитет, тоа е голема грешка. Да се зборува за образование во една демократска земја и од страна на власта да биде спречено, тоа е голем грев. Тоа со ништо не може да се оправда.

Јас очекувам од наредната Влада да не го повтори ова што го направи досегашната Влада.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Хисни Шаќири. Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине Претседателе на државата, почитувани колеги, почитувана екселенцијо од трите верски заедници, се надевам ќе ни дадете благослов да ни оди работата понатаму во овој Парламент и на оваа Влада (поздрави на албански) и во името на толеранцијата (пак поздрав на албански).

Навистина ги гледам промените претходниот говорник отиде, јас дојдов. Позиционер-опозиционер. Прва промена. Ќе бидам многу искрен и не би бил коректен, не би бил ни конструктивен опозиционер ако не кажам многу искрено, знаете дека денеска многу ми е добро што сум опозиционер и потајно чекав осум години да бидам во опозиција и да ја кажам одговорноста од таа страна. Но, како конструктивен опозиционер ќе придонесам со конкретни проекти, со конкретни дискусии да помогнам и да поддржам се што е добро за граѓаните на Република Македонија. Нема да се правам важен денеска да кажам од мене почнува опозицијата, од мене почнува демократијата, од мене почнува Македонија, од мене почнува се што е мед и мелко.

Јас слушнав едно добро читано експозе на идниот премиер на Владата и веднаш се сетив на една дебатна ТВ емисија за меѓует-ничките односи со господинот Камбовски кога реков дека тешко албанец да помине во некоја изборна единица од ДА. И тоа отсечно одговорив, меѓутоа, сега се повлекувам, гледате колку сум фер. Дури ми оди паметот до таму дека експозето го напишал некој албанец од ДА.

Кои се мотивите за коалиција? Многу чисти и многу искрени.

Национално помирување. Меѓутоа, сакав уште малку да навлезам што значи тоа национално помирување. Национално помирување меѓу две политички опции на македонците или помирување на сите кои живеат во Република Македонија.

Има еден дел таму оваа коалиција собра на едно место две партии, две структури на луге кои беа со различни спротивставени идеологии. Добро е тоа. Само меракот ми е што не ја знам

содржината, тука се моите сомнежи.

Приклучувањето на ДПА го сторивме откако изборната коалиција ВМРО ДПМНЕ и ДА имаше обезбедено 62 пратеника. Меѓу две запирки идниот премиер вели,особено тоа го истакнувам. Можеби погрешно го дешифрирам. Ова особено тоа го истакнува, сака да се оправда пред неговата партиска инфраструктура да им каже дека не берете гајле вие, јас ова само го кажувам за да правам коалиција, нормално и да приклучам еден дел на албанците во Владата затоа што тоа го бара Меѓународната заедница. До кога? Точно е дека така се зборуваше и порано. Меѓутоа, ние од ПДП имавме константа, имаме константа, имаме стандарди истото го кажувавме, истото го кажуваме и многу сме транспарентни и сакавме и сакаме политички амбиент да создадеме на еден третман, на еден Парламент, на еден трет или четврт мандат на една Влада да почнеме да го решаваме проблемот. Но, не признаваме, не прифаќаме нешто од човечкиот, партискиот и националниот дигнитет да го кажете јавно тука дека откако направивме 62, тогаш сте интересни вие албанците. Меѓутоа, ја игравте добро оваа работа. Купивте лижавчиња и на тие лижавчиња се зафати некој Тоа со нас од ПДП не може. Затоа што имаме многу стабилен кардиограм и мислам дека така ќе продолжиме и ќе бидеме понатаму многу опстојни во тоа што го кажавме.

Надворешно политичките односи зошто да не се поздравува што е добро. Навистина тука ќе ве поддржиме и понатаму Европска Унија, НАТО и сите тие меѓународни заедници или меѓународни институции каде што и е местото на Република Македонија тука поддршката е со консензус од сите политички партии, меѓутоа, кога ги спомнувате соседите или кога се спомнуваа соседите во експозето во ни еден контекст во експозето на премиерот не прочитав кој е ставот за Косово. Јас сум слушнал од настапите во предизборната кампања, мегутоа, за мене официјално за мене нешто што значи нешто е тоа за што расправаме денеска, тоа треба да се каже во експозето каков е односот понатаму и во кој контекст треба да се спомне и Косово како жарижте, односно како проблем со кој се занимава целиот свет.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Негување и развој на меѓуетничките односи. Националностите ги сметаме за важна составка на Република Македонија. Кога вевме еднаш кај претседателот на Републиката и расправавме сите партии односно репрезенти на партиите за меѓуетничките односи,на господинот Љубчо Георгиевски, малку со шега му кажав, е, господине Георгиевски да си зборувал порано вака коалицијата поодамна ќе се викаше ВМРО-ДПМНЕ и ПДП. Меѓутоа, тоа што доцните, но вели народот никогаш не е касно. Добро е навистина, гледам промени и кај моите некогаш сопартијци ДПА, промени гледам и кај Вас што е многу позитивно и што уште еднаш се потврдува тоа дека демократијата малку порано почнала во Македонија.

Националностите ги уживаат сите права и ги имаат сите одговорности како граѓани на Република Македонија. Во експозето е кажано во сегашно време. Еве уште еднаш можете да проверите тоа е во сегашно време. Што значи дека условно кажувам, ние со СДС и другите партии оваа работа сме ја завршиле и понатаму за Вас нема работа во врска со правата на Албанците.

Во експозето многу често се спомнува идентитетот. Дами и господа, Албанците во Република Македонија немаат никаков проблем со ниовниот идентитет. Таа работа поодамна е завршена. Мислам дека и историски и во континуитет ама баш немаме никаков проблем со идентитетот. И не бараме оваа идна Влада да ни го сочува идентитетот. За идентитетот нека размисли самиот мандатор јас му препорачувам. За него, не за мојот идентитет. И нема потреба да ми го сочува тој идентитет.

Гледам уште на некои пратеници дури и во весниците и во медиумите ги слушам почесто овие реченици: "Ние отсега во Парламентот на Република Македонија ќе ги отвориме прашањата на Албанците". Па, немојте ве молам, медиумите беа 8 години тука, има ТВ снимки, има пишувани статии слушнато и јавни беа овие седници. Прашањата на Албанците во овој Парламент се отворени и тоа многу добро и конструктивно. Дај боже уште некој така да ги отвори. Туку, сакам да слушнам ова дека ние ќе ги решиме тие прашања што останаа нерешени. Ние како парламентарна група создадовме амбиент политички во Република Македонија, создадовме позиција тука и надвор потцртани како модерна, конструктивна и сериозн. политичка партија и сега сме во еден стадиум кога не зборуваме за зачувување на идентитетот, туку треба да зборуваме за решавање на проблеми за кои

создадовме предуслови. Кои се тие предуслови? Многу јасни и кажани денеска тука. Високо образование на мајчин јазик, т.е. легализација на Тетотвскиот универзитет. Оставете ги вие тие надмудрување политички, автономија на универзитетот, реформи, европски ова или она, тие работи заедно ќе ги правиме после. Туку, одговорими господине иден премиер ќе имаме или ќе немаме Албанците Универзитет на албански јазик. Не приватен, приватен пред две години ќе го направевме. Во склоп на тие два универзитета, третиот универзитет на мајчин јазик.

Употребата на јазикот во обем или во одговор бараме. Можеби ќе добиеме одговор во од, но зошто се срамиме па ако веќе сме за промени и генијална, ви кажувам, ви признавам генијална ви беше, генијално беше) мотото "промени". Навистина, граѓаните сакаат промени. Навистина, јас како опозиционер сакам промени. Дајте ни конкретни одговори. Во Вашите биографии никаде не пишуваа дека некој од Вас бил и член на Сојузот на комунистите. Туку биле на некој друштва, ловечки, спортски ова или она. Немојте, дајте до крај искрени да бидеме дека ако собирамс комунистички стаж од оваа страна и од таа страна богами тука ќе бидеме некаде.

Децентрализација на власта. Е, моите колеги од род и потекло сте им кажале дека ќе имате Министерство за локална самоуправа, но не сте и кажале дека министер за локална самоуправа со член 115 од Уставот кој така ги ограничува тие компентенции на локалната самоуправа што навистина тој министер децентрализација не може да прави така, туку ќе прави централизација и централизацијата се знае. Од министерот натаму. Подобро требало да им кажете дека ќе го менуваме Уставот и дури после ќе правиме министер за локална самоуправа. Па, морам да ви кажам незнам можеби и во експозето не треба да се сопмне и тоа политичките затвореници, каде остана тоа прашање. Дали само на конференција за печат или во експозето треба да биде или некаде на друго место. Мислам дека и тука; одговорот не е баш јасен или тие работи не се пишуваат во експозе.

Обично слушаме изјави, па знаете како Уставниот суд тие старомодни од комунистичкиот систем донесоа одлука и го укинаа законот за употребата на змамињата на националностите. Сакајќи да се избегне вистината не се сопмнуваат иницијаторите и иницијативите. Иницијатива од ВМРО-ДПМЕ Иницијатива од Тодор Петров, иницијатива од Либерал-демократите, иницијатива од Томислав Стојановски-Бомбај и тн. и се донесе одлука укинавте закон поддржан тука во Собранието, поддржан од светски институции односно од Европска унија и сега ќе видиме. Кажано е некаде дека ќе имаме подобар закон. Ако платформата политичка на една партија не се изнесува тука преку парламентарната група преку координаторот на групата, а и да се излезе тука и да се пофали со тоа дека ние во платформа не одиме ни на свадба ако со политичка платформа за битни работи кои се рационални се оди на свадба, се оди во чајџилница и не се настапува на говорница во Парламентот отворено се добиваат аплаузи, меѓутоа не од албанците.

И влегувањето во Владата на крајот и во почетокот беше ваков во стилот,што побргу да бидам невеста. Се спомна Бит Пазар, се спомна Речица, се спомна Гостивар. Сведок сум 8 години тука, сведок сум за многу збиднвуања. Имам десетици изјави на Битпазарските настани каде што претепаните пишуваат во нивните изјави вака? "Ќе видиш ти, ќе бидеш тепан и тоа добро тепан, ќе видиш ти што е ВМРО". Тие изјави....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам господине...

(Реагирање од страна на пратениците во салата).

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Криво ви е, меѓутоа изјавите такви беа и токму во тие изјави кои ги добивав тогаш од граѓаните.Но, без разлика како и да е верувајте дека ние многу искрени ќе бидеме и понатаму, ние ќе бидеме опозиција која ќе Ве поддржиме, дури ви велам најискрено да видев одговори на некои) прашања отворени денеска во експопзето,ќе бев еден од тие, кои ставот на мојата пратеничка група не би го почитувал и ќе гласав и за експозето и за Владата. Меѓутоа, навистина од тоа што очекував, не видов. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Исмет Рамадани. Ако тргнеме вака ние ќе бидеме како Грчкиот парламент, па ќе мораме до полноќ да заврши-ме со расправата и да ја изгласаме Владата. Не го ограничувам правото на секого, секој може да си каже, меѓутоа, Ве молам да не се повторуваме, затоа што глеам дека

постојано има повторувања.

Сега, според овде пријавените збор има пратнеикот Љубен Пауновски. Дали е тука господинот Љубен Пауновски, добро излезен е.

По ред е госпдинот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитуван претседателе на Република Македонија, господине претседателе на Собранието, почитувани гости, почитувани кандидати за новата Влада на Република Македонија, дами и господа пратеници. Со внимание го ислушав експозето на мандаторот за состав на новата Влада на Република Македонија. Самото експозе во целина со својот, пред се декларативен карактер остави простор за бројни дилеми околу основните цели и програмски определби на новата Влада и околу пред се, конкретните чекори што треба да бидат преземени во рамките на сите полиња на дејствувањето. Иако во делот за надворешно политичките односи на Република Македонија мандаторот се заложи за конкретни постапки и активности, тие не беа спомнати ниту во една од наведените насоки и експозето и тука го задржа само декларативниот карактер.

Недавајќи пресек на актуелните состојби во надворешно политичките односи, можеби и неможеше да ги наведе конкретните чекори и активности што ќе ги презема новата влада затоа што тие ќе мора да се потпираат на сето она што е досега направено на овој план и да бидат чекор напред а не чекор назад или почнување се од почеток.

Го поздравувам прифаќањето на новата влада на постулатот дека надворешната политика и политиката на националната сигурност се нераздвојно поврзани со внатрешно политичките односи и внатрешната политика.

Република Македонија од првите денови на своето осамостојување водеше конструктивна внатрешна и надворешна политика и на тоа се должат сите дострели на надворешно политички план постигнати во изминатио период.

Благодарение на таквата конструктивна надворешна политика Република Македонија денес е целосно етаблирана во меѓународната заедница и ужива голем меѓународен углед. Посебно позитивно се цени придонесот што во целиот изминат период го дававме кон мирот и стабилноста во регионот и пошироко и во неговата трансформација во регион на мир,стабилност, безбедност и соработка. Се определивме за подеднакво добри односи со соседите за решавање на сите отворени прашања по пат на дијалог но и врз основа на рамноправни односи и меѓусебно почитување. Со таквата политика ги унапредивме билатералните односи со сите соседи. Токму со конкретни постапки и активности. Се потпиша спогодбата за меѓусебно признавање со Сојузна Република Југославија, спогодбата за слободна трговска размена, како што и се потпишаа такви спогодби и со сите држави што произлегоа од Поранешна Југославија. И се унапредија односите на сите полиња, а пред се на економски план. Се потпиша времената спогодба со Република Грција и целосно се нормализираа нашите меѓусебни односи.

Грција како што знаете за кратко време стана наш трет економски партнер со кој што имаме и добра мултилатерална соработка и в:о рамките на регионалните иницијативи и во рамките на меѓународните организации. Се потпишаа повеќе од 20-тина спогодби и договори со Република Албанија и се поставија темелите за една плодна билатерална и мултилатерална соработка. Темели кои што донесоа до дополнителни политички придобивки на албанската националност во Република Македонија, како и присуството на македонската националност во Република Албанија.

Презедовме голем број на конкретни активности за деблокирање на процесите на ратификација на веќе потпишаните спогодбќ и договори со Република Бугарија како и за ратификација на 22 спогодби,чија што содржина веќе е усогласена. Се до последниот предлог за потпишување на досговор за пријателство, се до последниот предлог од март месец годинава да излеземе со една заедничка декларација за воведување на праксата на редовни политички консултации и за потпишување на соодветен политички протокол помеѓу двете министерства за надворешни работи за што до денеска не добивме никаков одоговрт Дали тоа не е уште еден доказ за конкретните постапки и активности за воспоставувањето на што подобри односи со сите непосредни соседи на Република Македонија.

Република Македонија се определи за активно учество во сите регионални иницијативи. Во Централно европската иницијатива РАЈАМОН СЕСИ и посебно во

Конференцијата за соработка помеѓу земјите од југоисточна Европа.

Неподелена е оценката дека Република Македонија е еден од најактивните учесници во овие иницијативи. Дека во рамките на некои одннив се прифатени најголем број на проекти и веќе финансирани во однос на проектите понудени од било кои други членки на овие иницијативи.

Неподелена е оценката дека во рамките на Конфвренцијата за соработка помеѓу земјите од југоисточна Европа Македонија има најконструктивна улога и дека токму затоа и беше доделена задачата да ги организира сите активности за градењето на мерктие на довербата.

Сега во своето експозе мандаторот се залага за нешто што веќе е реалност, за нешто што веќе значи и признание за придонесот на Република Македонија во градбата на мерките на доверба помеѓу земјите од југоисточа Европа.

Република Македонијае основач на иницијативата за средбите на министрите за одбрана од земјите членки на Партнерството за мир и на НАТО од Југоистична Европа. На последната средба одржана во септември годинава за време на која се создаде првата мултинационална бригада за мировни операции, Република Македонија, стана депозитар на актите со коишто беше создадена таа прва мултинационална бригада во југоистична Европа. За што друго се работи во овој конкретен случај ако не за конкретни постапки и конкретни активности.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**
(Продолжение)

Република Македонија, од првите денови на своето осамостојвуање се определи за целосна интеграција во Европската Унија. Од познати причини, за разлика од другите кои воспоставија дипломатски однос во 1989 година, ние тие односи ги воспоставивме дури на крајот на 1995 година. Веднаш ги почнавме подготовките за потпишвуање на Спогодбата за економска соработка, кој што траеја долго време, повторно од познати причини. Спогодбата влезе во сила во јануари годинава.

Веднаш се одржа и првиот политички дијалог, исто така во јануари , со Унијата. Потоа, се одржа и првата средба на Советот за соработка, па вториот политички дијалог и се закажа, конечно, и третиот политички дијалог за 8 декември годинава, за кој што слушнавме дека се предлагаше прво да се одржи на 2 декември, но со оглед на задоцнувањата со изборот на новата Влада, може сигурно да очекуваме дека тој политички дијалог ќе се одржи на 8 декември годинава како трет политички дијалог со единствен случај за една држава, кандидат за подигнуваше на ниво на односи со Европска Унија да има три политички дијалози во тек на една година.

Сите овие активности произлегоа од Стратегијата за подигнување на нивото на односите односно за стекнувањето со статусот на асоцијативна членка на Унијата, кој на земјите кои имаат диполматски односи со неа уште од 1989 година, знаете дека им беше доделен уште во 1993 година. Оваа Стратегија усвоена од страна на Владата на 8 септември 1997 година беше разгледана, прво презентирана па разгледана од страна на Советот на минситрите на Унијата и оценета и како многу содржинска и како многу реална.

На политичкиот дијалог закажан за 8 декември требаше да се разговара за отворање на процесот на преговорите за потпишување на Европскиот Договор за стекнување на статусот на придружна членка. Во целиот изминат период работевме интензивно на подготовките за исплнувањето на основните услови за тоа. Се формира комитет за евроатлански интеграции при Владата на РМ што е во постојано заседание и е раководен од претседателот на Владата и кој донесе Одлука за издавање на "Бела книга " за усогалсеноста на внатрешносто законодавство со она на Унијата. Пополнети се повеќе од 700 прашалници од кои треба да преизлезе оваа "Бела книга" и да се согледа нивото на подготвеноста на РМ за потпишувањето на Европскиот договор.

Само за потсетување, таквите бели книги земјите од Централна и Источна Европа ги предадоа во 1996 година, меѓутоа тие произлегоа од нивната вклученост во таканаречената предпристапна стратегија каде што белата книга е еден од елементите и тие произлегоа од тоа што Европската Унија им даде целосна техничка помош и експертска помош за да може да ги изработат тие бели книги. РМ, сето тоа го прави во целиот изминат период само со сопствени потенцијали.

Во Министерството за надворешни работи уште во 1997 година се формира посебен сектор за

Евроатлански интеграции кој ги координира сите потребни активности на овој план.

Што се однесува до целосното интегрирање на РМ во евроатланските безбедносни архитектури т.е. во НАТО, РМ уште во 1993 година ја донесе Декларацијата и околу ова прашање , како што е познато, постигна целосен политички и меѓуетнички концензус.

Иако беше примена во ФЗМ со задоцнување од цели 2 години, за кратко време РМ стана една од најактивните членки на оваа иницијатива со учество во воените вежби, семинари и трибини организирани во во целата евроатланска област. Благодарение на ваквата активност во Македониај се одржа една од најголемите НАТО вежби "Најголем кооперативен зафат". Но, она што е посебно важно е тоа дека РМ беше вклучена во дискусијата по Студијата за проширување на НАТО меѓу 12-те кандидати за полноправно членство и дека најуспешно ги заврши двата циклуси на тој интизивиран дијалог , со последниот политички дијалог за време на кој беше презентирана нашата стратегија за полноправно членство.

Ако мандатарот, кој во своето експозе се заложи за истите приоритети на надворешен политички план, предлага изработка и реализација на национална програма, т.е. стратегија за подигнување на нивото на односите со ЕУ, отворено се поставува пршањето дали се што е нправено на тој план се негира и се отфрла истата стратегија на РМ што минатата година беше оценета со нејвисоки оценки од Советот на ЕУ.

Ако мандатарот воопшто не ја споменува американската стратегија за земјите од Југоисточна Европа во која се вклучени Словенија, Романија, Бугарија и Македонија за забрзување на подготовките за полноправно членство на овие земји во НАТО и ЕУ, од која произлезе и Оперативниот план што РМ го потпиша со САД минатата година и посебно Индивидуалната програми, Македонија од кое што произлегоа два "клијани хауза" и од нив значајната помош во опремувањето на нашите вооружени сили и постигнувањето на потребниот степен на интероперабилност, ако се залага за склучување, за спогодби, за соработка на полето на одбраната, а на прсти може да се избере земјите од евроатланската област со кои такви спогодби сеуште немаме потпишано, дали тоа значи дека не е информиран за фактичната состојба или не ги прифаќа како меѓународни акти или , како што самиот рече во експозето, како конкретни постапки и активности за создавање посебни активности за полноправно членство на РМ во НАТО.

Република Македонија е една од најактивните членки во меѓународните организации: Советот на Европа, ОБСЕ и посебно на ОН, каде за исклучително краток временски период предложи и беа прифатени 4 резолуции заклучно со последната, за ненасилна промена на меѓународните граници. Ако е, да заклучам, за поздравување тоа што новата Влада на надворешно политички план како приоритет ги постави истите цели и на тој план се залага за континуитет, тогаш е неразбирливо како може да се продолжи со остварување на овие цели, а да тоа не се потпира на големите исчекори што веќе се направени на тој план.

Благодарам. (Поединечни аплаузи).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Благој Ханџиски за исцрпното излагање. Мислам дека тоа ќе му помогне на идниот министер за надворешни работи да види што е решено од страна на Владата и , верувам дека тоа ќе го има и тој во вид.

Сега има збор, ако е тука, Љубен Пауновски. Ако не е, во тој случај сметаме дека се откажал од дискусија.

На ред е г-гата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван г-дине претседателе на Републиката, почитуван г-дин претседателе на Собранието, колеги пратеници,

Мојот манир на дискусии на собраниската говорница можеби Ви е познат. Ако не Ви е, да Ве запознам, јас дискутирам мошне кусо, така што нема многу долго да го држам Вашиот интерес.

Се јавив, пред се, затоа што мислам дека на еден дел од мошне интригантното, а во делови екстравагандно експозе на премиерот не му беше обрнато доволно внимание, па дозволете ми во една куса анализа јас да го сторам тоа.

Имено, во овој дел во кој што јас сакам да стане предмет на мојата анализа, мандатарот Љупчо Георгиевски, објаснувајки ги поли-тичките мотиви за коалицирање, најпрво на двете партии ВМРО ДПМНЕ и ДА го кажува следното, веќе беше цитирано, меѓутоа бидејки приодот на мојот колега кон овој сегмент

беше различен, дозволете ми уште еднаш да го цитирам. Значи, г-дине Георгиевски го вели следното:

"Не е тајна дека оваа коалиција собра на едно место две партии, две структури на луѓе кои, не во толку далечно време беа со различни, често пати спротивставени идеологии и размислувања".

Би сакала да се обидам да иднетификувам два моменти во овој исказ за да добиеме комплетна слика за тоа што се сака да се каже.

Прво, на кое не толку далечно време мисли премиерот? Тоа е многу битно затоа што ако се мисли на едно далечно време или не толку далечно време пред формирањето на партијата ДА, добиваме еден вид на одговор.

Меѓутоа, мене ми се чини дека тоа време можеме да го лоцираме само после формирањето на ДА но, тогаш повторно ново прашање.

Заборава ли идниот премиер на сопствените изјави дека него-вата партија ја напуштила политиката за која се залагаше, дека самиот велејки извлекол некакви поуки за тоа дека основната, нова, озобновена концепција на сегашните анстапи е изградбата на граѓанско општество и дека ВМРО станува една од повеќето граѓански демократски партии на Република Македонија.

Ако се согласиме со претходната теза , и ако се знае дека таков профил декларираше и партијата ДА во времето на своето формирање, тогашстанува јасно дека различните, често пати спротивставени идеологии и размислувања не може да се лоцираат во тој период и со најголема желба.

Што ни останува друго, освен да претпоставиме дека различнит често пати спротивставени идеологии и размислувања се сместени не во платформите на овие паритии, бидејки тие настојуваат да се доближуваа колку во политичкото минато на оние структури на луѓе што подоцна ќе застанат под фирмата ДА. И тука, екстраваганцијата, според мене, преминува во еден вид на цинизам, затоа што премиерот го вети следното.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам ако сакате да се задржите на експозето , да не правите политичка дивисекција .

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Се извинувам, јас точно се реферирам на експозето на премиерот. Не можете да ми го одземете тоа право.

Значи, каде е цинизмот што го констатирам во натамошниот текст на идниот премиер? Тој вели вака:

" Токму затоа му верувам на моето чувство дека оваа коалиција е еден вид национално помирување и можност за поголема флексибилност на политичките разлики внатре, во македонскиот национален корпус".

Е сега сакам да се задржам во исто талку куса анализа и на овој сегмент од говорот на идниот премиер.

За какво национално помирување станува збор, почитувани колеги? Треба ли да потсетиме дека за оној тип национално помирување за кои што можеби; постојат импликации, не може да станува збор на Македонија. Такви примери во минатото имаме во околните земји. Во историјата на Македонија, почитувани колеги, помирувањата се случувале не толку по линијата на политичка опција или идеологија. Почесто почитувани колеги, помирувањата се случувале на поинаков начин и од други цели, затоа што во историјата на Македонија, поделбите, за жал, секогаш се случувале по линијата на некакви филства. По линијата на некакви филства, односно по линијата на проблематизирање на националното.

Затоа, ќе ми дозволите тогаш да поставам уште едно прашање за помирување на какви филства овде станува збор? Или јас можеби грешам. Не би сакала да грешам, би сакала мојот суд сепак да го засновувам на некои изјави што доаѓаат од некои челници на ВМРО , истакнати членови на оваа партија, кои јасно и јавно искажуваат про-блематични ставови по прашањето на националниот идентитет на македонската нација. Читавме скоро едно интервију преведено во "Пулс".Значи, јас неможам да си одговорам на ова прашање, затоа што...

( Џагорење во салата, а претседателот предупредува на ред со ѕвоното).

Не можам, преведено, преземено од бугарски преведено на македонски јазик за да можеме да го разбереме.

Јас , почитувани колеги, се прашувам дали можеби сепак не станув овде збор за една свесна,можеби потсвесна замена на тезите.

Но, веројатно за тоа ќе ми даде одговор идниот премиер и во своето дејствување и во дејствувањето внатре, во коалицијата.

Кога ја спомнав коалицијата,

едно дополнително замешател-ство во целата оваа работа претставува третиот партнер кој , нели, е приклучен. Сега сакам да си поставам уште едно прашање на кое што, веројатно, идниот премиер или самата коалиција во своето функционирање внатре, коалиционата Влада ќе даде одговор. Тоа е зошто токму во овој момент , во моментот на формирањето на оваа Влада слушаме дека еден од челниците на Партијата за демократски просперитет на албанците го тврди следното: " радикализмот е закопан, а ние сме дел од Владата на нашата држава". За да се даде едно вакво ветување и едно вакво искажано тврдење, значи дека требало нешто многу крупно да се случи. Тука морало да постои крупен залог.

(Џагор во салата).

Затоа што почитувани колеги, истите овие челници , до вчера, самите сте сведоци, проблематизира постоење и на самата македонска нација. Дури не им превалуваше преку уста зборот "македонци", туку го изговараа зборот "славомакедонци", па не обвинуваа за тоа дека подкраднуваме малку по околната историја и култура. Претпоставувам дека се сеќавате на тоа, нели, барем Вие не би требале да го заборавите тоа.

Е сега, на што се должи, уште еднаш да си го поставам прашањето, експресната промена на тој став?

Во интервијуто, гледате, јас сум љубител на читање на интер-вјуа, во интервјуто на г-динот Тачи во ововикендниот "Дневник" стои еден концепт што кај мене буди неверојатно блиски асоцијации со еден друг концепт. Имено, г-динот Тачи зборува дека постои колективен договор помеѓу партнерите во оваа Влада, а за мене , знаете како, асоцијациите се една чудна работа, веднаш ми паѓа на памет историскиот договор за кој што овде стануваше збор пред неколку години.

Па се прашувам, бидејќи г-динот Тачи во истото тоа интервју спомнува дека прашањето на промена на Уставот е договорено , туку станува збор само за тајнингот, за времето, се прашувам, и го пра-шувам г-динот иден премиер, ако сето ова го имаме на ум, ако знаеме дека во истото ова интервју се споменува и правото на статус на народ на албанците во Македонија, тогаш прашувам дали декларативната идеа што стои , исто така , во експозето на г-динот иден премиер и со кој што тој ја заокружува мотивацијата за формирање на оваа коалиција, може да биде искрен.

Г-динот иден премиер овде вели дека треба да престане времето на етикетирање, со квалификативите "национални предавници", понатаму дека треба да престанат политичко идеолошките етикетирања ит.н. Јас се согласувам. Мислам дека ова е конструктивна идеја. Мислам дека нема веќе да ги слушаме зборовите како " србокомунистичка влада", или "шиптарскокомунистичка влада", мислам дека ќе бидеме многу повини, со оглед на овие ветувања.

Но, нема да престанам да се јавувам на оваа говорница додека всушност не се објасни суштината на прашањето кое што може да ја доведе во прашање суштината на мојата држава, Република Македонија,а тоа е прашањето на содржината на колективниот договор. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам, почитувани пратеници, јас сакам да дадам едно обраќање до Вас, овде.

Ве молам, за личности кои не се присутни во оваа сала да не се збори преку оваа говорница. Тоа , пред се, не е културно, а до-колку некој сака да спори со нечии интервјуа, отворени се весниците, отворени се часописите од каде што се инспирираме понекогаш и ќе треба таму да се одговори. Овде, навистина не е можност, бидејќи не е присутен гдинот Тачи кој го дал тоа интервју, да одговори лично. Што би било кога ние сега би ја користеле оваа говорница да говориме за разно разни мислења искажани по весниците, часописите и т.н.

Ве молам, тоа за во иднина да биде, како еден наш начин на однесување. Ние можеме да се фатиме за едне збор од некого па да отидеме на петнаесет интервјуа таму и да спориме со тие интервјуа.

Според тоа, само за оние мислења искажани овде кои можат веднаш да реплицираат и одговорат, би било коректно да се осврнуваме,

(Пратеникот Илинка Митрева бара реплика)

Не , ова не е реплика, никаква реплика ќе Ве молам, немате право. Но, ако сакате повелете, но ова не е реплика.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине претседателе, вие не можете мене да ми држите лекција од парламентарно однесување ако не ги разбирате тие текови. Имено, јас овде

спорам со политичките ставови на потпретседател на една партија која што овде е застапена во Парламентот и која што е коалиционен партнер. Тие политички ставови кои што влегуваат како платформа,илиможна платформа за некои идни дејствувања, јас можам да ги коментирам било да се условно искажани, било да се објавени во весници, било да се ставени во Манифест. Според тоа, Ве молам немојте да ми ги скратувате правата на слобода на дискусија, на коментар и на анализа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас немав намера да говорам за парламентарно право и кој е стручен за парламентарно право итн., ако некој преседел во овие клупи малку време незначи дека е и стручњак по парламентарно право.

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател на Републиката, почитувани пратеници, јас ќе бидам многу дисциплиниран затоа што гледам дека претседателот на Собранието почна овде сега строгост да тренира, а кога тој тренира строгост, ние многу добро знаеме, а особено ние Албанците како добро знае тоа да го направи. Затоа ќе се обидам да бидам многу дисциплиниран. Само сакав да кажам дека овде јас очекував еден ист компјутер кој ќе ни каже колку пари и од каде ќе дојдат и каде ќе ги распоредиме. Но, за жал тоа го немаме. Го немаме и историскиот договор кој ќе ги помири народите во Република Македонија и тоа го немаме и наместо тоа имаме едно широко експозе кое кажува за аграрните реформи некогаш, или целите на подобрување на условите во село. Инаку искрено да ви кажам јас повеќе и не очекував од оваа Влада, затоа што и при изборната кампања често ми се поставуваше прашањето дали може да се очекува и дали навистина можат да настанат промени како што некој ги прокламира од луѓето кои што имаат таква шанса да направат промени, но за жал не направија позитивни промени, туку направија обратно, ретроградни промени кои најповеќе ги почувствуваа Албанците. Но, сепак сакав да поверувам дека ќе има промени и тоа позитивни промени. И често пати ми се поставуваше прашањето што очекувате и дали можат да настанат по-зитивни промени? Искрено да ви кажам и така му одговарав на мојот електорат, дај боже нека бидат добри промени, па не е битно од кого доаѓаат и од каде доаѓаат. Но, еден помудар човек многу добро ми објасни: Од тие што никогаш не направија добри работи и кога ќе ти подаде рака, размисли малку дали ќе ја прифатиш. И за жал, еве сега се покажува и во ова експозе дека навистина целата оваа работа, целата оваа кампања и прошетка низ Македонија за добри промени не вроди со ништо, туку со една пандорова кутија кој никој не зеде за право да ја отвори и да каже што навистина содржи. Штс навистина содржи од тие клучни прашања кои на неколку наврати ние ги оценивме како многу битни за Република Македонија. Тие битни прашања веќе на македонската јавност многу добро и се познати. Тоа е позицијата на албанците во Република Македонија. Не еднаш и теоретски и практично се покажа дека извори на криза во Република Македонија е Уставот на Република Македонија затоа што албанците уште во првиот состав знаеја, умееја да проценат дека Устав донесен во такви односи како што беше донесен во такви околности неминовно ќе произведува кризи. Тие кризи ги видовме неколку пати. Се обиде на овој, или на оној начин да се интервенира и тогаш кога мојата партија беше на власт пред оваа говорница велев: не се решаваат кризите со политички затварања . Кризите се решаваат ако ги уочиме изворите на кризите. Ние уочивме извор на криза,дури некои лидери и најавија дека ќе направат нешто повеќе за да ги отстранат дефинитивно тие проблеми. Ние уочивме и практиката докажа дека извор на криза е нерешавањето на Тетовскиот универзитет, извор на криза е нерешавањето на статусот на албанското знаме, извор на криза е нерешавањето на употребата на јазикот на албанците во РМ. И кога сега очекувавме дефинитивно да се направи позитивен чекор што ќе значи решавање на тие проблеми како одеднаш тие проблеми да ги нема. И како можеме ние да очекуваме дека ќе настанат промени. Зарем можеме да очекуваме дека ќе настанат промени од луѓе кои сакаа да се трансформираат во демократи. Јас искрено признавам дека сите луѓе еволуираат и човечки е да се еволуира, еволуираат од позитивна гледна точка. Но човечки е кога таквите луѓе ќе сватат дека биел во заблуда, дека згрешиле во минатото да излезат и јавно да кажат дека: да, ние згрешивме кога ги повикавме студентите да излезат низ градот и да викаат секакви грди пароли, да, ние згрешивме кога ги затворивме сите училишта на албанците во Република

Македонија, да, ние згрешивме и многу пати кога поднесувавме разноразни иницијативи за позицијата на албанците во Република Македонија. Тогаш, искрено јас овде и јавно ќе призна-ев дека луѓето еволуирале. Човечки е да ии се опрости, човечки е и да се помириме. Но, тие кои сеуште немаат интелектуална, политичка и човечка храброст грешките од минатото да ги признаат и да почнат од еден нов почеток, со едни нови видувања кои им ги наметнува времето, јас не очекувам и не можам да им верувам многу. Би сакал да сум јас во грешка, би сакал искрено и јас да грешам, еве овде пред сите јас Ризван Сулејмани лично велам тогаш кога ќе се промени Уставот на Република Македонија и Албанците на Република Македонија ќе бидат конститутивен елемент, конститутивен народ во Република Македонија, јас ќе поднесам оставка и никогаш веќе нема да се бавам со политика. Ке им честитам на тие што тоа го направиле, ќе им честитам на тие што најдоа политичка храброст да ја признаат реалноста во РМ. ВО спротивно верувајте ми јас имам граѓанска, човечка и политичка одговорност. Платформата која што беше изгласана од 214 илјади ѓраѓани во РМ како алтернативно решение на граѓанскиот концепт кој што го нудеше една политичка партија која не штедеше да оди од село во село да ги бара албанските гласови за да се легитимира внатре и надвор дека концептот на колективистички права на РМ е над-минат концепт доби дебакл. Кој е тој што денеска има храброст да ја негира таа политичка волја изразена преку таа заедничка политичка платформа за која гласаа 214 илјади граѓани. Привремено една политичка елита може да згреши, може и да прифати дел од тие, но проблемот не е решен дефинитивно во политичкиот амбиент во РМ кај албанците постои не мала група луѓе кои сепак мислат дека проблемите можат да се решат и на поинаков начин. Впрочем тоа не е случај само кај нас. ГОлемите промени, историските договори ги научивме од историјата како се потпишуваат, научивме од Ирска. Во Ирска имаше една политичка партија социјалдемократска партија на католиците во Република Ирска која се залагаше дека тие проблеми ќе ги решава низ институциите на системот. Но, покрај неа се создаде не по волјата на некој, туку од народот проникна друго алтернативно решение, тоа е решението на такнаречена шинтеј. Истото се решаваше и во Палестина. Таа една групација која се определи проблемите да ги решава на институционален начин со договор, само по себе се роди радикалната странка. Во крајна линија денеска имаме и во Косово еден таков случај. Долго време кога сите албанци размислуваа еднакво дека сите проблеми ќе се решаваат низ институциите на системот, се појави друга радикална странка. Јас се плашам ако ние сакаме да камуфлираме овде решвање на политичките проблеми,меѓуетничките проблеми во РМ без вистински да се нафатиме со нивното решавање, не Ризван Сулејмани, не било кој од овде, ќе се јави друг човек со друго име кој таквата волја, таквото размислување на дел од граѓаните на РМ ќе ги организира на овој, или на оној начин и таа ќе произведува кризи. Затоа би ве замолил голема грешка ќе направите ако мислите како што пишува во експозето дека ќе го убедиме ние запад штом ја опфатите една политичка партија тоа како некои ја нарекуваат радикалната во власта го решивме проблемот за националностите. Проблемот со националностите, односно со албанското население во РМ ќе се реши кога ќе се решаваат токму изворите на криза, а изворите на криза најдобро ги знаат и *ги* чувствуваат албанците. Изворите на криза се точките одредени во заедничката платформа на двете политички партии. И бидете убедени само тогаш ние ќе имаме стабилна, просперитетна, способна Република Македонија да се интегрира во сите институции меѓународни било да се тоа финансиски, било тоа да се воени, било тоа да се политички. Во спротивно ќе направиме голема грешка.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседаеле на Републиката, претседателе на Парламентот, дами и господа пратеници, за мене беше инспиративек оној дел од експозето на мандаторот на новата Влада кој што говори за тоа дека со составот на новата влада всушност се помируваат долго време непомирливи идеолошки, политички опции во Републиката и дека на тој начин всушност настанува еден вид на национално помирување, јас би рекол политичко помирување. Затоа што како што го слушнав образожението составот на новата влада е направен така да може да се помират таканаречените идеолошко политички непомирливи позиции на комунистите и антикомунистите, односно на екстремните етнички партии на Македонците и екстремните етнички партии на Албанците. И морам да ви кажам дека тоа е многу добро што и се

случува на Македонија. Искрено да ви кажам сметам дека ако е тоа гаранцијата да се зачува мирот и стабилноста на оваа земја, јас лично го поздравувам и сметам дека во Македонија неможе да има никој штета од такво нешто. Тоа значи дека промените во Македонија се случуваат во форма на промени за откажување од екстремизмот. Ако е тоа платформата на која што всушност се создаде една нова влада во која што тие непо-мирливи политички опции се откажуваат од екстремизмот во политиката и се обидуваат да најдат некаков нов баланс, некакво ново решение за проблемите кои исто така со мака се решаваат, тогаш сметам дека таквата влада можеби ќе има успех и можеби треба навистина треба да биде поддржана во таквите напори, бидејќи во краен случај се што ќе биде добро за Македонија ќе биде добро за Социјалдемократскиот сојуз и за сите граѓани кои што гласаа за Социјалдемократскиот сојуз. Меѓутоа, како што знаете на денешната седница забележувате она што всушност пречи во идеата да се прифати тоа како основа на идната влада, тоа е еден скептицизам кој што постои кај сите нас, дали е тоа можно да се случи и дали навистина можеме денеска да дадеме бланко доверба дека такво нешто ќе направат оние кои што до вчера говореа дека албанското знаме кое што беше против Уставот истакнато, дека ќе го бранат со крв и со оние демнстрации кои што завршија така на жалост несакано во Македонија и оние кои што неколку дена потоа со сосптвената иницијатива го соборија Законот кој што беше оценет како развоен компромис. Јас сакам да верувам дека можат да најдат решенија кои што се многу подобри, многу поприфатливи и ние во таа насока заедно сигурно со колегите од ПДП ќе дадеме поддршка на оние решенија кои што ќе одат во насока на мирот, стабилноста и тн. Ако тие политичкѓ партии се откажат од тоа едните да ги изнесуваат албанските ученици да протестираат заради тоа што нема настава на албански јазик на Педагошката академија, а другите да ги изнесуваат македонските ученици за да протестираат заради тоа што има настава на албански јазик, тогаш нешто во Македонија крупно се случува, тогаш тие се откажале од екстрег ните ставови по тие политички прашања и веројатно седнале да разговараат за тоа како на умен начин да се најде решение за горливите прашања на македонскиот политички живот. Меѓутоа, ние тоа би сакале да го видиме во политичка платформа односно во политичка платформа за тоа политичко помирување. Денеска во сосема глобални црти како што ни беше претствена, навистина таму не се знае точно какви решенија се кријат за тоа политичко помирување и што навистина тоа политичко помирување ќе и донесе на Македонија. Она што е вистина може да се види дека е политичко како еден нов чекор за таквото помирување е предлогот да има новата Влада  27 министри вклучително со премиерот, односно 15 министри и 11 нови министри без ресор. Со оглед на тоа што е познато дека од тие 11 министри треба да се формираат новите 5 министерства за кои што веќе пишуваа весниците. Јас навистина би ја разбрал потребата од зголемувањето на тие министерства, меѓутоа тоа е во спротивност со дел од експозето на мандаторот за новата влада. Во тоа експозе меѓу другото како што знаете и во нивната програма се говори за потребата од рационализирање на структурата на Владата како елемент на целокупната административна реформа, донесување на законите во оваа област со кои што ќе се изврши хармонизација на нашето законодавство со Европската Унија и изградба на оптимална по обем ефикасна и добро платена администрација.За да знаеме што е тоа рационална структура на Владата и оптимална по обем администрација во овој момент можеме да користиме неколку извори. Прво, бројот на министерствата во другите земји во парламентарните демократии во Европа, Австрија има 14"министерства, Белгија има 14 министерства, Финска има само 15 министерства, Франција има 13 министерства, Германија има 17 министерства, Холандија има 13 министрства, Норвешка 17 министерства, Португалија 13 министерства, Шпанија 16 министерства, Шведска 14 министерства и Велика Британија 13 министерства. Ниту една земја нема 26 министерства, односно министри како што предлагаат, а тоа всушност заедно со замениците, со потсекретарите, со помошниците министри во тие министерства несомнено ќе доведат до сосема други димензии. Овој предлог на идниот премиер за зголемување на обемот на министерствата во Владата секако решава некои проблеми во коалицијата и доведува до тој тип на политички договор. Меѓутоа, секако тој е во спротивност  и со она што Македонија го има земено како обврска и спрема меѓународниот монетарен фонд и спрема светската банка и спрема Европската унија. Затоа што експертите на

Европската унија кои што работат на реформата на јавната администрација во Македонија веќе сугерираат за тоа дека бројот на Министерствата во Македоиија треба да биде смален и овие колку што ги имаме. Така на пример дури предлагаат во едно министерство да бидат Минстерството за образование, култура и физичка култура, или сметаат дека можат да бидат обединети Министерството за труд и социјална политика со Министерството за здравство дури во кое предлагаат да биде Министерството за екологија, а Министерството за стопанство да ги обедини министерствата за развој и Министерството за сообраќај и врски. Тоа го предлагаат експертите на Европската унија. Она што го предлага Светската банка меѓу другото констатира во својата стратегија за економскиот развој на Македонија од 1999 година, вели дека централните министерства имаат функции кои се преклопуваат и повторуваат и предлагаат намалување, а Меѓународниот монетарен фонд сугерира Министерството за развој да биде составен дел на Министерството за финансии, или Министерството за култура и Министерството за образование и физичка култура да се обединат. Тоа се сугестиите на Меѓународната заедница. Сметам дека една влада во формирање која што треба да ги почитува ако ништо повеќе сугестиите на оние кон кои што се стреми и кон чии интеграции едноставно сакаме да влеземе треба да го има во предвид кога се предлага и оваа влада. Меѓутоа, јас практично прифаќам, затоа сметам дека неможеме да го поддржиме тој предлог со толку проширување на бројот на тие министерства затоа што тоа би значело отстапување од некои цели во самата владина програма, односно во експозето на пример за рационализирање на идната влада. Меѓутоа, сакам да истакнам меѓу другото со оглед на тоа што во составот кој што ни е предложен за идната влада навистина постојат експерти кои што го заслужуваат особено моето почитување и меѓу нив е, еден од нив е секако професорот Владо Камбовски со кого што долго време и практично го изготвивме антикорупцискиот закон во Република Македонија за кој што се надевам и потоа одржавме неколку расправи со мегународнии организации на таа тема во Македонија за кој што се надевам дека новата влада го има веќе добиено практично во готова форма и дека ќе може мошне брзо по формирањето на оваа влада да го стави на дневен ред во Собранието и успешно да го имплементира.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе на Република Македонија, почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги и ценети гости.

Јас ќе Ве замолам, посебно пратениците во овој состав, трет по ред, на Македонското Собрание на малку трпение, малку помалку нервоза затоа што мислам дека секој од нас има што да каже. Претпоставувам дека постои расположение да се чуеме и се надевам дека мојата дискусија ќе биде прифатена во таа насока, а дека ќе изостанат некои инциденти што се случија во текот на некои претходни дискусии, кои што за жал морам да констатирам, меѓутоа беа на некој начин иницирани од некои што туку избраните функционери од Собранието на РМ.

Ќе ми дозволите на почетокот на мојата прва дискусија во Македонскиот Парламент да си ја олеснам работата со тоа што ќе споменам или ќе се надоврзам на една поговорка, која што слободно преведена би гласела "колку работите повеќе се менуваат, толку повеќе остануваат исти". Јас морам да ја кажам оваа поговорка, бидејќи тоа беше онаа прва асоцијација што ми дојде по слушањето на експозето, по читањето на тоа експозе, по читањето и на составот на предложената Влада на РМ.

Инаку, претпоставувам дека таквата забелешка и таквата асоцијација беше пред се резултат на контрастот помеѓу она што го очекував дури и јас, претпоставувам го очекуваат и граѓаните на РМ а тоа беше декларирана, најавувана, објавувана, па дури и денеска Влада и програма, или Влада и платформа на промени. За жал, морам да кажам дека барем моите очекувња не беа задоволени.

Прво, сакам да се осврнам генерално на изгледот двата дела и на експозето и на предлог составот на Владата со тоа што прифаќам дека голем дел од овие работи беа веќе кажани и јас претпоставувам доколку се обидам истите да ги повторам во иста форма ќе бидам помалку заморна, меѓутоа морам да ги споменам оние со кои што во потполност навистина се согласувам.

Сметам дека ова експозе, ова излагање на идниот премиер на Владата на Република Македонија констатирано во неколку области од страна на неколку пратеници во овој состав на Собранието беше премногу воопштено, премногу општо по таа своја воопштеност, по тоа

свое, би рекла дури и намерно отсуство на бројки и намерно отсуство на конкретни мерки и податоци. Мислам дека влегува целосно во калапот, влегува целосно во клишето на многу чуени фраскули, на многу чуени говори и тоа од некое друго време, делумно време на кое што и јас многу малку се сеќавам, меѓутоа дефинитивно говори во кои што се идентификува проблемот во секоја свера речиси и се изразува намерата тој да се реши. Тука запира, нема решение, нема насока, нема приближна претстава или приближна визија за како тоа ќе се прави. Нормално, јас разбирам, претпоставувам дека сите знаеме и не очекуваме дека едно експозе може и смее да биде предетално, оптоварено со многу конкретни податоци, оптоварено со многу прецизирани насоки до кои ке се движи идната Владата на РМ, меѓутоа по мое мислење ниту едно сериозно експозе не може да значи само список на програми и список на желби. Ова беше општиот дел за кој што мислам дека веќе беше чуено јас сакам да се осврнам на неколку елемнети од експозето, кои што не беа споменати од ниту еден пратеник, или барем делумно се осврна, а кои што мислам дека малку можеби ќе ја релаксираат атмосверата, ке ја смират тензијата, но од друга страна мислам дека се посебно значење за Македонија и за нас како Парламент.

Отсуството на факти, отсуството на конкретности и оваа воопштеност што генерално ја споменав ја лоцирам во следниве неколку моменти.

Едниот дел го забележав во сверата на дефинирање, или сверата на ангажирање на следната македонска Влада во доменот на здравствена заштита. Имено, овде стои една елементарна теза, а тоа е дека секој граѓанин на РМ има право на највисок степен на здравствена заштита, како и должнсот да се грижи за своето здравје и тоа е во ред, сите се сложуваме со тоа, меѓутоа ваквиот елементарен факт не е проследен, не е воведен, не е поткрепен од ништо што би значело обврска, од ништо што би значело став, од ништо што би значело акција на наредната Влада, а не е во ниту мала мерка поткрепен од она што оваа Влада или партиите кои што делумно ја сочинуваат оваа Влада го ветуваше со својот договор за 100-те први дена. Никаде не е споменато дали ова фустула значи целосна бесплата здравствена заштита за децата и младите до 18 години, за возрасните над 65 години, за хроничните болни, за инвалидизираните и хендихепирани лица итн., да не зборувам за укинување на партиципацијата за медицински оправданите или неопходни здравствени услуги итн. итн. Значи, тоа беа конкретните ветувања со кои се настапуваше. Сега имаме ветување, мегутоа не се толку конкретни, ако воопшто се конкретни.

Особено интересно за мене беше да чујам и да прочитам што оваа Влада планира во доменот на образованието и науката. Овие избори имаат неколку позитивни ефекти, имаа неколку позитивни работи кои што ни се случуваа за време на изборната кампања. Една од посебно значење за мене беа што беа исполнети со дискусии, со внимание должно кое што беше посветено токму на овие теми. На темата на образование, на темата на наука кои што во програмите на, речиси без исклучок на сите партии, посебно релевантните наоѓаа место повисоко на приоритетната листа на проблеми. За тоа мислам дека е со право бидејќи тоа се теми за кои што расправа модерниот свет и тоа се теми кои што РМ мора не само да ги отвори, таа веќе мора да почне една по една да ги затвара.

Република Македонија во овие свери не треба да се сведува искучиво на трчање по она што го пропуштила по изминатиот период, оној дел во кој што станува зад тој модерен свет, туку треба да се навикне на таа светска брзина на технолошки промени, светска брзина на промени во образованието со кои мора да фати чекор со општите општествени промени. Токму заради тоа очекував во делот на образованието, кој дури посебно една од партитие на владината коалиција инсистираше на ова прашање и навистина очекував нешто поконретно, нешто позначајно.

Меѓутоа, во делот на ова експозе кој што се однесува за образованието единствено конкретна референца на која што можам да се навратам е дека образованието ќе биде ослободено од сите идеолошки основи. Дури, ова двапати се повторува.

Споменато е делумно и стандарнирањето на наставничките планови и програми и токму тоа што не сум најсигурна на кое стандарднизирање мисли мандаторот, како и оживотворување на уставно загарантираната автономија на Универзитетот итн, итн. Ова апсолутно се тези кои што ми се мене прифатливи, кои што се прифатливи и на СДСМ, овој дел

што не го оспори, меѓутоа сето тоа се апсолутно елементи на рамката во која што ќе треба да се развива образовниот систем. Не нудат ниту еден елемент на она што го очекуваме овде, а тоа е помалку и од содржината.

Да се очекува дека автономијата на Универзитетот е доволна и клучна за влегување на Унверзитетот во третиот милениум, како што се најавува во експозето без да се зборува за инвестициите во образованието и тоа за релативното приближување до светските далеку, далеку повисоки стандарди во оваа смисла, за подобрување на условите на учениците, студентите и наставниот кадар, за подобри и посвремени технички средства со кои што се одвива настаниот процес, сето тоа мислам дека е рамка без вистинска содржина.

Општоста се повторува и во делот на науката. Тука ќе споменам дека единствено развојот на науката Владата ќе го стимулира и предку одредени даночни олеснувањеа, што е можеби некоја конкретност, некој материјал, меѓутоа единствената друга конкретност која што ни е понудена е издавањето на лексикографска литература и речници со научна и стручна терминологија.

Ниедна теза не постои овде за тоа како ќе се финансира науката, како ќе се подобрат изворите за нејзино финансирње, како ќе се создадат условите што се спомнати за научна реализација на младите стручни кадри во РМ. Затоа немаме апсолутно никаков податок, ништо што ќе не увери дека оваа Влада навистина и на образовнаието и на науката гледа како на ресурс, а на инвестицитие во образованието и науката како на инвестиции кои што навистина и се потребни на РМ, инвестиции кои што набргу ке вродат плод.

Во целиот овој општ текст не најдоа место ниту осовременувањето на компјутерските училници во сите средни и основни училишта, ниту спортските објекти, кои што дури и со бројка беа најавени во текот на предизборната кампања. Бројките отсуствуваат генерално.

Претпоставувам дека секој мандатор и секоја Влада мора да излезе во експозе во кое што се присутни образованието и науката. Меѓутоа, ако се нема намера ништо кокретно да се каже, да се понуди, навистина не гледам причина да фигурираат и да ја потполнуваат оваа бројка на страници која што треба да се каже и да се прочита.

Постои и една друга забелешка, која што јас ја забележав кога ги разгледував листите за предлози за министри во наредната Влада, во која што не можев во прв момент да го протолкувам фактот дека паралелно со предлогот за воведување на Минситерство за екологија, значи од една страна дадено од мандаторот, во експозето ниту не се споменува оваа област. Можни се две објаснувањеа, две варијанти, едната е дека ова Минситерство и не е така потребно, бидејќи темата не е значајна за да најде свое место во експозето, туку дека Министерството е тука само за да задоволни некои партиски амбиции, партиски комбинации, партиски математики, или пак Минситеството е потребно меѓута, сеуште не сме сигурни и не знаеме за што.

Последниот таков, за мене многу илустративен пример беше во делот спорт кој што е навистина кус, концизен и кој што започнува со тоа дека Владата има свои јасни визии за развојот на спортот. Тоа е навистина во ред, ние сме сите задоволни што Владата има јасни визии, меѓутоа проблем е што ние како пратеници кои што треба да гласама и да се изјасниме за оваа Влада немаме претстава каква визија е таа. Таа визија не само што не е детално опишана, туку таа визија дури и не е скицирана.

Значи ова беа неколку од деталите, неколку од недостатоците во експозето.

Посебно во текот на оваа изборна кампања гледавме дека партиите кој што денеска трба да ја формираат новата Влада, Мандаторот ја имаат филозифијата според која треба да се набележат само проблемите и да се најде виновникот за тие проблеми. Норамлно виновникот е оној од оваа страна. Денеска очекувавме нешто друго, бидејќи позициите се квалитетно и квантитетно променети. Очекувавме дека таа промена ќе ја следи и некоја квалитетна промена. Меѓутоа сега имаме друга тактика, сега се бележат проблемите, не се бара, или барем не во сите свери, не се бара виновникот, меѓутоа само се истакнува положбата дека тие проблемит треба да се решат. Тука завршува експозето во голем дел од содржинтие кои што се обработени.

Ветените промени, кои навистина беа конкретизирани во предизборниот период како за контраст сега се одложуваат и тоа, по она што го читаме, навистина на неопределено

време. Ветените промени не се сосема јасни, или барем мене не ми беа јасни и во другиот дел, а тоа е кадровската листа, предложениот состав за нова Влада во која што неколку работи се забележуваат на прв поглед.

Една од работите беше забележана, а тоа е оној неверојатен однос на министри со и без ресор, или барем тоа е засега.

Второ е споменатиот драстично зголемен број на министри и нешто друго, а тоа е дека ова е кадровска листа која што, навистина нногу е тешко да и се врзе слоганот "Промени". Ако тргнете еден по еден од кандидатите имате бивши потпретседатели на претседателот, имате бивши премиери, бивши министри во РМ и на сојузно ниво, да не зборувам, за претседатели на комисии, комитети, потсекретари и подготвувачи на закони. Искрено, промените освен со ретки исклучоци, кои што ги поздравувам, највеќе ми беа евидентни во смисла на промени на мислења во текот на изминатите 8 години, промени на ставови, а најитересни беа промените на партиите, кои што се и најевидентни.

На крајот само уште еден контрас помеѓу ветувањата и она што се мисли. Имено, прочитавме во овие биографии, за некого покуси, за некого подолги дека мандаторот на Новата Влада бил еден од главнтие креатори на демократскиот систем во Република Македонија што навистина е и за поздравување и треба сите ние, и ова Собрание да се гордее, меѓутоа мора да изразам жалење дека во составот на оваа Влада мандаторот предлага и министер кој што навистина не дочека дури и конститутивната седница на Собранието да заврши за да најави дека неговата партија вечно ќе владее со Македонија. И тоа секаков придонес во развојот на плуралното и демократското општество на Македонија.

Морам да кажам оваа комбинација на нејасни и лични и партиски позиции, ова експозе што беше споменато, а јас се согласувам дека е конфузо и контрадикторно, а над се општо, не решително и нејасно. Експозе на кое што можат да се гледаат сите конкретни забелешки во таа општост и нерешителност. Мислам дека беше пресудниот фактор кој што и советничката група на СДСМ, а имене лично ме убеде дека не треба да го дадам својот глас за оваа Влада и ваквото експозе. Меѓутоа, овде беше изразена навистина одредена доза на благ оптимизам, а тоа е дека сите ние се надеваме дека нашите сомнежи нема во целост да се реализираат и дека оваа Влада, која што по се изгледа според јазикот на бројките ќе биде избрана дека ќе се обиде барем во некои од деловите да делува по решително, појасно и поконкретно отколку што тоа го ветува и експозето и составот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на пратеничката Шеќеринска на своето излагање.

Има збор пратеникот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе на Републиката, почитуван претседателе на Парламентот, почитуван претседателе досегашен, иден, министри, минати, идни, а пред се почитувани колеги пратеници. Ние сме едни од ретките што се овде јавуваме од оваа говорница во доцнежните часови и верувам дека и трпението кај сите нас се губи, но морам да кажам лично, тоа е мое лично мислење, мој личен став непартиски, мислам дека овој парламент, покрај овие прашања што беа потенцирани, критички, самокритички треба пред се да го има под број еден секое политичко натпреварување, има смисла ако биде пратено со акција на дело, дела за народот. А тоа што значи:

Во пред изборните кампањи и сега и натаму јас како пратеник, пред се на мнозинската листа тоа го потенцирам, а знаете што тоа значи многу, дали имавме такви убедувања, вакви, онакви, пред осум години, пред четири години и пред два месеци народот "го тангира", но многу не го тангира затоа што преку стандардот, преку секојдневниот живот тие се определуваат. Јас денес затоа сакам да кажам, ако е трет повеќе партиски законодавен дом Собрание, мора овој трет по ред законодавен дом да се разликува и со квалитет. И не случајно бројката во средствата за информирање зборува, ако погрешам во проценти 10% или 5% има 20 доктори, 10 магистри, инжењери, правници, хемичари и плус сите субјекти на релевантни политички партии кои ја добија довербата,"се денеска присутни. Ако веќе е така, а факт дека е така ние мораме денес да разговараме повеќе за стратешките суштински, судбоносни односно животни прашања на најголем дел на граѓаните во Република Македонија. И во овој момент ќе го кажам без разлика на нивната национална и

верска припадност. Затоа; Морам да кажам, денес ние зборувавме 60, 70% за етничките односи во Република Македонија. Тоа прашање најмалку е за потценување. Не велам дека тоа прашање не треба да биде расправано. Треба да биде расправано колку што заслужува, но денес да расправаме пет од можните седум часа, а кога ќе дојде прашањето на дневен ред за етничките односи, национални, малцински итн., тогаш тоа да го расправаме. Затоа јас како пратеник, иако не постои терминологијата народен сакам пред избирачите, граѓаните на Република Македонија и пред избирачите на општина Радовиш и Конче да кажам што сакам од овој Парламент, од 120-те пратеници, односно во моментот тројца помалку и од оваа извршна власт што денес *ја* има поддршката. Но, не во смисла дали сум конструктивна, принципиелна опозиција или позиција, но во смисла на тоа како одговорен субјект, граѓанин на Република Македонија, а посебно пред граѓаните и пред сопствениот електорат. Затоа пред оваа говорница, покрај политичките ставови, се согласувам со тоа што тие беа презентирани, некаде имам забелешки во позитивна смисла, а имам право некаде да мислам и во негативна смисла односно дека не треба во овој момент така. Но, во секој случај сите политички ставови што беа презентирани, еве како граѓанин од друга бранша, од друга област, ги поддржувам но не треба ние да заборавиме, од денес народот, граѓаните на РМ нашите и Ваши сопствени бирачи очекуваат нешто повеќе во областа на економијата, во стопанството, во вработувањето. Што е тоа ново што

ќе го направиме ние 120 пратеници што ќе ја поддржиме монентално извршна власт, што ќе ја добронамерно критикуваме, доброто ќе го поддржуваме, а доброто ќе го поддржиме за уште подобро да биде. Затоа јас би сакал да кажам дека од тој аспект барам од новата Влада на РМ, а морам да кажам, не затоа што сум во партијата која не партиципира во извршната власт, затоа што тоа е наша секојдневна грижа како пратеници. Ако не е тоа наше барање смислата она што значи пратеник, ја губи. Значи ние овде ќе преспиеме четири години, кој повеќе, кој помалку ќе се снајде, а смислот пратеник ќе се изгуби. Тоа не случајно јас го велам. Јас морам овдека акако пратеник да кажам дека се во експозето не може да се опфати. Еве јас ги гледам сите, само четвртиот премиер не го гледам овде во салата, за ова десетгодишно животно работно искуство како човек на прва функција на една фирма, средно голема, или за наши услови голема. Сум променил четири премиера и пет влади. Секогаш критички сум се осврнувал поаѓајќи од мој аспект на гледагае. Но, ако чекаме, онаа прва, втора, трета и четврта Влада на сите нас да ни биде по сопствен вкус, тоа нема да го направиме. Знам дека секогаш сме создавале и ако некој амбиент се создаде да се снајдеш затоа што народот нема многу да не чека. Народот ќе не чека месец, два, четири, пет, но повеќе години како што викаме ние 2002 година тоа ќе го направиме, мислам дека тоа не е во ред. Затоа барам од новата Влада на Република Македонија во која и лично конструктивно и принципиелно со целото знаење и умешност ќе го поддржам и ќе ги доградуваме добрите за подобри, или слабите работи за подобри на планот на стопанството, пред се на она стопанство што е на границата на рентабилитетот да се зачува, она стопанство што одамна веќе не работи за да заживее, или она структура или слој на граѓани што и треба една мала инекција за да преживее. Тоа се земјоделците, тоа се тутунопроизводителите, тоа се сточарите итн. Јас, во моите гледања и програма што ги имавме ние како партија и што ги имавме ние како поединци, можам да кажам дека многу не се разливкува од ова, од она или како поединец. Затоа ние сите ветивме да направиме нешто, кој повеќе кој помалку, некој беше умерен, некој беше не умерен. Но ние ветивме, има еден колега пратеник што вети во изборната кампања дека килограм тутун ќе биде 8-9 марки. Јас нудев 4 до 5 и ме правеа дека лажам. Мислам дека тоа не е да се покажеме кој бил умерен, кој бил не умерен итн. но ако одкупната реколта почне од утре, овој Парламент секој пратеник мора да знае колку килограми се произведени, колку ќе се откупат, колкави се трошоците и што значи за државата девизен прилив и нето девизен прилив. Тоа значи вонредна седница треба да има, ако треба и Парламентот да заседава, дваесет милиони марки да се издвојата за тутунопроизводството, една марка по килограм да се стимулира тутунопроизводството. Дури тогаш нашето политичко натпреварување, нашата политичка акција ќе има смисла.

Понатаму имам умерен однос кон експозето затоа што преку експозе не се решаваат сите работи.

Понатаму стимулации на стопанството. Господа пратеници ние повеќе години се залагаме за стимулации,

но не стимулации на она нездраво стопанство, туку стимулации на здраво стопанство, стопанствот кое може да опстане. Затоа, овде треба да разликуваме што е здраво, а што е нездраво стопанство. Затоа барам од новата Влада на РМ да има поголем интензитет, што повеќе да се потенцира тоа во нивната оперативна, извршна работа, преку седници, а пред се јас мислам преку ресорните министерства.

Јас би сакал да кажам нешто и за она што го има како желба новата Влада, 8% производството да се зголеми. Тоа е добра работа, амбициозно се настапува 10% извозот итн.

Јас би сакал ресорните министерства, за стопанство, за финансии за развој, мора да се има одраз кога велиме за 8% физичко производство или 5 или 10 па да биде и помалку, колку има финансиски ефект на домашниот пазар на финансиската конструкција домашна на државата и надвор. Ние можеме и 20% да го зголемиме производството, но финансискиот ефект да биде 5 - 1 0 или незнатен. Затоа мислам дека ресирните министврства во Владата на РМ мора тоа да го имаат предви.

Што се однесува до развојот на менаџерството на бизнисот, јас би сакал новата Влада да има поголем осет кој се оние субјекти, бизнисмени институции, фирми, големи , средни и мали што носат многу поголем профит на Република Македонија. Нека бидат тоа 1, 2, 5 или 10 на двете раце да се избројат, посебно оние кои прават преку Република Македонија меѓународен бизнис. Тоа е најголемата добивка за економијата на државата. Не е само економија да создадеш 50 милиона приход, 50 милиони долари расход и мислиме дека постои успешност. Има способни субјекти во Република Македонија и надвор кои се занимаваат со меѓународен бизниос. Купат од соседот продадат на соседот, поминат преку Комерциојална банка, преку Стопанска банка или било која банка и остварат 5, 10, 15 и 20%. Тоа е правиот бизнис што Македонија може да ја води напред.

Што се однесува до вработувањето, во експозето рече идниот премиер господинот Георгиевски дека 2002 година ќе имаме 120.000 вработувања плус. Јас би сакал тие вработувања и верувам дека ќе бидат реалност, сите ние овде ќе се залагаме, но да бидат динамично распоредени, што значат првите 100 дена, ако не можат зошто, првите шест месеци, 12-те месеци у втората година, третата и четвртата година.

Јас од овде ќе кажам без разлика кој ќе биде премиер, Влада на Република Македонија, министер за развој или за било што, ние можеме, еве јас така планирам во нашата деејност да вработиме нови 200 луѓе. Што би значело ако веќе имаме извор на средства да добиеме некоја инекција, уште милион дали марки или долари да вработиме уште илјада, тоа значи милион долари, илјада нови вработувања. Сто милиона долара, сто илјади нови вработувања. Дали може да се стави на таков испит овој Парламент оваа извршна власт и секој менаџер да даде придонес за надминвуање на неповолната, велиме, неповолната состојба, или континуитетот, каков такво, за мене е добар, да продолжи со уште побрз чекор. Затоа, да го постигне ова Владата на РМ што оваа

вечер ќе се избере, почитувани колеги пратеници треба премиерот, Владата на Република Македонија и секој полтички лидер да копа како рудар секој грам на креативност, знаење умешност од секој граѓанин без разлика на неговата партиска, национална и верска припадност. Ако тоа го совлада било која Влада и сегашната што оваа вечер ќе се изгласа, јас верувам ќе има поголем успех отколку што може да се очекува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Републиката, господине претседателе на Собранието, дами и господа пратеници, почитувани гости.

Ќе се согласите дека вреди да се потроши еден ден расправа за четири години владеење. Така да верувам дека се она што го разговараме денес на оваа седница кога ја бираме Владата не е изгубено време. Се разбира дека не се доведува во прашање изборот на новата Влада, јас сум убеден во тоа бидејќи смислата на коалицијата и она што после изборите следеше е токму тоа, На се обезбеди стабилна Влада. Моето јавување за збор не е во функција на тоа некого да поколебам, бидејќи за тоа нема шанса да гласа за оваа Влада, туку едноставно да изнесам некои свои размислувања по повод експозето на мантатарот, односно

идниот претседател на Владата. Пред тоа да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе го почитува непишаното право, Владата да се остави мирно да ја спроведува својата програма во првите сто дена од своето владеење. Токму заради тоа мислам дека беше обврска повеќе за идниот претседател на Владата да ни каже што ќе прави за првите сто дена. Ние овде слушнавме експозе за четирите години, долгорочни проекции за тоа како Владата ќе ја спроведува својата програма и политиката во сите сфери. Меѓутоа нешто што е најзначајно за што мислам, по моето длабоко уверување, оваа коалиција за промени и ја доби огромната поддршка на граѓаните токму беше заради ветувањата за првите сто дена на новата Влада. И ние навистина очекуваме, јас лично очекував овде да видам како ќе успее тоа, тоа Владата за првите сто дена да ги зголеми пензиите и платите, редовно да ги исплаќа платите, дури и заостанатите плати, едновреме да ги намали даноците придонесите и царините и во истиот период да создаде услови за вработување на 10.000 илјади луѓе социјално најзагрозени. И други некој прашања кои што, се разбира во 12 точки од првите сто дена на Владата беа поместени како обврска. За тоа не слушнавме од експозето на идниот претседател на Владата на РМ.

Меѓутоа многу ме радува фактот што во експозето мандатарот беше многу дециден дека Македонија е демократска и социјална држава значи јавно признав дека не дојде слободата и демократијата во Македонија со доаѓањето на власт на коалицијата за промени, а такви изјави имаше веднаш по обзнанувањето на победата на коалицијата за промени. И тоа е многу добро бидејќи навистина тоа е историска реалност македонската држава и некои цивилизациски вредности како што се слободата, демократијата, правната држава, човековите права и слободи итн. имаат многу подлабоки корени на оваа почва и не започнува со доаѓањето на новата коалиција за промени, сега зајакнат со демократската партија на албанците, на власт. Тоа е секако за почит.

Неколку пати во своето експозе се повика на Уставот на Република Македонија што исто така е многу добро, некои овде го нарекоа еволуција. Меѓутоа за вредностите од национален и државен карактер никогаш не е доцна човек и да се пишмани. Според тоа она за што се залагаше СДСМ уште во настанувањето на плуралниот живот во РМ и материјализацијата на неговата политика преку новиот Уетав на РМ сега го осознава и идниот претседател на Владата на РМ кој што целиот период, се разбира и ВМРО-ДПМНЕ во првиот состав многу жестоко го бранеа концептот на националниот устав, додека СДСМ токму заради таквиот цивилен Устав и опцијата на македонското општество низ таа призма и подоцна коалицијата на СДСМ со ПДП ја користеја како повод да го напаѓаат СДСМ за предавство на националните интереси на РМ, а сега доаѓаат до сознание дека тоа се вредности со многу долгорочен интерес. Исто така, тоа е за поздравување, па нека е тоа и еволуција.

Мислев да кажам некои работи многу повеќе, меѓутоа еве во интерес на времето, бидејќи и пред тоа некои дискутанти говореа за некои работи во експозето каде и јас би сакал тоа, еве нека биде обврска за новиот премиер на Владата тоа да го имплементира во прописите, во законите што ќе ги предложи Владата на ова Собрание и побрзо да тргне Република Македонија во сопствениот развој.

Меѓутоа не можам да одбегнам од впечатокот дека за некои работи за кои многу децидно се залагаа во предизборната кампања, денес исто така во експозето можевме на посреден начин да слушнеме дека работите баш не стојат така. Имено имаме целосен континуитет во надворешната политика на Република Македонија. Се разбира, како и во други сфери само кажуваа дека многу подобро ќе го прави тоа новата Влада отколку што го правеше претходната Влада. Значи немаме драматичен дисконтинуитет, туку напротив имаме "континуитет.

Во сферата на меѓунационалните односи беше кажано овде дека овде тие се предуслов стабилни меѓунационални односи со гаранција за внатрешна стабилност на Република Македонија, она што СДСМ го говореше 1990 година и не случајно подоцна беше вклучена во Владата и ПДП. Значи и тука навистина немаме дисконтинуитет. Напротив имаме континуитет, на доградување на тезата како предуслов за внатрешна стабилност на РМ е стабилноста во сферата на меѓуетничките односи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Значи нема ништо од она што беше ветено дека се што било во оваа држава нема да постои понатаму. И дека со многу луѓе, се разбира и со божја

помош, да го парафразирам, ќе дојде можеби и до промени. Па да причекаме. Според тоа никој не може да вети преку ноќ благосостојба во Република Македонија, што буквално произлезе од експозето на новиот премиер во Владата на Република Македонија, бидејќи во неговото експозе слушнавме проекции за четирите години. Значи не важи она, до колку не ги донесеме милијардата долари во Република Македонија за две години, до колку не обезбедиме во Македонија за две години благосостојба, ќе си поднесеме оставка. Според тоа, се спуштивме на многу реален терен и мислам дека е тоа сепак придобивка на парламентарната демократија и се надевам дека барем дел од тие ветувања, независно дали се опфатени во експозето или не, идната Влада ќе успее да ги реализира.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе на државата, почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги. Спомнав сега на крај, тешко да се најде нешто да се каже, од она се што беше кажано во уводното излагање, односно во програмата на премиерот на новата Влада и во исцрпната дискусија на сите пратеници, доста голем број беше вклучен. Но одлучив јас да кажам неколку збора во врска со програмата, бидејќи денеска имаме на дневен ред избор на нова Влада која Влада поднесува програма за нејзината четиригодишна работа.

Веднаш да кажам дека сметам дека новиот и млад премиер, имаме втор и млад премиер, откога се осамостои Македонија, тогаш имавме релативно млад премиер и сите му честитавме, дека таков човек ќе го земе кормилото на државата да ја води и дека Владата е орган кој според Уставот е одговорна за сите области во Македонија, така да не беше лесно и тогаш, а тврдам и денеска не е лесно да го води кормилото на Владата еден млад човек, но со екипата кој што тој ја избрал и со поддршката што ја има од народот, бидејќи тој ја доби поддршката од народот, тој денеска формира Влада во соработка со коалиционите партнери, а и ние како конструктивна опозиција верувам дека ќе придонесеме кон успешно остварување на оваа програма, уште повеќе, имајќи предвид за составот на овој Парламент и мислам дека и кога беа изборите и кога се избравме еден по еден, јас мислам дека влегуваат во Парламентот квалитетни луѓе и дека ќе можеме да ги решиме или воглавно да ги ублажиме некои проблеми, доколку не можеме целосно да ги решиме. Затоа, во тој дух ја поздравувам Владата и премиерот што се зафати за една ваква тешка обврска, во тешко време, и покрај тоа што не е она што беше порано, бидејќи веќе се создадени темелите на државата и на политички, и на економски и на социјален и на меѓунационален план. Затоа сега преостанува оваа Влада да продолжи во рамките на она што таа цени да го прифати како позитивно решение, или да отвори нова страница за решавање на некои стручни проблеми, кои денеска во Македонија се присутни, а денес две прашања во Македонија се клучни, кои што беа тука изнесени.

Прво, се стопанските проблеми во државата и второ се меѓунационалните односи, односно меѓуетничките односи. Ако успееме овие два проблема да ги усогласиме, мислам дека Македонија ќе има идеална перспектива да може да биде стабилна мала држава, бидејќи ние сме два милиона народ, тоа е едно мало во поголемите градови и доколку се договориме да живееме во слога, мислам дека побрзо ќе ги решаваме проблемите во областа на стопанството, кои се многу тешки во ова време и затоа мислам дека во програмата на премиерот, беа волгавно исфрлени сите проблеми и прашања со кои се судруваме. Јас лично очекувам во конкретна разработка, односно излезни решенија што се нудат како да излеземе од овие проблеми што ги имаме денеска во Македонија, но веројатно, Владата при операционализација на својата програма, при предлагање на законски решенија и други прописи, веројатно ќе создаде мерки за надминување на овие сложени проблеми со кои денеска се судруваме и кои ги очекуваме. Коалицијата за промени кажа, последните избори ги доби на промените, посебно дека ќе се подобри животниот стандард во областа на стопанството, дека ќе почнат квалитативните трендови, кои ги имаме на некој начин, не можеме да кажеме дека досега ги немавме, но тие позитивни трендови веќе се гледаат во Република Македонија и таков еден предлог дека ќе одиме со 8, 10% стапки на пораст, мислам дека е реално доколку сите се ангажираме, само конструктивно, дека сега некој друг ја води Владата, досега беа други партии на власт, но сите треба да се ангажира-ме, ако им е целта на оваа држава и на овој народ, таа програма да се реализира и да продолжиме таму каде можеме подобри решенија да предложиме, да ги критикуваме некои решенија што нема да бидат добри по наша оценка, но

не значи дека ние треба да гледаме дека е се црно, бидејќи дојде на власт една партија ВМРО, која беше партија на десната страна и некоја коалиција со ДПА, дали е тоа природна или неприродна, некој кажа и тоа сакам да го потенцирам, дека не би требало ние да роварим на тие коалиции, ние треба да го бараме нашиот дел што ни следува во оваа држава, без оглед која партија ќе формира Влада. Ние не бараме ништо повеќе од она што нам ни следува. Било со Социјалдемократскиот сојуз кога бевме заедно, било сега со ВМРО, било со Демократската алтернатива итн. Јас мислам дека ние не треба да се венчаме, извинете на изразот, со некој свет брак. Кога ние го гледаме нашиот интерес таму каде што го гледаме нашиот интерес. Во оваа смисла ние не би требало да бидеме слепи на некои решенија кои денеска ги предлага оваа коалиција. Во обласа на стопанството мислам дека новата Влада ја очекуваат тешки проблеми ќе мора да се судрува со огромен број на невработени, она што кажав 300 илјади, голем број на технолошки вишок, голем број на население кое живее од социјална помош, но да се надеваме, јас очекувам од новата Влада дека ќе продолжат да ги решаваат, или да ги ублажат, бидејќи свесни сме дека не ќе можат да ги решаваат овие проблеми за 100 дена *со* кои Македонија денеска се судрува, но со поддршка на сите и од внатре и од надвор, верувам дека можеме да ги ублажиме тие состојби на стопанството. Тука така го гледам проблемот на вработувањето, а посебно кога сме тука и проблемите од меѓунационален карактер, бидејќи голем дел на населението од албанска популација во Македонија не се вработени и секој ден со заострување на односите со другите држави економски се врши притисок во Македонија да се најде решение и за вработување и на албанската популација и на другите граѓани кои живеат во Република Македонија. Мислам дека оваа програма што ја предложи и што ја имавме денеска кажав дека ги опфаќа скоро сите прашања, малку треба операционализација на тие прашања да се обави и да се изготвуваат тие решенија што се нудат како позитивни решенија.

Вториот проблем кој ден беше доста експлоатиран меѓуетничките односи и свесни сме досега секаде, барем во Парламен-тот и надвор од Парламентот било клучно прашање и немојте да се замериме, бидејќи и денеска многу место зазеде проблемот на меѓунационалните односи во Македонија, со оглед дека тие проблеми се присутни. Да не беа присутни, веројатно немаше да распраavame за тие проблеми. Дајте господа пратеници да се ангажираме тие проблеми на меѓунационален план, посебно односите на два големи колективитета на македонскиот народ и на албанскиот народ да се договориме да почнеме да ги решаваме тие неколку прашања кои се клучни. И тогаш ќе ни остане повеќе време да ги решаваме и стопанските проблеми во државата, а тоа беше изнесено и од моите колеги од ПДП, тоа се проблеми околу рамноправноста на јазикот, проблемите со вработувањето и процентуалната застапеност на албанците во сите органи и организации и во стопансхвото и во државната управа, проблемите со политичките затвореници. Дајте Македонија да биде веќе да нема политички затвореници, проблемот на тетовскиот универзитет, што некој го вика таканаречен. Тој постои. Еве сега излегуваат студенти, мислам дека тој проблем е жив и треба да го решиме. Колку ние избегнуваме да го решаваме тој проблем, мислам дека постапуваме лошо за вкупните односи во државата Македонија. На крајот јас им честитам на новата Влада, на новите министри и им пожелувам успех, даj боже да почнат да ги остваруваат овие проблеми, овие прашања кои не притискаат и кои се присутни а и во наредниот период ќе бидат присутни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам сите пратеници да присуствуваат. Ќе поминеме на избор на Владата на Република Македонија.

Собранието ја избира Владата со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање. Гласањето за избор на Влада се врши по предложениот состав на Владата во целина. Според тоа, предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Ве молам, кој е за предложениот состав на Владата, да крене рака? (76).

Кој е против предложениот состав, да крене рака? (31). Кој се воздржува од гласање? (1).

Според тоа, констатирам дека Собранието избра Влада на Република Македонија.

Прво, за претседател на

Владата на Република Македонија е избран Љубчо Георгиевски. (Аплауз) .

За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани: академик Никола Кљусев, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана.

Павле Трајанов, кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи.

Проф.д-р Владо Камбовски, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда.

Александар Димитров, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи.

М-р Борис Стојменов, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии.

Жанко Чадо, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство.

Д-р Мирјана Даневска, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој.

Душко Кадиевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина.

Боби Спирковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски.

Д-р Владимир Џемирски, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Бедредин Ибрахими, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Проф. д-р Ненад Новковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и визичка култура.

М-р Мери Ерушани, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука.

Проф. д-р Димитар Димитров, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура.

Проф. д-р Стојан Богданов, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

За министри без ресор се избрани: Доста Димовска, проф. д-р Горѓи Боев, Никола Гуревски, м-р Мартин Треневски, м-р Ѓорѓи Наумов, проф. д-р Радмила Кипријанова-Радовановиќ, Тони Поповски, Аднан Ќахил, м-р Џевдет Насуфи, Реџеп Златку и Ернад Фејзулаху.

Го молам претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

Ве молам да ги поделите изјавите и да станеме да дадеме свечена изјава. Ке ве молам, јас ќе ја говорам свечената изјава, а вие ќе повторувате по мене. Инаку текстот на свечената изјава гласи: "Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам за Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Го молам претседателот на Владата и министрите да го потпишат тексто на свечената изјава.

Дозволете ми од името на сите пратеници да им го честитам изборот на претседателот на Владата Љубчо Георгиевски и на министрите и да им посакам успешна работа во извршување на задачите кои ги очекуваат во наредниот период, како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

Истовремено, дозволете ми да им заблагодарам на досегашниот претседател на Владата и на досегашните министри за нивните залагања и да им посакам успех во нивната понатамошна активност.

Почитувани пратеници, пред да го затворам дневниот ред, јас сакам само да ја отворам Третата седница на Собранието со еден мал текст, бидејќи на одреден број пратеници во овој момент ќе им престане пратеничкиот имунитет, според тоа не можат да бидат членови. Затоа за да може Државната изборна комисија да заседава и до утре да ни даде извештај ќе ја отворам и Третата седница.

Бидејќи е исцрпен дневниот ред, ја заклучувам Втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 19,10 часот).